# Собрание на Република Македонија

# ИЗВЕШТАЈ
## за работата на седмиот пратенички состав на Собранието на Република Македонија 25.06.2011 - 05.03.2014

# 1. ВОВЕД

*Почитувани,*

*Пратениците на Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 5 март 2014 година донесоа одлука за распуштање на Собранието со што формално заврши седмиот мандатен период. Следејќи ја досегашната практика и определба на целосна транспарентност на законодавниот дом пред вас е Извештајот за работата на Собранието за седмиот мандатен период. Како и досега, при неговата изработка користена е стандардната методологија.*

*Тоа што посебно сакам да го истакнам е фактот дека во овој мандатен период во законодавниот дом заокружени се значајни системски реформи и донесени се многу закони кои се дел од нашата стратешка определба за членство во ЕУ и НАТО. Токму затоа, во овој мандатен период Република Македонија секоја година добиваше препорака за започнување на преговорите со Европската унија од страна на Европската комисија. Притоа, во сите овие извештаи на Европската комисија, Собранието на Република Македонија секогаш добивало високи оцени за својата работа и активност. Верувам дека сето ова се должи на работата и ангажманот на сите пратеници од седмиот парламентарен состав. Во суштина, со нашиот ангажман дадовме голем придонес во имплементација на европските стандарди во нашиот правен систем што е пред се во корист на нашите граѓани, стопански субјекти и придонесува за многу поефикасно функционирање на државните институции.*

*Исто така, во овој мандатен период продолживме да ја јакнеме надзорната улога на Собранието врз извршната власт преку одржување на надзорни расправи. Кон крајот на овој мандатен период го заокруживме и процесот на формирање на Парламентарниот институт и обука на вработените, што секако, заедно со другите сектори од Службата на Собранието, во иднина ќе го подигне капацитетот на собраниската администрација, а со тоа и квалитетот на целокупниот законодавен процес.*

*Почитувани,*

*Во овој мандатен период Собранието на Република Македонија имаше интензивна и пред се, многу успешна меѓународна активност на сите нивоа. Резултат на оваа парламентарна дипломатија е фактот дека Република Македонија редовно добива*

*експлицитна поддршка за нашите евроатлантски интеграции од страна на националните парламенти на скоро сите држави во Европската унија, како и од европскиот парламент и Парламентарното собрание на Советот на Европа. Тука секако треба да се истакне и поддршката која Република Македониј ја добива од Конгресот на САД. Исто така, би сакал да ја истакнам и успешно организираната 10. Конференција на претседатели на парламенти на ПСЈИЕ која на некој начин е историска, бидејќи на неа беше направен значаен напредок и беа донесени финални документи на Конференцијата кои значат чекор напред кон формирање на парламентарно собрание на ПСЈИЕ.*

*Овие три години интензивно се работеше на реконструирањето, надградбата, доградбата и зајакнувањето на зградата на Собранието на Република Македонија и ова го сметам за еден од поважните проекти, бидејќи овој проект ќе остави печат и за идните генерации. Ќе добиеме нови 4.000 метри квадратни корисна површина, шест нови сали за работа на комисиите и заедно со постојните што ги имаме Собранието ќе има околу 12 сали за работните тела. Уште еднаш би сакал да им се заблагодарам на вработените во службата на Собранието на Република Македонија и на пратениците од седмиот и од претходниот парламентарен состав што покажаа разбирање за градежните зафати во Собранието, бидејќи и покрај работата на целиот објектот Собранието редовно функционираше. Исто така, во овој период интензивно се работеше и на целосна дигитализација на архивата на Собранието на Република Македонија од осамостојувањето на нашата држава па се´до денес.*

*Почитувани,*

*Оваа публикација препорачувам да не биде сфатена само како збир на статистички податоци и информации. Посебно ја препорачувам на пратениците од идниот мандатен состав, а убеден сум дека и сите оние кои ги интересира парламентарното работење кај нас, а посебно на оние кои се занимаваат или сакаат да се занимаваат со научно и теоретско истражување на парламентаризмот оваа наша публикација може многу да им користи.*

***Претседател***
***на Собранието на***
***Република Македонија***

***Трајко Вељаноски***

## СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| **1. Вовед** | **2** |
| **2. Пратенички состав** | **5** |
| 2.1. Изборни резултати | 6 |
| 2.2. Пратеници | 10 |
| 2.2.1. Промени во пратенички состав | 23 |
| 2.3. Промени во структура на пратеници | 24 |
| 2.3.1. Етничка структура на пратеници по пратенички групи | 24 |
| 2.3.2. Полова структура на пратеници по пратенички групи | 24 |
| 2.3.3. Старосна структура на пратеници по пратенички групи | 24 |
| 2.3.4. Образовна структура на пратеници по пратенички групи | 24 |
| **3. Пленарни седници** | **25** |
| 3.1. Седници | 26 |
| 3.1.1. Работни седници | 28 |
| 3.1.2. Седници на пратенички прашања | 29 |
| 3.1.3. Други седници | 30 |
| 3.2 Закони | 31 |
| 3.2.1 Закони според постапка на донесувањето | 36 |
| 3.2.2 Закони според предлагачи | 37 |
| 3.2.3 Недонесени, неприфатливи и повлечени закони | 38 |
| 3.3. Одлуки | 39 |
| 3.4. Други акти | 40 |
| 3.5. Амандмани | 41 |
| 3.6. Пратенички прашања | 43 |
| **4. Работни тела** | **45** |
| 4.1. Состав на работните тела | 46 |
| 4.2. Нагласена улога на работните тела во постапката за донесување на законите | 47 |
| 4.3. Зајакната контролна функција на работните тела | 48 |
| **5.Совети** | **51** |
| 5.1. Национален совет за евроинтеграции | 52 |
| 5.2. Буџетски совет | 82 |
| 5.3. Совет на Собраниски канал | 87 |
| **6. Претседател и потпретседатели** | **89** |
| 6.1. Претседател | 90 |
| 6.2. Потпретседатели | 111 |
| **7. Меѓународна соработка** | **127** |
| 7.1. Мултилатерална соработка | 128 |
| 7.2. Билатерална соработка | 135 |
| **8. Буџет и инвестиции** | **136** |
| 8.1. Буџет | 137 |
| 8.2. Инвестиции | 141 |
| **9. Клуб на жени пратеници** | **142** |
| **10. Јавност во работата** | **150** |
| 10.1. Собраниски ТВ канал | 151 |
| 10.2. Електронска комуникација | 153 |
| 10.3. Средства за јавно информирање | 159 |
| **11. Служба** | **161** |
| 11.1. Внатрешна организација | 162 |
| 11.2. Одделение за човекови ресурси | 166 |
| 11.3. Одделение за внатрешна ревизија | 175 |
| 11.4. Парламентарен институт | 181 |
| **12. Прилози** | **185** |
| Прилог 1 Одржани седници | 186 |
| Прилог 2 Донесени акти | 193 |
| Прилог 3 Недонесени и повлечени акти | 253 |
| Прилог 4 Меѓународни активности | 261 |

# 2. ПРАТЕНИЧКИ СОСТАВ

# 2.1. ИЗБОРНИ РЕЗУЛТАТИ

Седмите предвремени парламентарни избори во Република Македонија се одржаа на 5 јуни 2011 година по самораспуштањето на шестиот парламентарен состав на 14 април 2011 година. Гласањето се одвиваше во девет изборни единици по пропорционалниот модел.

Во деветте изборни единици, односно на **3.012** избирачки места, од вкупно евидентираните **1.821 122** избирачи во Република Македонија своето гласачко право го остварија **1.156.049** избирачи односно **63,48%.**

На **83** кандидатски листи, предложени се и утврдени **1.660** кандидати за избор на пратеници од **16** политички партии и **две** коалиции.

**Изборна единица број 1**

Во првата изборна единица се утврдени **16** листи на кандидати за пратеници и тоа **16** самостојни листи на политички партии, **2** листи на коалиции со вкупно **320** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **302.864** избирачи во избирачкиот список на **429** избирачки места гласале **204.035** избирачи односно **67,37%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО - Демократска Партија за Македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократски сојуз, Демократска обнова на Македонија, Демократска партија на Трците на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Обединета партија за еманципација, Партија на правдата, Странка на демократска акција на Македонија – СДА, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Бошњачка демократска партија – БДП, Демократски сили на Ромите – ДСР, Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, Нова либерална партија, Народно движење за Македонија, ВМРО - ДП (ВМРО - Демократска партија), ВМРО – обединета - ВМРО – ОБ, Татковинска македонска организација за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин – ТМОРО – ВЕП, Македонска алијанса и ВМРО Македонска" освои **9** пратенички места, Коалицијата "Социјалдемократски сојуз на Македонија, Нова социјалдемократска партија, Партија за европска иднина, Либерална партија на Македонија, Движење на национално единство на Турците во Македонија, Српска напредна странка во Македонија, Партија за целосна еманципација на Ромите, Нова алтернатива, Сојуз на Титови леви сили, Партија за движење на Турците во Македонија, Демократски сојуз на Србите во Македонија, Демократски сојуз на Власите во Македонија, Партија на слободни демократи, Партија на пензионерите на РМ и Санџачка лига" **8** пратенички места, Демократската Партија на Албанците - **1** и Демократска унија за интеграција - **2** пратенички места.

**Изборна единица број 2**

Во втората изборна единица се утврдени **16** листи на кандидати за пратеници и **2** листи на коалиции со вкупно **320** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **312.720** избирачи во избирачкиот список на **381** избирачки места гласале **187 636** избирачи односно **60,00%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО - Демократска Партија за Македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократски сојуз, Демократска обнова на Македонија, Демократска партија на Трците на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Обединета партија за еманципација, Партија на правдата, Странка на демократска акција на Македонија – СДА, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Бошњачка демократска партија – БДП, Демократски сили на Ромите – ДСР, Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, Нова либерална партија, Народно движење за Македонија, ВМРО - ДП (ВМРО - Демократска партија), ВМРО – обединета - ВМРО – ОБ, Татковинска македонска организација за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин – ТМОРО – ВЕП, Македонска алијанса и ВМРО Македонска" освои **9** пратенички места, Коалицијата "Социјалдемократски сојуз на Македонија, Нова социјалдемократска партија, Партија за европска иднина, Либерална партија на Македонија, Движење на национално единство на Турците во Македонија, Српска напредна странка во Македонија, Партија за целосна еманципација на Ромите, Нова алтернатива, Сојуз на Титови леви сили, Партија за движење на Турците во Македонија, Демократски сојуз на Србите во Македонија, Демократски сојуз на Власите во Македонија, Партија на слободни демократи, Партија на пензионерите на РМ и Санџачка лига" - **7** пратенички места, Демократската Партија на Албанците - **1** и Демократска унија за интеграција - **3** пратенички места.

**Изборна единица број 3**

Во третата изборна единица се утврдени **12** листи на кандидати за пратеници и тоа **10** самостојни листи на политички партии и **2** листи на коалиции со вкупно **240** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **291.140** избирачи во избирачкиот список на **625** избирачки места гласале **209 003** избирачи односно **71,79%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО - Демократска Партија за Македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократски сојуз, Демократска обнова на Македонија, Демократска партија на Трците на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Обединета партија за еманципација, Партија на правдата, Странка на демократска акција на Македонија – СДА, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Бошњачка демократска партија – БДП, Демократски сили на Ромите – ДСР, Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, Нова либерална партија, Народно движење за Македонија, ВМРО - ДП (ВМРО - Демократска партија), ВМРО – обединета - ВМРО – ОБ, Татковинска македонска организација за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин – ТМОРО – ВЕП, Македонска алијанса и ВМРО Македонска" освои **12** пратенички места и Коалицијата "Социјалдемократски сојуз на Македонија, Нова социјалдемократска партија, Партија за европска иднина, Либерална партија на Македонија, Движење на национално единство на Турците во Македонија, Српска напредна странка во Македонија, Партија за целосна еманципација на Ромите, Нова алтернатива, Сојуз на Титови леви сили, Партија за движење на Турците во Македонија, Демократски сојуз на Србите во Македонија, Демократски сојуз на Власите во Македонија, Партија на слободни демократи, Партија на пензионерите на РМ и Санџачка лига" **8** пратенички места.

**Изборна единица број 4**

Во четвртата изборна единица се утврдени **10** листи на кандидати, **2** листи на коалиции со вкупно **200** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **292.596** избирачи во избирачкиот список на **558** избирачки места гласале **212.233** избирачи односно **72,53%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО - Демократска Партија за Македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократски сојуз, Демократска обнова на Македонија, Демократска партија на Трците на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Обединета партија за еманципација, Партија на правдата, Странка на демократска акција на Македонија – СДА, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Бошњачка демократска партија – БДП, Демократски сили на Ромите – ДСР, Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, Нова либерална партија, Народно движење за Македонија, ВМРО - ДП (ВМРО - Демократска партија), ВМРО – обединета - ВМРО – ОБ, Татковинска македонска организација за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин – ТМОРО – ВЕП, Македонска алијанса и ВМРО Македонска" освои **11** пратенички места и Коалицијата "Социјалдемократски сојуз на Македонија, Нова социјалдемократска партија, Партија за европска иднина, Либерална партија на Македонија, Движење на национално единство на Турците во Македонија, Српска напредна странка во Македонија, Партија за целосна еманципација на Ромите, Нова алтернатива, Сојуз на Титови леви сили, Партија за движење на Турците во Македонија, Демократски сојуз на Србите во Македонија, Демократски сојуз на Власите во Македонија, Партија на слободни демократи, Партија на пензионерите на РМ и Санџачка лига" **9** пратенички места.

**Изборна единица број 5**

Во петата изборна единица се утврдени **14** листи на кандидати за пратеници и и **2** листи на коалиции со вкупно **280** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **303.686** избирачи во избирачкиот список на **569** избирачки места гласале **186 015** избирачи односно **61,25%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО - Демократска Партија за Македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократски сојуз, Демократска обнова на Македонија, Демократска партија на Трците на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Обединета партија за еманципација, Партија на правдата, Странка на демократска акција на Македонија – СДА, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Бошњачка демократска партија – БДП, Демократски сили на Ромите – ДСР, Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, Нова либерална партија, Народно движење за Македонија, ВМРО - ДП (ВМРО - Демократска партија), ВМРО – обединета - ВМРО – ОБ, Татковинска македонска организација за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин – ТМОРО – ВЕП, Македонска алијанса и ВМРО Македонска" освои **9** пратенички места, Коалицијата "Социјалдемократски сојуз на Македонија, Нова социјалдемократска партија, Партија за европска иднина, Либерална партија на Македонија, Движење на национално единство на Турците во Македонија, Српска напредна странка во Македонија, Партија за целосна еманципација на Ромите, Нова алтернатива, Сојуз на Титови леви сили, Партија за движење на Турците во Македонија, Демократски сојуз на Србите во Македонија, Демократски сојуз на Власите во Македонија, Партија на слободни демократи, Партија на пензионерите на РМ и Санџачка лига" **8** пратенички места, Демократската Партија на Албанците - **1**, Демократска унија за интеграција - **2**.

**Изборна единица број 6**

Во шестата изборна единица се утврдени **15** листи на кандидати за пратеници и тоа **13** самостојни листи на политички партии и **2** листи на коалиции со вкупно **300** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **318.116** избирачи во избирачкиот список на **414** избирачки места гласале **157.127** избирачи односно **49,39%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО - Демократска Партија за Македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократски сојуз, Демократска обнова на

Македонија, Демократска партија на Трците на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Обединета партија за еманципација, Партија на правдата, Странка на демократска акција на Македонија – СДА, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Бошњачка демократска партија – БДП, Демократски сили на Ромите – ДСР, Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, Нова либерална партија, Народно движење за Македонија, ВМРО - ДП (ВМРО - Демократска партија), ВМРО – обединета - ВМРО – ОБ, Татковинска македонска организација за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин – ТМОРО – ВЕП, Македонска алијанса и ВМРО Македонска" освои **3** пратенички места, Коалицијата "Социјалдемократски сојуз на Македонија, Нова социјалдемократска партија, Партија за европска иднина, Либерална партија на Македонија, Движење на национално единство на Турците во Македонија, Српска напредна странка во Македонија, Партија за целосна еманципација на Ромите, Нова алтернатива, Сојуз на Титови леви сили, Партија за движење на Турците во Македонија, Демократски сојуз на Србите во Македонија, Демократски сојуз на Власите во Македонија, Партија на слободни демократи, Партија на пензионерите на РМ и Санџачка лига" **2** пратенички места, Демократската Партија на Албанците - **5,** НДП - **2** и Демократска унија за интеграција - **8** пратенички места.

**Изборна единица број 7**

Во Седмата изборна единица се утврдени **8** листи на кандидати за пратеници и тоа **6** самостојни листи на политички партии и **2** листи на коалиции со вкупно **160** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **4.591** избирачи во избирачкиот список на **28** избирачки места гласале **2.494** избирачи односно 5**4,32%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО - Демократска Партија за Македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократски сојуз, Демократска обнова на Македонија, Демократска партија на Трците на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Обединета партија за еманципација, Партија на правдата, Странка на демократска акција на Македонија – СДА, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Бошњачка демократска партија – БДП, Демократски сили на Ромите – ДСР, Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, Нова либерална партија, Народно движење за Македонија, ВМРО - ДП (ВМРО - Демократска партија), ВМРО – обединета - ВМРО – ОБ, Татковинска македонска организација за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин – ТМОРО – ВЕП, Македонска алијанса и ВМРО Македонска" освои **1** пратеничко место.

**Изборна единица број 8**

Во Осмата изборна единица се утврдени **7** листи на кандидати за пратеници и тоа **5** самостојни листи на политички партии и **2** листи на коалиции со вкупно **140** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **1.824** избирачи во избирачкиот список на **5** избирачки места гласале **994** избирачи односно **54,50%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО - Демократска Партија за Македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократски сојуз, Демократска обнова на Македонија, Демократска партија на Трците на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Обединета партија за еманципација, Партија на правдата, Странка на демократска акција на Македонија – СДА, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Бошњачка демократска партија – БДП, Демократски сили на Ромите – ДСР, Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, Нова либерална партија, Народно движење за Македонија, ВМРО - ДП (ВМРО - Демократска партија), ВМРО – обединета - ВМРО – ОБ, Татковинска македонска организација за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин – ТМОРО – ВЕП, Македонска алијанса и ВМРО Македонска" освои **1** пратеничко место.

**Изборна единица број 9**

Во Деветата изборна единица се утврдени 4 листи на кандидати за пратеници и тоа **2** самостојни листи на политички партии и **2** листи на коалиции со вкупно **80** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **798** избирачи во избирачкиот список на **3** избирачки места гласале **600** избирачи односно 7**5,19%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО - Демократска Партија за Македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократски сојуз, Демократска обнова на Македонија, Демократска партија на Трците на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Обединета партија за еманципација, Партија на правдата, Странка на демократска акција на Македонија – СДА, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Бошњачка демократска партија – БДП, Демократски сили на Ромите – ДСР, Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, Нова либерална партија, Народно движење за Македонија, ВМРО - ДП (ВМРО - Демократска партија), ВМРО – обединета - ВМРО – ОБ, Татковинска македонска организација за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин – ТМОРО – ВЕП, Македонска алијанса и ВМРО Македонска" освои **1** пратеничко место.




| Реден број | Кандидатска листа | Број на добиени мандати во изборната единица број | | | | | | | | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | |
| 1. | КОАЛИЦИЈА ВМРО-ДПМНЕ | 9 | 9 | 12 | 11 | 9 | 3 | 1 | 1 | 1 | 56 |
| 2. | КОАЛИЦИЈА СДСМ | 8 | 7 | 8 | 9 | 8 | 2 | - | - | - | 42 |
| 3. | ДЕМОКРАТСКА УНИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА (ДУИ) | 2 | 3 | - | - | 2 | 8 | - | - | - | 15 |
| 4. | ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА АЛБАНЦИТЕ (ДПА) | 1 | 1 | - | - | 1 | 5 | - | - | - | 8 |
| 5. | НАЦИОНАЛНА ДЕМОКРАТСКА ПРЕРОДБА (НДП) | - | - | - | - | - | 2 | - | - | - | 2 |
| ВКУПНО: | | *20* | *20* | *20* | *20* | *20* | *20* | *1* | *1* | *1* | 123 |

## 2.2. ПРАТЕНИЦИ

***Првата конститутивна седница на Собранието на Република Македонија со новиот парламентарен состав, се одржа на 25 јуни 2011 година. На седницата, како најстар пратеник претседаваше Љубисав Иванов Ѕинго од Социјалистичката партија на Македонија.***

***За претседател на Собранието беше избран Трајко Вељаноски од ВМРО-ДПМНЕ, а на седницата на Собранието, одржана на 12 јули 2011 година за потпретседатели на Собранието на Република Македонија се избрани Светлана Јакимовска од ВМРО-ДПМНЕ, Сузана Салиу од Демократската унија за интеграција и Јани Макрадули од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија.***

| реден број | име и презиме | пратеничка група | промени |
|---|---|---|---|
| 1. | Авировиќ Владанка | СПМ | |
| 2. | Адеми Џеват | ДУИ | |
| 3. | Алиу Имер | ДПА | |
| 4. | Алији Газменд | ДПА | |
| 5. | Анастасова Станка | СДСМ | |
| 6. | Ангелов Голупчо | СДСМ | |
| 7. | Андонов Миле | СДСМ | |
| 8. | Апостолов Ванчо | ВМРО-ДПМНЕ | 10.04.2013 - избран за градоначалник, заменет со Дамески Панче |
| 9. | Ацевски Николче | НСДП | |
| 10. | Арифи Теута | ДУИ | 28.07.2011 - избрана за министер, заменета со Мисими Хајрије |
| 11. | Ахмети Али | ДУИ | |
| 12. | Бајрам Амди | Сојуз на Роми | |
| 13. | Бендевска Весна | СДСМ | |
| 14. | Бишевац Сафет | независен | |
| 15. | Бонева Силвана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 16. | Величковски Ивон | ЛП | |
| 17. | Вељаноски Трајко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 18. | Велјановски Митре | СДСМ | |
| 19. | Груевски Никола | ВМРО-ДПМНЕ | 06.07.2011 - оставка, заменет со Анова Сузана |
| 20. | Гошев Славе | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 21. | Георгиев Гордан | СДСМ | |
| 22. | Димков Трајчо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 23. | Диневски Менде | СДСМ | |
| 24. | Деари Ирфан | ДУИ | |
| 25. | Дурмиши Рејхан | ПЕИ | |
| 26. | Додевски Милорад | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 27. | Демири Креци Фламуре | НДП | |
| 28. | Димовски Илија | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 29. | Дулиќ Благородна | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 30. | Ѓорѓиевски Веле | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 31. | Ѓорчев Владимир | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 32. | Затуроска Лилјана | ВМРО-ДПМНЕ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 33. | Зекири Изет | НДП | 13.05.2013 - оставка, заменет со Џелили Наџи |
| 34. | Ивановски Игор | СДСМ | |
| 35. | Исмаиљи Реџаил | ДУИ | |
| 36. | Ибраимовски Самка | ПЦЕР | |
| 37. | Ибраими Орхан | ДПА | |
| 38. | Иванова Цветанка | СДСМ | |
| 39. | Имери Дешира | ДУИ | |
| 40. | Иванов Љубосав Ѕинго | СПМ | 05.10.2012 - оставка, заменет со Рашковска Марија |
| 41. | Јакимовска Светлана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 42. | Јанкуловска Гордана | ВМРО-ДПМНЕ | 28.07.2011 - избрана за министер, заменета со Маџовски Диме |
| 43. | Јовковска Ефтимова Дивна | СДСМ | |
| 44. | Јакупи Неџати | ДУИ | |
| 45. | Казанџиска Билјана | СДСМ | |
| 46. | Китаноски Илија | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 47. | Кузмановска Лилјана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 48. | Карапетрова Светлана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 49. | Кузмановска Бети | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 50. | Коџобашиев Ѓорѓи | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 51. | Лашкоска Ане | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 52. | Љабеништа Арбен | ДУИ | 31.01.2013 - оставка заменет со Рамизи Недим |
| 53. | Макрадули Јани | СДСМ | |
| 54. | Мехмети Ермира | ДУИ | |
| 55. | Мехмети Нуредини Вјолца | ДУИ | |
| 56. | Милошоски Антонио | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 57. | Матевска Дуза Цена | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 58. | Мисини Хајрула | ДУИ | |
| 59. | Мираковска Соња | НСДП | |
| 60. | Минчев Горан | СДСМ | |
| 61. | Мисовски Горан | НСДП | |
| 62. | Муминовиќ Рафет | ДЛБМ | |
| 63. | Марачков Саве | СДСМ | |
| 64. | Мазгалоска Вучетиќ Светлана | СДСМ | |
| 65. | Мицевски Васко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 66. | Манчев Ристо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 67. | Милетиќ Драгиша | СНС | |
| 68. | Николиќ Мазнева Косана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 69. | Николов Маријанчо | СДСМ | |
| 70. | Николовска Ленче | независен | |
| 71. | Николовски Александар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 72. | Орцев Панче | СДСМ | |
| 73. | Поповска Лилјана | ДОМ | |
| 74. | Петковски Тито | НСДП | |
| 75. | Пачков Јордан | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 76. | Пепиќ Авдија | СДА | |
| 77. | Павловска Данева Ана | СДСМ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **78.** | Пешевски Владимир | ВМРО-ДПМНЕ | 28.07.2011 - избран за министер, заменет со Трајановски Тони |
| **79.** | Пашовски Васко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **80.** | Пачемски Миле | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **81.** | Павлова Елена | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **82.** | Пемова Весна | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **83.** | Пауновски Стојко | СДСМ | |
| **84.** | Петров Андреј | СДСМ | |
| **85.** | Спасеновски Александар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **86.** | Ставревски Зоран | ВМРО-ДПМНЕ | 28.07.2011 - избран за министер, заменет со Пишев Васил |
| **87.** | Станчевска Нада | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **88.** | Стојменов Борислав | ВМРО-Мак. | |
| **89.** | Салиу Сузана | ДУИ | |
| **90.** | Савова Салковска Наташа | СДСМ | |
| **91.** | Стоиљковиќ Иван | ДПСМ | |
| **92.** | Спасовски Оливер | СДСМ | |
| **93.** | Стојановски Благоја | СДСМ | |
| **94.** | Станковиќ Емилијан | СДСМ | |
| **95.** | Стевананџија Димитар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **96.** | Ставров Борче | СДСМ | |
| **97.** | Сугаревски Горан | СДСМ | |
| **98.** | Села Зијадин | ДПА | 13.05.2013 - избран за градоначалник, заменет со Ќоку Беким |
| **99.** | Сарач Ердоган | ДНЕТ | |
| **100.** | Саздов Павле | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **101.** | Станковиќ Малиша | СПМ | |
| **102.** | Трајанов Павле | ДС | |
| **103.** | Танчева Тулиева Надица | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **104.** | Тачи Мендух | ДПА | |
| **105.** | Тушева Маринела | СДСМ | |
| **106.** | Трајковски Горан | ВМРО-ДПМНЕ | 06.07.2011 - оставка, заменет со Трпковски Стефче |
| **107.** | Тодоровски Марјанчо | ВМРО-ДПМНЕ | 13.10.2011 - оставка, заменет со Настевски Драган |
| **108.** | Томиќ Тања | СДСМ | |
| **109.** | Тренов Ромео | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **110.** | Тодоров Никола | ВМРО-ДПМНЕ | 28.07.2011 - избран за министер, заменет со Димитриевски Дарко |
| **111.** | Узеини Ферати Мерал | ДПА | |
| **112.** | Фазлиу Беким | ДПА | |
| **113.** | Хасипи Кенан | ДПТМ | |
| **114.** | Цаноски Фијат | ПЕИ | |
| **115.** | Цуклев Драган | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **116.** | Ципушева Нада | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **117.** | Џолонга Михајло | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **118.** | Џемајловски Мевмет | ПЕИ | |
| **119.** | Џафери Арбен | ДПА | 10.09.2012 - починат заменет со Илјази Садије |
| **120.** | Џафери Талат | ДУИ | 18.02.2013 - избран за министер, заменет со Марку Јулијета |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **121.** | Шеќеринска Радмила | СДСМ | |
| **122.** | Шокаровски Харалампие | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **123.** | Шехаби Бехиџудин | ДУИ | |
| **124.** | Анова Сузана | ВМРО-ДПМНЕ | 12.07.2011,<br>наместо Груевски Никола |
| **125.** | Трпковски Стефче | ВМРО-ДПМНЕ | 12.07.2011,<br>наместо Горан Трајковски<br>10.04.2013 - избран за градоначалник, заменет со Рунчева Христина |
| **126.** | Мисими Хајрије | ДУИ | 29.07.2011,<br>наместо Арифи Теута |
| **127.** | Димитриевски Дарко | ВМРО-ДПМНЕ | 29.07.2011,<br>наместо Тодоров Никола |
| **128.** | Пишев Васил | ВМРО-ДПМНЕ | 29.07.2011,<br>наместо Ставревски Зоран |
| **129.** | Маџовски Диме | ВМРО-ДПМНЕ | 29.07.2011,<br>наместо Јанкуловска Гордана |
| **130.** | Трајановски Тони | ВМРО-ДПМНЕ | 29.07.2011,<br>наместо Пешевски Владимир |
| **131.** | Настевски Драган | ВМРО-ДПМНЕ | 17.10.2011,<br>наместо Тодоровски Марјанчо |
| **132.** | Иљази Садије | ДПА | 25.09.2012,<br>наместо Џафери Арбен |
| **133.** | Рашковска Марија | ВМРО-ДПМНЕ | 29.11.2012,<br>наместо Иванов Љубисав Зинго |
| **134.** | Рамизи Недим | ДУИ | 11.02.2013,<br>наместо Љабеништа Арбен |
| **135.** | Марку Јулијета | ДУИ | 10.04.2013,<br>наместо Џафери Талат |
| **136.** | Рунчева Христина | ВМРО-ДПМНЕ | 18.04.2013,<br>наместо Трпковски Стефче |
| **137.** | Дамески Панче | ВМРО-ДПМНЕ | 18.04.2013,<br>наместо Апостолов Ванчо |
| **138.** | Ќоку Беким | ДПА | 28.05.2013,<br>наместо Села Зијадин |
| **139.** | Џелили Наџи | НДП | 29.05.2013,<br>наместо Зеќири Изет |

## ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ)


Александар Николовски


Александар Спасеновски


Ане Лашкоска


Антонио Милошоски


Бети Кузмановска


Благородна Дулиќ


Васил Пишев


Васко Мицевски


Панче Дамески


Васко Пашковски


Веле Ѓорѓиевски


Весна Пемова


Владимир Ѓорчев


Дарко Димитриевски


Димитар Стевананџија


Диме Маџовски


Драган Цуклев


Ѓорѓи Коџобашиев


Елена Павлова


Илија Димовски


Илија Китановски


Јордан Пачков


Косана
Николиќ Мазнева


Лилјана Затуроска


Лилјана Кузмановска

## ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ)


Марјанчо Тодоровски


Милорад Додевски


Михаило Цолонга


Миле Пачемски


Нада Ципушева


Нада Станчевска


Надица Танчева Тулиева


Павле Саздов


Ристо Манчев


Ромео Тренов


Светлана Јакимовска


Светлана Карапетрова


Силвана Бонева


Славе Гошев


Сузана Анова


Христина Рунчева


Тони Трајановски


Трајко Вељаноски


Трајчо Димков


Цена Матевска


Харалампие Шокаровски


Марија Рашковска

## Социјалистичка партија на Македонија



Владанка Авировиќ



Малиша Станковиќ

## Демократски сојуз



Павле Трајанов

## ВМРО-Македонска



Борислав Стојменов

## Демократска обнова на Македонија-ДОМ



Лилјана Поповска

## Демократска партија на Србите во Македонија



Иван Стоилковиќ

## Демократска партија на Турците во Македонија-ДПТМ



Кенан Хасипи

## Демократски сили на Ромите



Амди Бајрам

## Странка за демократска акција на Македонија



Авдија Пепиќ

## Демократска лига на Бошњаците во Република Македонија



Рафет Муминовиќ

## Демократска унија за интеграција (ДУИ)



Али Ахмети



Недим Рамизи



Бехинудин Шехаби



Вјолца Мехмети-Нуредини



Дешира Имери



Ермира Мехмети



Ирфан Деари



Неџати Јакупи



Реџаил Исмаили



Сузана Салиу



Јулиета Марку



Хајрула Мисини



Хајрије Мисими



Џеват Адеми

## Социјал-демократски сојуз на Македонија (СДСМ)


Ана Павлова-Данева


Андреј Петров


Билјана Казанџиска


Благоја Стојановски


Борче Ставров


Весна Бендевска


Голупчо Ангелов


Горан Минчев


Горан Сугаревски


Гордан Георгиев


Дивна Јовковска-Ефтимовска


Емилијан Станковиќ


Игор Ивановски


Јани Макрадули


Маринела Тушева


Марјанчо Николов


Менде Диневски


Миле Андонов


Митре Велјановски


Наташа Савова-Сашковска


Оливер Спасовски


Панче Орцев


Радмила Шекеринска


Саве Марачков


Светлана Мазгалоска-Вучетиќ

## Социјал-демократски сојуз на Македонија (СДСМ)


Станка Анастасова


Стојко Пауновски


Тања Томиќ


Цветанка Иванова

## Нова социјалдемократска партија-НСДП


Горан Мисовски


Соња Мираковска


Тито Петковски


Николчо Ацевски

## Партија за европска иднина-ПЕИ


Мевлет Џемајлоски


Фијат Цаноски


Рејхан Дурмиши

## Либерална партија на Македонија


Ивон Величковски

# Партија за целосна еманципација на Ромите-ПЦЕР



Самка Ибраимовски

# Движење за национално единство на турците во Македонија



Ердоган Сарач

# Српска напредна странка во Македонија



Драгиша Милетиќ

## Демократска партија на Албанците (ДПА)


Садије Илјази


Беким Фазлиу


Газменд Алију


Беким Ќоку


Имер Алиу


Мендух Тачи


Мерал Узеири Ферати


Орхан Ибраими

## Национална демократска преродба


Фламуре Креци-Демири


Наџи Целили

## Независни пратеници


Ленче Николовска


Сафет Бишевац

## 2.2.1.Промени во пратеничкиот состав 2011-2014

| Реден број | Скратен назив | Назив на пратеничката група | Број на пратеници | |
|---|---|---|---|---|
| | | | 25.06.2011 | 05.03.2014 |
| 1. | ВМРО-ДПМНЕ | ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство | 46 | 47 |
| 2. | СПМ | Социјалистичка партија на Македонија | 3 | 2 |
| 3. | ДОМ | Демократска обнова на Македонија | 1 | 1 |
| 4. | ДС | Демократски сојуз | 1 | 1 |
| 5. | ВМРО-Македонска | ВМРО-Македонска | 1 | 1 |
| 6. | ДПСМ | Демократска партија на Србите од Македонија | 1 | 1 |
| 7. | ДПТМ | Демократска партија на Турците на Македонија | 1 | 1 |
| 8. | ПЦЕР | Партија за целосна еманципација на Ромите во Македонија | 1 | 1 |
| 9. | СРМ | Сојуз на Ромите на Македонија | 1 | 1 |
| 10. | СДАМ | Странка на демократска акција на Македонија | 1 | 1 |
| 11. | ДУИ | Демократска унија за интеграција | 14 | 14 |
| 12. | ПЕИ | Партија за европска иднина | 3 | 3 |
| 13. | СДСМ | Социјалдемократски сојуз на Македонија | 29 | 29 |
| 14. | НДП | Национална демократска преродба | 2 | 2 |
| 15. | НСДП | Нова социјал-демократска партија | 4 | 4 |
| 16. | ЛП | Либерална партија | 1 | 1 |
| 17. | ДНТЕМ | Движење за нацинално единство на Турците во Македонија | 1 | 1 |
| 18. | ДПА | Демократска партија на Албанците | 8 | 8 |
| 19. | НП | Независни пратеници | 2 | 2 |
| 20. | СНСМ | Српска напредна странка во Македонија | 1 | 1 |
| 21. | ДЛБМ | Демокртаска лига на бошњаците во Македонија | 1 | 1 |
| | | **ВКУПНО:** | **123** | **123** |

# 2.3. Промени во структурата на пратеничкиот состав

## 2.3.1. Етничка структура на пратеници

| година | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Срби | | Бошњаци | | Власи | | други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % |
| 2011 | 84 | 68 | 25 | 20 | 2 | 1,6 | 2 | 1,6 | 4 | 3,2 | 2 | 1,6 | 1 | 0,8 | 3 | 2,4 |
| 2014 | 84 | 68 | 25 | 20 | 2 | 1,6 | 2 | 1,6 | 4 | 3,2 | 2 | 1,6 | 1 | 0,8 | 3 | 2,4 |

## 2.3.2. Полова структура на пратеници

| година | мажи | | жени | |
|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % |
| 2011 | 85 | 70 | 38 | 30 |
| 2014 | 81 | 66 | 42 | 34 |

## 2.3.3. Староснa структура на пратеници

| пратеници | под 30 | | 30-39 | | 40-49 | | 50-59 | | 60-69 | | Над 70 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % |
| 2011 | 5 | 4 | 35 | 28 | 40 | 32 | 35 | 28 | 5 | 4 | 3 | 2,4 |
| 2014 | 3 | 2,4 | 31 | 25,2 | 46 | 37,3 | 37 | 30 | 4 | 3,2 | 2 | 1,6 |

## 2.3.4. Образовна структура на пратеници

| образование | средно | | вишо | | високо | | постдипломско | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | бр | % | д-р | м-р | спец |
| 2011 | 2 | 1,6 | - | - | 92 | 74 | 4 | 10 | 15 |
| 2014 | 3 | 2,4 | 1 | 0,8 | 87 | 70,8 | 19 | 2 | 11 |

# 3. ПЛЕНАРНИ СЕДНИЦИ

# 3. СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕ

## 3.1. СЕДНИЦИ

Седница на Собранието на Република Македонија свикува претседателот на Собранието.

Претседателот на Собранието може да свика седница и по барање на претседателот на Република Македонија, Владата на РМ и најмалку 20 пратеници.

Дневниот ред за седницата на Собранието го предлага претседателот на Собранието, а го утврдува Собранието на почетокот на седницата.

Во предлогот на дневниот ред претседателот на Собранието ги внесува сите прашања што до денот на свикувањето на седницата ги доставиле овластените предлагачи.

Со седницата претседава претседателот на Собранието, а во случај на негова спреченост, со седницата претседава еден од потпретседателите на Собранието.

Во периодот од 2011 до 2014 година петтиот парламентарен состав оддржа 87 седници. (дијаграм 1)

**ДИЈАГРАМ 1:**



* Времетраењето на седниците

| | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **број на одржани седници** | 19 | 32 | 30 | 6 | **87** |
| **поставени точки** | 381 | 526 | 741 | 262 | **1910** |
| **траење во денови** | 64 | 150 | 77 | 27 | **318** |
| **траење во часови** | 440 часа | 875 часа | 480 часа | 180 часа | **1975 часа** |

- Според бројот на работните денови, најдолга седница на Собранието на Република Македонија е **26-та** седница со **19 работни дена** (122 часа и 15 минути).

- Според вкупниот број на работни часови, најдолга седница на Собранието на Република Македонија е **26 -та** седница со **122 часа и 15 минути.**

- Според континуитетот, најдолга седница на Собранието на Република Македонија е почетокот на **34-та** седница, кое траело **13 часа и 15 минути,** односно од 11,25 часот - понеделник до 40 минути по полноќ следниот ден - вторник.

- Според вкупниот број на работни часови, најкратка седница на Собранието на Република Македонија е **73-та** седница која траела **10 минути**, (од 11,15 до 11,25 часот).

* Вкупниот број на денови на седници на Собранието изнесува 318.

Во текот на тие работни денови остварени се:
вкупно присуства: 33.584
вкупно отсуства: 5.500 од кои:
- оправдани 4.345
- неоправдани 1.155

*Согласно со Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија на пратеник кој отсуствува најмалку три пати од седници на Собрание, а за тоа не го известил претседателот (неоправдано отсутен) му се одбива 5% од платата за секој ден отсуство. Ваква казна е изречена само еднаш во **2012 година.***

*Во **2013 година**, согласно со членот 26 ставови 2 и 4 од Законот за пратеници, Комисијата за прашања на изборите и именувањата донесен 44 решенија со кои на пратениците кои ја бојкотираа работата на Собранието на Република Македонија, им се утврди плата во висина од една третина од исплатената плата во декември 2012 година.*

## 3.1.1. РАБОТНИ СЕДНИЦИ

На 87-те работни седници одржани во овој мандатен период беа поставени 1.910 точки од кои 3 седници останаа незавршени со 3 точки и тоа 2 закона и 1 одлука. Во следнава табела е прикажан видот на акти кои беа поставени на дневен ред на собраниските седници.

| реден број | А К Т | вкупно по дневен ред | донесени | прво читање | второ читање | неприфатливи | усвоени | неусвоени | недонесени | неосновани | повлечени | само разгледани | неразгледани |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | закони | **1488** | 907 | 504 | 2 | 54 | - | - | 3 | - | 16 | - | 2 |
| **2.** | одлуки | **251** | 246 | - | - | - | - | - | 2 | - | 2 | - | 1 |
| **3.** | декларации | **1** | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **4.** | уставни измени | **2** | - | - | - | - | - | 2 | - | - | - | - | - |
| **5.** | информации | **11** | - | - | - | - | - | 10 | - | - | 1 | - | - |
| **6.** | програми | **8** | - | - | - | - | 8 | - | - | - | - | - | - |
| **7.** | извештаи | **65** | - | - | - | - | 63 | - | - | - | - | 2 | - |
| **8.** | планови | **17** | - | - | - | - | 17 | - | - | - | - | - | - |
| **9.** | интерпелации | **4** | - | - | - | - | - | 4 | - | - | - | - | - |
| **10.** | автентични толкувања | **53** | - | - | - | - | 4 | - | - | 49 | - | - | - |
| **11.** | завршна сметка | **3** | - | - | - | - | 3 | - | - | - | - | - | - |
| **12.** | национална стратегија | **4** | - | - | - | - | 4 | - | - | - | - | - | - |
| **13.** | деловник | **1** | - | - | - | - | 1 | - | - | - | - | - | - |
| **14.** | заклучоци | **2** | - | - | - | - | 2 | - | - | - | - | - | - |
| | **ВКУПНО** | **1910** | **1154** | **504** | **2** | **54** | **102** | **16** | **5** | **49** | **19** | **2** | **3** |

## 3.1.2. СЕДНИЦИ ЗА ПРАТЕНИЧКИ ПРАШАЊА

Одржани се 22 седници посветени на пратеничките прашања. Овие седници се одржуваа секој последен четврток во месецот.

| СЕДНИЦА | ДАТУМ НА ОДРЖУВАЊЕ |
|---|---|
| **15 седница** | 25.11.2011 година |
| **19 седница** | 29.12.2011 година |
| **22 седница** | 26.01.2012 година |
| **24 седница** | 23.02.2012 година |
| **25 седница** | 22.03.2012 година |
| **28 седница** | 19.04.2012 година |
| **33 седница** | 31.05.2012 година |
| **36 седница** | 26.06.2012 година |
| **38 седница** | 26.07.2012 година |
| **41 седница** | 27.09.2012 година |
| **44 седница** | 26.10.2012 година |
| **46 седница** | 20.11.2012 година |
| **50 седница** | 27.12.2012 година |
| **53 седница** | 31.01.2013 година |
| **61 седница** | 30.05.2013 година |
| **64 седница** | 28.06.2013 година |
| **68 седница** | 25.07.2013 година |
| **71 седница** | 19.09.2013 година |
| **76 седница** | 31.10.2013 година |
| **78 седница** | 28.11.2013 година |
| **81 седница** | 26.12.2013 година |
| **83 седница** | 30.01.2014 година |

По периоди изгледа вака

| | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **СЕДНИЦИ** | **2** | **11** | **8** | **1** | **22** |

## 3.1.3. ДРУГИ СЕДНИЦИ

**Обраќања - ДЕСЕТ**

- 15.12.2011 година - Обраќање на Претседателот на Република Македонија, господинот Ѓорѓе Иванов,
- **27.04.2012 година - Обраќање на Претседателот на Собранието на Република Албанија, госпоѓа Јосефина Чоба Топали,**
- **17.05.2012 година - Обраќање на Претседателот на Големото Национално Собрание на Република Турција, господин Џемил Чичек,**
- **23.05.2012 година - Обраќање на Претседателот на Големото Националниот Совет на Република Австрија, г-ѓа Барбара Прамер,**
- **25.07.2012 година - Обраќање на Генералниот секретар на Обединетите нации господин Бан Ки - Мун,**
- 18.12.2012 година - Обраќање на Претседателот на Република Македонија, господинот Ѓорѓе Иванов,
- **11.06.2013 година - Обраќање на Претседателот на Парламентарното Собрание на Советот на Европа, господинот Жан Клод Мињон,**
- **04.09.2013 година - Обраќање на Спикерот на Сенатот на Канада, господинот Ноел Кинсела,**
- **25.09.2013 година - Обраќање на Лорд Спикерот на Горниот дом на Парламентот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Баронеса Д´Соуза и**
- 23.12.2013 година - Обраќање на Претседателот на Република Македонија, господинот Ѓорѓе Иванов.

**Одбележувања - ДВЕ**

- 7.09.2011 година - Одбележување на 20-годишнината од независноста на Република Македонија и
- 17.11.2011 година - Одбележување на 20-годишнината од донесувањето на првиот Устав на самостојна, суверена и независна Република Македонија.

**Комеморативни - ЕДНА**

- 3.01.2012 година - По повод смртта на Киро Глигоров, првиот претседател на суверена и независна Република Македонија.

# 3.2. ЗАКОНИ

## ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНИ

Со донесувањето на новиот Деловник за работа на Собранието на Република Македонија на 18 јули 2008 година се усвои нова процедура во носењето на законите односно сосема нова постапка, усогласена со правото на Европската унија а, пред се, усогласена со постапката на носење на законите во земјите членки на ЕУ.

Право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието, Владата и најмалку 10.000 избирачи (овластен предлагач на закон). Ако предлагач не е Владата, предлогот на законот се доставува до Владата на Република Македонија заради давање на мислење. Но, тоа не значи дека без мислење на Владата не се разгледува предлогот на законот.

Иницијатива за донесување на закон до овластените предлагачи, може да даде секој граѓанин, група граѓани, институции и здруженија.

Иницијативата упатена до Собранието се доставува до пратениците и за тоа се известува подносителот на иницијативата.

Предлогот на законот мора да биде подготвен во согласност со одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија (член 135). Ако предлогот на законот не е подготвен согласно одредбите на Деловникот на Собранието, претседателот на Собранието пред да го достави до пратениците, ќе побара од предлагачот да го усогласи во рок од 15 дена. Ако предлагачот не го усогласи во наведениот рок се смета дека предлогот на законот не се поднесен.

Согласно одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија законите по правило се донесуваат во редовна постапка, но предлагачот може на Собранието да му предложи предлогот на законот да се донесе во скратена постапка. По исклучок, во Деловникот на Собранието предвидена е и можноста предлогот на законот да се донесе по итна постапка.

**А) ПО РЕДОВНА ПОСТАПКА**

Законодавната постапка на донесување на законот започнува со доставување на предлогот на законот до претседателот на Собранието на Република Македонија, кој веднаш а најдоцна во рок три работни дена од денот на поднесувањето го доставува до пратениците (во писмена или електронска форма).

Откако предлогот на законот ќе се достави до пратениците во Собранието, најмалку 15 пратеници имаат право да поднесат барање, Собранието да одржи општ претрес. Ако вакво барање не се поднесе завршува првото читање.

**Прво читање:**

Пред предлогот на законот да се претресе на седницата на Собранието, го разгледува матичното работно тело (од гледна точка на потребата за донесување на законот, начелата врз кои се засновува законот, основните односи што се уредуваат со законот и начинот на кој се предлага нивното уредување) и Законодавно-правната комисија (од гледна точка на потребата од донесување на законот и неговата усогласеност со Уставот) во рок од три дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието.

Ако предлогот на законот содржи одредби со кои се ангажираат финансиски средства, предлогот на законот го разгледува и надлежното работно тело во чиј делокруг на работа спаѓаат прашањата на буџетот и финансиите (Комисија за финансирање и буџет). Оваа комисија го разгледува предлогот на законот од гледна точка на влијанието на овие одредби врз средствата со кои располага и можните извори за финансирање на предложените решенија.

Матичното работно тело и Законодавно-правната комисија подготвуваат извештаи во кои е содржано мислење дали предлогот на законот е прифатлив и дали треба да се даде на натамошно читање.

Потоа, предлогот на законот се разгледува на седница на Собрание каде што се одржува општа расправа. Собранието по општата расправа одлучува дали предлогот на законот е прифатлив и дали може да се даде на натамошно читање. Ако Собранието одлучи дека предлогот

на законот е прифатлив и дека може да се даде на натамошно читање, односно на второ читање, Собранието донесува заклучок со што започнува второто читање. Ако Собранието одлучи дека предлогот на законот не е прифатлив и дека не може да се даде на натамошно читање законодавната постапка се прекинува и истиот предлог не може повторно да се поднесе во рок од три месеци.

**Второ читање:**

Второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрвин во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија во рок од седум работни дена по одржаната седница на Собранието. Матичното работно тело и Законодавно-правната комисија ги претресуваат одредбите од предлогот на законот поединечно и поднесените амандмани и гласаат по нив. Кога предлогот на законот се разгледува во второ читање може да поднесуваат амандмани. Амандмани може да поднесуваат пратениците. Но и работните тела можат да поднесат свои амандмани. Амандманите до комисиите пратениците може да поднесуваат најдоцна два дена пред денот определен за одржување на седниците на комисиите. За секој амандман се води претрес и се гласа одделно. Во случај кога со предлогот на законот се врши изменување или дополнување, амандмани може да се поднесуваат само на членовите кои се предлогот на законот се менуваат или дополнуваат.

Ако на седниците на матичното работно тело и на Законодавно-правната комисија се усвои амандман, тогаш матичното работно тело и Законодавно-правната комисија по завршување на претресот а најдоцна во рок од пет дена подготвуваат дополнет предлог на закон (текст на предлогот на законот во кој се вградуваат усвоените амандмани) и образложение.

Второто читање на седница на Собранието се води само по оние членови од предлогот на законот што се изменети со амандмани на работните тела на и само на тие членови може да се поднесуваат амандмани. Амандмани може да поднесуваат пратениците и предлагачот најдоцна во рок од три дена пред денот определен заодржување на седницата на Собранието. На седница на Собранието образложение на амандманот може да даде само подносителот на амандманот, односно еден од подносителите  во времетраење од 3 минути.

Ако на седницата на Собранието се усвојат повеќе од 1/3 амандмани од членовите на дополнетиот предлог на закон, по завршување на второто читање се подготвува и правно-технички се уредува текстот на законот за трето читање. Ако пак се усвојат помалку од 1/3 од членовите на изменетиот предлог на закон, Собранието може да одлучи третото читање на предлогот на законот да се одржи на истата седница. Претседавачот на Собранието тогаш одлучува дали третото читање ќе се одржи веднаш  по усвојувањето на одлуката. Но, ако на седницата на Собранието во текот на второто читање не се усвои ниту еден амандман се преминува на гласање по предлогот на законот во целина.

**Трето читање:**

Третото читање на предлогот на законот по правило се одржува по завршување на второто читање на првата наредна седница на Собранието.  Во оваа фаза работни тела на Собранието не расправаат.

Во текот на третото читање, Собранието расправа и одлучува само по членовите на дополнетиот предлог на закон за кои се поднесени амандмани и одлучува за предлогот на законот во целина.

Амандмани може да поднесе предлагачот и пратеник најдоцна во рок од два работни дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието и тоа само на оние членови на кои биле усвоени амандмани во текот на второто читање на седницата на Собранието.

**Б) СКРАТЕНА ПОСТАПКА**

Предлагачот на предлогот на законот може да поднесе и на Собранието да му предложи, Собранието да расправа по предлогот на законот по скратена постапка во случај кога не е во прашање сложен и обемен закон; кога со предлогот на законот се предлага престанок на важноста на некој закон или одделни одредби од некој закон и кога не се во прашање сложени или обемни усогласувања на законот со правото на Европската унија.

Собранието одлучува дали предлогот на законот треба да се рагледа по скратена постапка и ако одлучи да расправа, претседателот на Собранието веднаш го задолжува матичното работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по предлогот на законот.

Кога предлогот на законот се разгледува по скратена постапка не се одржува општ претрес. Второто и третото читање се одржуваат на иста седница. Во тој случај второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрвин во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија, па потоа на седница на Собранието. Амандмани до комисиите и до седницата на Собранието се поднесуваат до почетокот на седницата за второ читање на предлогот на законот, додека амандмани на предлогот на законот за трето читање може да се поднесуваат до почетокот на третото читање на предлогот на законот на седница на Собрание.

**В) ИТНА ПОСТАПКА:**

По исклучок предлогот на законот може да се донесе и по итна постапка кога тоа е неопходно заради спречување и отстранување на поголеми нарушувања во стопанството или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на Републиката или во случаи на поголеми природни непогоди, епидемии или други вонредни и неодложни потреби.

Предлогот на законот да се донесе по итна постапка, предлагачот е должен да го образложи. За оправданоста на предлогот, законот да се донесе по итна постапка одлучува Собранието без претрес. Ако Собранието одлучи да расправа по предлогот, законот да се донесе по итна постапка, се задолжуваат матичното работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по предлогот на законот.

Кога предлогот на законот се разгледува по итна не се одржува општ претрес. Второто и третото читање се одржуваат на иста седница. Во тој случај второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрвин во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија, па потоа на седница на Собранието. Амандмани до комисиите и до седницата на Собранието се поднесуваат до завршување на претресот по предлогот на законот на седниците на комисиите и на седницата на Собранието.

**Г) ПОСТАПКА ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ**

Предлог на закон за ратификација на меѓународни договорои поднесува Владата со поднесување на предлог на закон за ратификација.

Предлогот на законот за ратификација го содржи текстот на меѓународниот договор чија ратификација се предлага. На текстот на меѓународниот договор не се вршат изменувања и дополнувања.

Одредбите од Деловникот на Собранието што се однесуваат на постапката за претресување на предлогот на законот во итна постапка соодветно се применуваат и во постапката за претресување на предлогот на законот за ратификација на меѓународниот договор.

Законите за ратификација на меѓународните договори и изворниот текст на меѓународните договори се објавуваат во посебен дел на "Службен весник на Република Македонија"-Меѓународни договори.

**Д) ПРИМЕНА НА ЧЛЕН 157 ОД ДЕЛОВНИКОТ НА СОБРАНИЕТО**

Ако по предлогот на законот не е одржан општ претрес, претставниците на пратеничките групи на седница на Собрание имаат право да го изнесат мислењето на својата пратеничка група во врска со предлогот на законот во траење од 10 минути.

**Ѓ) ПОТПИШУВАЊЕ И ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКОНИТЕ**

Претседателот на Собранието, веднаш по донесувањето, законот го доставува до претседателот на Републиката заради потпишување на указот за прогласување на законот. Ако претседателот на Републиката одлучи да не го потпише указот за прогласување на законот, Собранието повторно го разгледува законот во фаза на трето читање, во рок од 30 дена од денот на донесувањето на законот. При повторното разгледување на законот, амандмани можат да се поднесуваат само во врска со укажувањата на претседателот на Републиката.

Законите пред да влезат во сила се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија".

## РАЗГЛЕДАНИ ЗАКОНИ - 1486




## РАЗГЛЕДАНИ ЗАКОНИ ПО ПЕРИОДИ



Разгледани закони по седници

| седница | разгледани | донесени | недонесени | повлечени | 1 читање | 3 читање | неприфатливи | неразгледани |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **5** | **6** | 6 | | | | | | |
| **8** | **69** | 9 | | | 59 | | 1 | |
| **10** | **66** | 57 | | | 9 | | | |
| **11** | **36** | 21 | | | 15 | | | |
| **12** | **1** | 1 | | | | | | |
| **13** | **22** | 14 | | | 7 | | 1 | |
| **16** | **52** | 22 | | 1 | 26 | | 3 | |
| **18** | **21** | 19 | | | | | 2 | |
| **20** | **30** | 23 | 1 | | 6 | | | |
| **23** | **32** | 13 | | | 11 | | 8 | |
| **26** | **47** | 27 | | | 12 | | 8 | |
| **29** | **30** | 16 | | | 12 | | 2 | |
| **30** | **32** | 3 | | | 17 | | 12 | |
| **34** | **12** | 10 | | 1 | 1 | | | |
| **35** | **41** | 21 | | | 14 | | 6 | |
| **37** | **27** | 18 | | | 7 | | 2 | |
| **40** | **29** | 13 | 1 | 2 | 12 | | 1 | |
| **42** | **25** | 16 | | | 9 | | | |
| **45** | **35** | 27 | | 1 | 6 | | | 1 |
| **47** | **38** | 16 | | 3 | 19 | | | |
| **49** | **17** | 14 | | | 3 | | | |
| **51** | **3** | 3 | | | | | | |
| **52** | **47** | 29 | | 2 | 16 | | | |
| **54** | **42** | 37 | | 2 | 2 | | 1 | |
| **55** | **16** | 7 | | 1 | 8 | | | |
| **56** | **1** | 1 | | | | | | |
| **57** | **1** | 1 | | | | | | |
| **58** | **23** | 12 | | | 11 | | | |
| **60** | **36** | 23 | | | 13 | | | |
| **62** | **28** | 24 | | | 4 | | | |
| **65** | **16** | 13 | | | 3 | | | |
| **66** | **27** | 14 | | | 10 | | 3 | |
| **67** | **1** | 1 | | | | | | |
| **69** | **25** | 14 | | | 11 | | | |
| **72** | **36** | 20 | | 1 | 15 | | | |
| **74** | **36** | 25 | 1 | | 9 | | 1 | |
| **75** | **72** | 2 | | | 70 | | | |
| **77** | **119** | 80 | | 2 | 35 | | 2 | |
| **80** | **67** | 45 | | 1 | 18 | 2 | | 1 |
| **82** | **45** | 21 | | | 23 | | 1 | |
| **84** | **45** | 35 | | | 10 | | | |
| **85** | **131** | 131 | | | | | | |
| **86** | **3** | 3 | | | | | | |

## 3.2.1. Закони по постапка на донесување






## 3.2.2. Закони според предлагачи






## 3.2.3. НЕДОНЕСЕНИ, НЕПРИФАТЛИВИ И ПОВЛЕЧЕНИ ЗАКОНИ




НЕДОНЕСЕНИ ЗАКОНИ

| | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **Влада** | 0 | 1 | 1 | 0 | 2 |
| **пратеници** | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| **ВКУПНО** | **0** | **2** | **1** | **0** | **3** |

НЕПРИФАТЛИВИ ЗАКОНИ

| | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **Влада** | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| **пратеници** | 3 | 41 | 6 | 1 | 51 |
| **10.000 граѓани** | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| **ВКУПНО** | **5** | **41** | **7** | **1** | **54** |

ПОВЛЕЧЕНИ ЗАКОНИ

| | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **Влада** | 0 | 3 | 6 | 0 | 9 |
| **пратеници** | 0 | 1 | 7 | 0 | 8 |
| **ВКУПНО** | **0** | **4** | **13** | **0** | **17** |

## 3.3. Одлуки

Донесени одлуки по предлагачи



## 3.4. Други акти

други акти донесени 2011-2014




неусвоени акти 2011-2014




повлечени акти 2011-2014



## 3.5. Амандмани

Предлогот за изменување или дополнување на предлогот на законот се поднесува во форма на амандман.

Амандман може да поднесе секој пратеник во Собранието, пратеничка група и работно тело.

Амандманот се поднесува до претседателот на Собранието во писмена форма и мора да биде образложен и потпишан од предлагачот.

Ако амандманот содржи одредби со кои се ангажираат финансиски средства, предлагачот на амандманот е должен истовремено да укаже и на можните извори за обезбедување на тие средства.

Претседателот на Собранието амандманите веднаш ги доставува до пратениците, матичното работно тело и Законодавно-правната комисија каде што се разгледуваат.

На второто читање на седница на Собрание се води претрес само по оние членови од предлог на закон што се изменети со амандмани на работните тела и само на тие членови може да се поднесат амандмани на самата седница




| период | поднесени | усвоени | неусвоени | повлечени |
|---|---|---|---|---|
| **2011** | **773** | 33 | 612 | 128 |
| **2012** | **3421** | 429 | 2727 | 265 |
| **2013** | **1120** | 445 | 595 | 80 |
| **2014** | **385** | 136 | 224 | 25 |
| **ВКУПНО** | **5699** | **1043** | **4158** | **498** |

Амандмани по предлагачи




| предлагачи | поднесени | усвоени | неусвоени | повлечени |
|---|---|---|---|---|
| **Пратеници** | **5448** | *793* | *4158* | *497* |
| **Комисии** | **251** | *250* | - | *1* |
| **Вкупно** | **5699** | **1043** | **4158** | **498** |

## 3.6. Пратенички прашања

| мандатен период | | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број на оддржани седници | | **2** | **11** | **8** | **1** | **22** |
| број на пратеници кои поставиле пратеничко прашање | | 21 | 89 | 57 | 7 | **174** |
| поставени пратенички прашања | политички систем | 18 | 84 | 51 | 5 | **158** |
| | економски систем | 21 | 82 | 44 | 6 | **153** |
| | јавни дејности | 18 | 50 | 43 | 5 | **116** |
| одговорени пратенички прашања | политички систем | 18 | 72 | 42 | 5 | **137** |
| | економски систем | 20 | 74 | 41 | 5 | **140** |
| | јавни дејности | 16 | 45 | 38 | 4 | **103** |
| неодговорени пратенички прашања | политички систем | - | 12 | 9 | - | **21** |
| | економски систем | 1 | 8 | 3 | 1 | **13** |
| | јавни дејности | 2 | 5 | 5 | 1 | **13** |




| **пратенички прашања** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| **политички систем** | *18* | *84* | *51* | *5* | *158* |
| **економски систем** | *21* | *82* | *44* | *6* | *153* |
| **јавни дејности** | *18* | *50* | *43* | *5* | *116* |
| **вкупно** | ***57*** | ***216*** | ***138*** | ***16*** | ***427*** |

# 4. РАБОТНИ ТЕЛА

## 4.1. Состав на работните тела

*Со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 91/11), во Собранието на Република Македонија се основани 21 комисија.*

*Согласно со оваа одлука постојаните работни тела разгледуваат предлози на закони и други општи акти што ги донесува Собранието, го следат нивното извршување, проучуваат и претресуваат други прашања од надлежност на Собранието.*

Составот на комисиите од редот на пратениците е утврден со Одлука на Собранието ("Службен весник на Република Македонија" број 94/11, 103/11, 129/11, 146/11, 176/11, 166/12, 79/13 и 119/13), во зависност од бројот на пратеничките групи и бројот на пратениците во пратеничките групи. Со цел да се обезбеди поголема стручност и транспарентност, со Деловникот на Собранието на Република Македонија е дадена можност во работата на комисиите да присуствуваат и да учествуваат научни, стручни и јавни работници, како и претставници на локалната самоуправа, јавните претпријатија, синдикатот и други институции.

Работното тело има претседател, заменик на претседателот, одреден број членови и нивни заменици.

| РАБОТНО ТЕЛО | БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ |
|---|---|
| Комисија за уставни прашања | претседател + 16 члена и нивни заменици |
| Законодавноправна комисија | претседател + 12 члена и нивни заменици |
| Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците | претседател + 12 члена и нивни заменици |
| Комисија за одбрана и безбедност | претседател + 12 члена и нивни заменици |
| Комисија за надворешна политика | претседател + 12 члена и нивни заменици |
| Комисија за европски прашања | претседател+ 11 члена и нивни заменици |
| Комисија за прашања на изборите и именувањата | претседател + 12 члена и нивни заменици |
| Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот | претседател + 8 члена и нивни заменици |
| Комисија за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање | претседател + 8 члена и нивни заменици |
| Комисија за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и од Министерството за одбрана | претседател + 4 члена и нивни заменици |
| Комисија за финансирање и буџет | претседател + 12 члена и нивни заменици |
| Комисија за економски прашања | претседател + 10 члена и нивни заменици |
| Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство | претседател + 10 члена и нивни заменици |
| Комисија за транспорт, врски и екологија | претседател + 10 члена и нивни заменици |
| Комисија за образование, наука и спорт | претседател + 12 члена и нивни заменици |
| Комисија за култура | претседател + 10 члена и нивни заменици |
| Комисија за здравство | претседател + 10 члена и нивни заменици |
| Комисија за труд и социјална политика | претседател +12 члена и нивни заменици |
| Комисија за еднакви можности на жените и мажите | претседател + 10 члена и нивни заменици |
| Комисија за деловнички и мандатно-имунитетни прашања | претседател + 8 члена и нивни заменици |

## 4.2. Нагласена улога на работните тела во постапката на донесување на законите

Со Деловникот на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 91/08, 119/10 и 23/13) и Законот за Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 104/09), собраниските комисии добија нагласена улога во дебатите за прашања кои се предмет на законодавната дејност, а со тоа и за поквалитетно и поуспешно функционирање на Собранието. Со овие акти е уредена контролната функција на работните тела во врска со утврдувањето и спроведувањето на политиката, извршувањето на законите и другите активности на Владата и на органите на државната управа.

Во оваа насока комисиите, на **940** седници дебатирале по **3.759** точки на дневен ред.

Најголем дел од работата на собраниските комисии беше насочена на законодавната функција на Собранието на Република Македонија. Во собранискиот мандат 2011-2014 година комисиите низ деловнички пропишаната постапката на донесување на законите (прво и второ читање и закони во скратена и итна постапка), расправале за **1.026 предлози на закони**, од кои најбројни се законите од **економската сфера (493),** потоа од областа на **јавните дејности (344)** и од сферата на **политичкиот систем (189)**. Во второто читање на законските предлози комисиите поднеле **251 амандман.**

- ***усогласување со европското законодавство***

Белег на комисиското работење во овој пратенички мандат се и дебатите за законски решенија кои произлегуваат од преземените обврски од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и програмите за приближување на националното законодавство кон законодавството на Европската унија. Во функција на нашата нагласена европска определба, во рамките на хармонизирањето на нашето со европското законодавство на дневен ред биле **92 предлози на закони**.



## 4.3. Зајакната контролна функција на работните тела

Со Законот за Собранието на Република Македонија *(глава* В*)* комисиите добија зајакната улога во парламентарниот надзор над спроведувањето на политиките и извршувањето на законите од делокругот на комисиите. Надзорните расправи како механизам за спроведување на парламентарната контрола, меѓу другото, овозможија утврдување на применливоста на донесените закони и евентуални потреби од нивно изменување и дополнување.

Контролната улога на собраниските работни тела во овој мандатен период е реализирана преку **пет надзорни расправи** на следниве теми:

- "Спроведување на политиката за примената на законот за градење, законот за општа управна постапка и законот за инспекциски надзор за станбено деловниот комплекс Космос" *(Комисија за транспорт, врски и екологија - 5 октомври 2011 година);*
- "Надзор на распределбата на земјоделските субвенции" (*Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство - 4 септември 2012 година)*;
- "Имплементација на процесот на децентрализација" (*Комисија за локална самоуправа - 4 јуни 2013 година*);
- "Користење на фондовите од инструментот за претпристапна помош - ИПА во Република Македонија" (*Комисија за европски прашања - 11 јули 2013 година*) и
- "Анализа за почитување на уставно загарантираното право на презумпција на невиност, наодите за злоупотреба на притворот, загрозување на слободата на изразување и медиумски слободи и правото на изразување јавен протест во Република Македонија" *(Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците - 12 и 13 декември 2013 година).*

Своевидно обележје на комисиското работење во овој парламентарен состав се и **јавните расправи**. Комисиите одржаа **31 јавна расправа** на актуелни теми од општествено-политичкиот и економскиот живот во државата. Тема на јавните расправи беа:

- Предлог на закон за дополнување на Законот за градење *(Комисија за транспорт, врски и екологија - 10 октомври 2011 година);*
- Предлог на законот за млади (*Комисија за образование - 12 октомври 2011 година)*;
- "Превенција од рак на грлото на матката – македонско и европско искуство" (*Комисија за еднакви можности на жените и мажите - 25 јануари 2012 година);*
- Правната регулатива за деца сторители, деца жртви и деца сведоци на кривични дела *(Комисија за труд и социјална политика - 2 февруари 2012 година*);
- Предлог на закон за здравствената заштита *(Комисија за здравство - 9 февруари 2012 година);*
- Имплементација на Стратегијата за Ромите во Република Македонија *(Комисија за труд и социјална политика - 15 мај 2012 година*);
- "Третманот на маргинализираните заедници во јавната комуникација" (*Комисија за еднакви можности на жените и мажите - 17 мај 2012 година);*
- "Улогата на жените во руралниот развој на Република Македонија - можности и предизвици" (*Комисија за еднакви можности на жените и мажите - 12 јуни 2012 година);*
- "Национална стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012 - 2015" (*Комисија за еднакви можности на жените и мажите - 28 јуни 2012 година);*
- "Националениот акциски план за имплементација на Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност на ОН (нацрт верзија)" (*Комисија за еднакви можности на жените и мажите - 26 септември 2012 година);*
- "Како до подобар пристап на контрацепцијата во Република Македонија" (*Комисија за еднакви можности на жените и мажите - 26 октомври 2012 година);*

- "Иницијативи и препораки за одржлива популациска политика во Република Македонија" (*Комисија за еднакви можности на жените и мажите - 27 ноември 2012 година);*
- "Како до подобра грижа и третман за лицата кои живеат со ХИВ (ЛЖХИВ) во Република Македонија" *(Комисија за еднакви можности на жените и мажите - 13 декември 2012 година);*
- "Како до подобра грижа и третман за лицата кои живеат со ХИВ (ЛЖХИВ) во Република Македонија" *(Комисија за здравство - 13 декември 2012 година);*
- Европска стратегија за економско јакнење на жените (Стратегија 2020) *(Комисија за еднакви можности на жените и мажите - 5 февруари 2013 година);*
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини (*Комисија за економски прашања - 6 февруари 2013 година)*;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика (*Комисија за економски прашања - 7 февруари 2013 година)*;
- Предлог на закон за заштита од вознемирување на работно место *(Комисија за труд и социјална политика - 16 мај 2013 година*);
- Предлог на закон за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост (*Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство - 4 јуни 2013 година)*;
- Предлог на закон за прекинување на бременост *(Комисија за здравство - 5 јуни 2013 година);*
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини (*Комисија за економски прашања - 27 јуни 2013 година)*;
- Предлог на закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги *(Комисија за транспорт, врски и екологија - 29 јули 2013 година);*
- Предлог на закон за медиуми *(Комисија за транспорт, врски и екологија - 30 јули 2013 година);*
- Предлог на закон за прекршоците *(Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците - 20 септември 2013 година);*
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права (*Комисија за култура - 26 септември 2013 година*);
- Предлог на закон за медијација *(Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците - 29 октомври 2013 година);*
- "Како до подобра грижа и третман за лицата кои живеат со ХИВ во Република Македонија" *(Комисија за здравство - 14 ноември 2013 година);*
- "Како до подобра грижа и третман за лицата кои живеат со ХИВ во Република Македонија" *(Комисија за еднакви можности на жените и мажите - 14 ноември 2013 година);*
- Актуелната состојба во јавните установи детски градинки *(Комисија за труд и социјална политика - 14 ноември 2013 година*);
- Подготовка на закон за семејно насилство *(Комисија за труд и социјална политика - 27 декември 2013 година*) и
- Закон за семејно насилство *(Комисија за еднакви можности на жените и мажите - 27 декември 2013 година).*

| Комисија за | Одржани седници | Вкупно разгледани точки | Буџет, ребаланс | Закони постапка | | | Поднесени амандмани | ратификации | други акти | јавни расправи | надзорни расправи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 1 читање | 2 читање | скратена, итна | | | | | |
| Уставни прашања | 2 | 2 | - | - | - | - | - | - | 2 | - | - |
| Законодавно-правна комисија | 164 | 1626 | 7 | 567 | 502 | 296 | **22** | 115 | 139 | - | - |
| Политички систем и односи меѓу заедниците | 83 | 225 | - | 83 | 67 | 40 | **18** | - | 32 | 2 | 1 |
| Одбрана и безбедност | 44 | 77 | - | 26 | 36 | - | **3** | - | 15 | - | - |
| Надворешна политика | 51 | 167 | - | 2 | 2 | 1 | **4** | 115 | 47 | - | - |
| Европски прашања | 51 | 99 | - | 58 | - | 8 | **-** | 11 | 21 | - | 1 |
| Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот | 4 | 4 | - | - | - | - | **-** | - | 4 | - | - |
| Надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање | 6 | 16 | - | - | - | - | **-** | - | 16 | - | - |
| Финансирање и буџет | 96 | 318 | 8 | 104 | 94 | 82 | **22** | - | 30 | - | - |
| Економски прашања | 48 | 164 | 1 | 61 | 58 | 26 | **23** | - | 15 | 3 | - |
| Земјоделство, шумарство и водостопанство | 48 | 131 | 1 | 47 | 46 | 25 | **22** | - | 10 | 1 | 1 |
| Транспорт, врски и екологоја | 82 | 342 | - | 108 | 107 | 29 | **47** | - | 94 | 3 | 1 |
| Образование, наука и спорт | 46 | 94 | - | 22 | 19 | 39 | **6** | - | 13 | 1 | - |
| Култура | 30 | 47 | 1 | 15 | 15 | 5 | **2** | - | 10 | 1 | - |
| Здравство | 45 | 86 | 2 | 33 | 33 | 14 | **56** | - | - | 4 | - |
| Труд и социјална политика | 60 | 161 | 2 | 56 | 55 | 21 | **20** | - | 22 | 5 | - |
| Еднакви можности на жените и мажите | 30 | 31 | 2 | 1 | 2 | - | **6** | - | 15 | 11 | - |
| Прашања на изборите и именувањата | 22 | 134 | - | - | - | - | **-** | - | 134 | - | - |
| Деловнички и мандатно-имунитетни прашања | 9 | 9 | - | - | - | - | **-** | - | 9 | - | - |
| Локална самоуправа | 9 | 12 | - | 5 | 3 | 2 | **-** | - | 1 | - | 1 |
| Надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на МВР и МО | 10 | 14 | - | 1 | - | - | **-** | - | 13 | - | - |
| **Вкупно:** | **940** | **3759** | **24** | **1189** | **1039** | **588** | **251** | **241** | **638** | **31** | **5** |

# 5. СОВЕТИ

# 5.1. НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Националниот совет за евроинтеграции претставува широка платформа преку која се овозможува инклузивност на сите општествени фактори во креирањето и следењето на интеграцијата на Република Македонија во Европската унија. Во својата досегашна работа Националниот совет ги прифати и промовира клучните европски постулати "обединети во различните", отвореност и инклузивност.

Основањето на Националниот совет за евроинтеграции (НСЕИ) во рамките на Собранието на Република Македонија имаше за цел да ги засили активностите и одговорностите на сите надлежни државни органи и институции во обезбедувањето на заедничка согласност и координирано дејствување во пристапниот процес на Македонија во Европската унија.

Составот на Советот ги рефлектира различните политички, етнички, верски и интересни групи во македонското општество кои се обединети во заедничката цел - членство во Европската унија. Во работата на Советот учествуваат претставници на законодавната и извршната власт (на централно и на локално ниво), како и претставници на граѓанското општество, сфатено во поширока смисла на зборот - Македонската академија на науките и уметностите, Здружението на новинарите на Македонија, стопанските комори, синдикатите, верските заедници и Граѓанската платформа на Македонија.

Дополнително, Советот направи напор за поголемо вклучување на сите заинтересирани страни во дебати за важни секторски прашања и политики, преку организирање на отворени јавни расправи, на форуми многу поширoки од составот на самиот Совет. Советот, без исклучок, работеше на отворени седници кои беа целосно пренесувани на Собранискиот канал и покриени од заинтересирани медиуми во Република Македонија.

Овој извештај се однесува на работата на Советот за периодот од 25 јуни 2011 до 5 март 2014 година и претставува втор мандатен извештај за работата на НСЕИ. Првиот мандатен извештај ја опфати работата на Советот за периодот од септември 2009 до април 2011 година.

Во овој мандатен извештај се презентирани:

- правната рамка за основање на НСЕИ, надлежности, состав и работа на Советот,
- одржани седници на Националниот совет за евроинтеграции,
- јавни расправи во организација на Националниот совет за евроинтеграции,
- остварена меѓународна соработка на Советот,
- оцените од работата на Националниот совет и заложби за активностите што претстојат,
- присуство на членовите и претставниците на седниците на Националниот совет, организираните јавни расправи и одржани средби од меѓународен карактер и нивно учество во дискусиите и
- Сектор за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.

## I.ПРАВНА РАМКА ЗА ОСНОВАЊЕ, НАДЛЕЖНОСТИ, СОСТАВ И РАБОТА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Националниот совет за евроинтеграции е формиран со Одлука за основање на Национален совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија" бр.140/07) донесена на седницата на Собранието на Република Македонија одржана на 19 ноември 2007 година. Во согласност со оваа одлука, во надлежност на Советот е да:

-го следи и оценува текот на активностите за добивање членство на Република Македонија во Европската унија;

-дава мислења и насоки во врска со подготовките за започнување на преговорите за добивање членство на Република Македонија во Европската унија;

-дава мислења и насоки за преговарачките позиции на Република Македонија;

-разгледува информации за процесот на преговарањето;

-дава мислења за прашањата кои ќе се отворат во текот на преговарањето;

-ги разгледува и оценува активностите на одделни членови вклучени во преговарачките тимови;

-одржува, преку претседателот на Советот постојани консултации и размена на информации со претседателот на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија;

-одржува постојани консултации со шефот на преговарачкиот тим и министерот за надворешни работи;

-по потреба дава мислења за усогласување на законодавството на Република Македонија со правото на Европската унија и

-најмалку два пати годишно го известува Собранието на Република Македонија за својата работа.

Заради обезбедување на континуитет во остварувањето на делегираните надлежности на Националниот совет за евроинтеграции и согласно усвоениот заклучокот од 18-та седница на Советот одржана на 26 ноември 2010 година, Собранието на Република Македонија на 2-та седница одржана на 6 јули 2011 година ја усвои Одлуката за изменување на Одлуката за основање Националниот совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија"бр.91/11). Со оваа одлука, во составот на Советот, за членовите од редот на пратениците во Собранието на Република Македонија предвидени се заменици-членови.

Составот на Советот е определен со Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на Националниот совет за евроинтеграции, донесена на 29 јули 2011 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.103/11), Одлуката за дополнување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на Националниот совет за евроинтеграции, донесена на 19 декември 2011 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.176/11), Одлука за изменување на одлуката за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици-членови на Националниот совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија" бр.79/13) и Одлуката за изменување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици-членови на Националниот совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија" бр. 119/13).

Во работата на Националниот совет за евроинтеграции учествуваат претставници на законодавната и извршната власт, претставници на локалната власт, на граѓанското општество претставено преку членови и претставници на Македонската академија на науките и уметностите, Здружението на новинарите на Македонија, стопанските комори, синдикатите, верските заедници и Граѓанската платформа на Македонија.

Претседателот на Советот е од редовите на парламентарните партии во опозиција, а потпретседателот од парламентарните партии во позиција. Советот има 15 члена и девет заменици-членови, и тоа: девет члена од редот на пратениците во Собранието, кои имаат свои заменици и шест члена од други институции: заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, претставник од Кабинетот на претседателот на Република Македонија, претставник од Кабинетот на претседателот на Владата на Република Македонија, претставник од Македонската академија на науките и уметностите, од Заедницата на единиците на локалната самоуправа и од Здружението на новинарите. Овие шест члена учествуваат во работата на Советот без право на одлучување. Согласно членот 5 од Одлуката за основање на Националниот совет за евроинтеграции, во работата на Советот учествуваат номинирани претставници од стопанските комори, синдикатите, верските заедници и Граѓанската платформа на Македонија.

Начинот на работа на Советот, одлучувањето, правата и обврските на претседателот, потпретседателот, членовите на Советот, замениците-членови и претставниците, нивното присуство и учество во работата на Советот, јавноста во работата и вршењето на стручните, административните и другите работи за потребите на Советот се уредени со Деловникот на Националниот совет за евроинтеграции донесен на седницата одржана на 25 октомври 2011 година. Согласно членот 7 став 2 од Деловникот, Советот одлучува со консензус на присутните членови што имаат право на одлучување.

Согласно членот 2, став 1, алинеја 10 од Одлуката за основање на Националниот совет за евроинтеграции („Службен весник на Република Македонија" бр.140/07 и бр.91/11), Советот го известува Собранието на Република Македонија за својата работа најмалку два пати годишно.

## II.ОДРЖАНИ СЕДНИЦИ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Во периодот опфатен со мандатниот извештај Националниот совет за евроинтеграции одржа 18 седници.

Членот 8 од Деловникот за работа на Националниот совет за евроинтеграции, предвидува можност за одржување на заедничка седница со Собраниската комисија за европски прашања. Согласно оваа одредба од Деловникот, во извештајниот период беа одржани 10 заеднички седници на двете тела, за прашања од заеднички интерес од областа на евроинтеграциите.

**Првата седница** во мандатниот период 25 јуни 2011 - 5 март 2014 година Националниот совет за евроинтеграции ја одржа на 7 септември 2011 година. На седницата пред членовите и претставниците на Советот се обрати г-ѓа Теута Арифи заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжена за европски прашања. при што ги претстави предизвиците во работата поврзана со евроинтеграциите на државата и информираше за подготвениот акциски план за активностите кои ќе се превземат до крајот на 2011 година, како одговор на доставената листа со препораки од Европската комисија. Планот ги адресираше клучните теми и прашања во однос на реформите во јавната администрација и судството, мерките за спречување на антикорупцијата, медиумите и слободата на изразување како и правичната застапеност. Од страна на г-ѓа Арифи беше изразена подготвеност за реализацијата на Акцискиот план да се дебатира на седница на Националниот совет за евроинтеграции.

На **Втората седница** што се одржа на 29 септември 2011 година, Националниот совет за евроинтеграции заедно со собраниската Комисија за европски прашања го разгледаа **Акцискиот план на активности кои треба да се преземат, а произлегуваат од препораките на Европската комисија**. Во образложението на Акцискиот план, г-ѓа Теута Арифи заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжена за европски прашања, информираше дека планот претставува одговор на листата на добиени задачи од страна на г. Штефан Филе - Европски комесар за проширување и г. Стефано Санино директор на Генералниот директорат за проширување на Европската комисија. Акцискиот план содржеше седум приоритетни области кои ги вклучуваа активностите на Владата на Република Македонија за спроведување на Охридскиот рамковен договор, за реформата на јавната администрација, судството, антикорупцијата, владеење на правото, слободата на изразување на медиумите и правото на Европската унија. Советот беше информиран дека по добивањето на Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во 2011 година, ќе се подготви нов акциски план во кој ќе бидат адресирани забелешките од Извештајот.

**Третата седница** Националниот совет за евроинтеграции ја одржа на 25 октомври 2011 година. На седницата беше разгледан **Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2011 година**. Заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжена за европски прашања г-ѓа Теута Арифи оцени дека Извештајот е позитивен поради фактот што Комисијата ја повтори препораката за Република Македонија за отпочнување на пристапните преговори, што за земјата претставува најголем и најпозитивен елемент од Извештајот. Беше даден краток пресек на содржината од Извештајот, за трите области: политички критериуми, економски критериуми и делот на acquis-то. Во однос на политичките критериуми, најважна дефиниција е дека Република Македонија продолжува да ги исполнува критериумите за членство во ЕУ. Во Извештајот позитивно беа оценети: спроведувањето на парламентарните избори, реализирањето на политичкиот дијалог во Собранието на Република Македонија после изборите, процесот на градење на коалицијата како и реализацијата на обврските кои произлегуваат од Охридскиот рамковен договор. Во две идентификувани сфери - реформите во судството и јавната администрација беа побарани поголеми напори и работа. Во однос на исполнувањето на економските критериуми, Извештајот на Комисијата нотираше напредок во создавањето на функционална пазарна економија, енергетиката и фискалната модернизација, но исто така беше потенцирано дека треба повеќе да се работи на реформите на економскиот систем. Во однос на хармонизацијата на законодавството со правото на ЕУ, г-ѓа Арифи истакна дека е забележан напредок во динамиката и посебно улогата и остварениот придонес на Собранието во донесувањето на законите од европската агенда. Со цел граѓаните да ги почувствуваат позитивниот ефект од хармонизацијата, се очекува побрза имплементација на законодавството.

Советот беше информиран дека е во завршна фаза вториот Акциски план за вториот дел од листата на задачи од Унијата. Во овој документот беа адресирани задачите и рокови за нивна реализација до крајот на мај 2012 година. Според планираната динамика, до крајот на декември

2011 година, плановите на Владата на Република Македонија беа да се усвои ревизијата на НПАА за 2012 година, во која ќе се адресираат сите прашања нотирани во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во 2011 година.

Во однос на Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2011 година, Националниот совет за евроинтеграции на седницата го разгледа текстот на предлог-заклучоците. Членот на Советот г. Антонио Милошоски предложи измена на ставот 1 во точката 3 со следниот предлог "Советот се залага, надлежните субјекти, со сета сериозност и критичност да ги анализираат забелешките во Извештајот и да се обврзат за надминување на посочените слабости, со цел преземање на обврските од претпристапните преговори". Исто така беше даден предлог за измена на став 2 од точката 9 со следниот текст "Националниот совет за евроинтеграции ја нагласува потребата за одржување од грчко македонскиот дијалог и вложување на дополнителни напори за изнаоѓање на компромисно решение. Советот нагласува дека билатералните проблеми не се дел од Копенхашките критериуми". Советот го прифати предлогот на г. Антонијо Милошоски за измена на став 2 од точката 9 од предлог заклучоците.

Членот на Советот и претставник од Кабинетот на претседателот на Република Македонија, г. Димитар Мирчев даде предлог во точка 3 во ставот 1, зборот "сериозност" да се замени со зборот "одговорност" и во точка 8 во ставот 2 зборот "употребата" да се замени со зборот "неупотребата". За овој предлог Советот оцени дека го подобрува текстот на предлог-заклучоците и од оваа причина го прифати.

За предлогот на г. Антонијо Милошоски за измена на точката 3 во ставот 1 од предлог-заклучоците, на седницата на Советот не беше постигнат консензус. Од оваа причина Советот на седницата не усвои заклучоци по повод расправата по Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2011 година.

Членот на Советот г. Кенан Хасипи побара во записникот од Третата седница на Националниот совет за евроинтеграции да се нотира дека за текстот на предлог-заклучоците беше постигната согласност во Советот, освен за текстот од точката 3, за која на седницата не беше постигнат консензус.

На истата седница, Националниот совет за евроинтеграции со консензус донесе нов **Деловник за работа на Советот**, го усвои **Планот на активности на Националниот совет за евроинтеграции за реализација во периодот октомври 2011 - октомври 2012 година**. Исто така, Советот го усвои и Анекс 2 за организирање на јавни расправи до крајот на годината, што произлегува од Мислењето на Советот за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2011 година[1].

**Четвртата седница** на Националниот совет за евроинтеграции се одржа на 27 октомври 2011 со единствена точка на дневниот ред - **Предлог-заклучоци на Националниот совет за евроинтеграции по Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2011 година.** Имајќи предвид дека на претходната трета седница, Националниот совет за евроинтеграции не беше во можност да постигне консензус по текстот на предлог-заклучоците по Извештајот на ЕК за напредокот на Република Македонија за 2011 година, согласно со членот 7 став 3 од Деловникот на НСЕИ, прашањето беше разгледано на следната, четврта седница на Советот.

На седницата Националниот совет за евроинтеграции, по повод Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2011 година, со консензус ги донесе следниве *заклучоци***:**

1. Националниот совет за евроинтеграции ја поздравува повторената препорака на Европската комисија за почеток на преговори за членство на Република Македонија во Европската унија и истакнува дека препораките од Стратегијата за проширување и главните предизвици 2011-2012, даваат силен поттик на процесот на интеграција во Европската унија, за продолжување на политичките и економските реформи на Република Македонија како и на земјите од регионот;

2. Советот смета дека оценките и коментарите содржани во Извештајот се одраз на реалните состојби во Република Македонија за постигнатите резултати во 2011 година во процесот на нејзино интегрирање во Европската унија, за преземените одлуки, мерките кои се имплементирани и усвоените законски акти;

---

[1] Советот го усвои Мислењето на 19-та седница одржана на 21 јануари 2011 година

3. Советот се залага, надлежните субјекти, со сета одговорност и критичност да ги анализираат забелешките во Извештајот и да се обврзат за надминување на слабостите, особено оние спомнати во заклучоците и препораките од Стратегијата за проширување и главните предизвици 2011-2012, со цел преземање на обврските од претпристапните преговори.

Во оваа насока, Советот предлага Владата на Република Македонија итно да изготви план за реализација на препораките содржани во Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2011 година, со носители и рокови за реализација;

4. Националниот совет го поздравува фактот дека најголем дел од Собраниските работни тела го разгледаа Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2011 година и по повод расправата усвоија заклучоци. Се задолжуваат работните тела на Собранието на Република Македонија да го следат акцискиот план за реализација на препораките од Извештајот за напредокот за 2011 година, како и Националната програма за усвојување на правото на Европската унија;

5. Имајќи ја предвид стратешката и консезуална определба за пристапување кон Европската унија, Советот укажува на потребата од континуирана поддршка и соработка во процесот на интеграција, засилено мобилизирање и вклучување на целокупното општество, зголемување на промоцијата на евроинтеграцијата на локално ниво, преку сите надлежни институции и субјекти во насока на преземање на одговорностите од претпристапните преговори;

6. Придвижувањето на пристапниот процес за Република Македонија во следна фаза од европската интеграција ќе биде придобивка за реформскиот моментум, климата на меѓуетничките односи и ќе има позитивно влијание врз регионот;

7. Во периодот до одржување на седницата на Советот на ЕУ во декември 2011 година, Советот укажува на потребата од активно вклучување на целокупниот потенцијал на државата во добивање на датум за почеток на преговори, ефикасни подготовки за реализацијата на сите активности кои ќе следат по добивањето на датумот;

8. Советот ги повикува земјите членки на ЕУ согласно повторениот предлог на Европската комисија, без одложување да одобрат преминување кон втората фаза на асоцијација од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Европските заедници и нивните земји членки, од една страна, и Република Македонија од друга страна;

9. Советот со жалење го нотираше отсуството на употребата на придавката "македонски" во Извештајот на Европската комисија.Советот ја повикува Европската комисија, согласно принципот на почитување на европските различности, без одлагање да ја преиспита неупотребата на придавката „македонски" во контекст на јазичните и културните особености во Република Македонија, а согласно официјалната терминологија на Обединетите нации;

10. Се истакнува дека одржувањето на добрососедски односи, вклучувајќи и меѓусебно прифатливо решение за прашањето за името, под покровителство на ОН, останува клучно во следната фаза од евроинтегративниот процес.

Националниот совет за евроинтеграции ја нагласува потребата за одржување на грчко-македонскиот дијалог и вложување на дополнителни напори за изнаоѓање на компромисно решение. Советот нагласува дека билатералните проблеми не се дел од Копенхашките критериуми.

Во оваа насока Националниот совет за евроинтеграции како тело коешто го претставува општиот консензус за членството во Европската унија, останува на располагање за консултации околу можното решение;

11. Советот ја нагласува потребата од одржување и интензивирање на регионалната соработка на Република Македонија, соработката со земјите членки на ЕУ што нè поддржуваат на патот на нашето интегрирање, како и од унапредување на политичкиот дијалог со структурите на Унијата.

Советот ја нагласува важноста од зајакнување на учеството на Република Македонија во регионалните активности и проекти иницирани преку Регионалниот совет за соработка и идни проекти во рамките на новата финансиска перспектива за Стратегијата Европа 2020;

12. Советот истакнува дека во исполнувањето на поставените задачи, потребно е во континуитет, позитивно да се афирмира Република Македонија како идна членка на Европската унија;

13. Советот ќе продолжи и во иднина ангажирано и континуирано да ја остварува улогата на форум којшто придонесува за унапредување и одржување на политичкиот дијалог и општествениот консензус во процесите на евроинтегрирање на Република Македонија;

14. Со заклучоците на Националниот совет за евроинтеграции по Извештајот на Европската комисија да бидат запознати Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија и Делегацијата на Европската унија во Република Македонија и

15. Заклучоците на Советот да се објават на интернет страницата на Собранието на Република Македонија за да бидат достапни до пошироката јавност.

**Петтата седница** Националниот совет за евроинтеграции ја одржа на 27 декември 2011 година, заедно со собраниската Комисија за европски прашања. На седницата се разгледаа документи доставени од Секретаријатот за европски прашања **три квартални информации за реализираните активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - ревизија 2011 (НПАА), за периодот јануари - март 2011, април - јуни 2011 и за периодот јули - септември 2011 година.** Праксата на информирање за напредокот во реализацијата на активностите од НПАА преку доставување на квартални информации од страна на Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија е воспоставена согласно заклучокот на Националниот совет за евроинтеграции, усвоен на Петтата седница одржана на 6 мај 2009 година[2].

**Шестата седница** на Националниот совет за евроинтеграции беше одржана на 8 февруари 2012 година, заедно со Комисијата за европски прашања. На оваа седница Советот ја разгледа **Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) - ревизија 2012.** Документот го образложи г-ѓа Теута Арифи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжена за европски прашања. Ревизијата на НПАА за 2012 година претставуваше петта годишна ревизија, како и претходните години документот го задржа истиот методолошки концепт на подготовка. Во содржината на документот беа опфатени плановите за усогласување на националното законодавството со правото на ЕУ, потребната динамика за зајакнување на институциите и за спроведување на законодавството, како и неопходните ресурси за реализација на програмата. Во 2012 година продолжи фокусот врз зајакнувањето на владеењето на правото и реформата на јавната администрација, како едни од најзначајните предизвици и основни предуслови во процесот на приближување кон членството во ЕУ.

На заедничката седница, Националниот совет за евроинтеграции со консензус, и Комисијата за европски прашања - едногласно, го усвоија следново **Мислење за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2012 година:**

1. Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања препорачуваат Собранието на Република Македонија и неговите работни тела да дадат приоритет во разгледувањето и донесувањето на законите кои се предвидени во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - ревизија 2012 година, дадени во Анексот 1;

2. Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања препорачуваат работните тела на Собранието на Република Македонија да ја разгледаат

[2] "Во насока на поголемо вклучување и информирање за процесот на реализација на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2009 година, Националниот совет за евроинтеграции заклучи дека е потребно Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија на секои три месеци до Националниот совет за евроинтеграции и до Комисијата за европски прашања да доставува Извештај за реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2009 година"

Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - ревизија 2012, во одделите и поглавјата соодветно на области од надлежност на работните тела;

3. Согласно со усвоените заклучоци по повод расправата по Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во 2011 година, Националниот Совет и Комисијата за европски прашања ги повикуваат работните тела на Собранието на Република Македонија да го следат акцискиот план за реализација на препораките од Извештајот за напредокот за 2011 година, како и Националната програма за усвојување на правото на Европската унија;

4. Имајќи го предвид Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2011 година како и забелешките во делот на Собранието на Република Македонија, Советот и Комисијата укажуваат на потребата Собранието да продолжи да работи врз основа на дијалог што претставува еден од клучните приоритети од Пристапното партнерство;

5. Со цел за поголема инклузивност и транспарентност во процесот на подготовка и донесување на законите кои се предвидени во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија за 2012 година, во претстојниот период Националниот совет за евроинтеграции ќе организира јавни расправи за предлозите дадени во Анекс 2. Во оваа насока Владата на Република Македонија треба да обезбеди редовна пракса на доставување на работни текстови на законите од Анексот 2 од ова мислење, со цел на Советот да му се обезбеди сериозно анализирање на законските предлози и да достави свои предлози, сугестии и препораки;

6. Националниот совет за евроинтеграции и препорачува на Владата на Република Македонија да организира јавни расправи и консултации со засегнатите страни во тек на изработката на подзаконските акти за важни закони кои се дел од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, согласно со одредбите од Деловникот на Владата на Република Македонија, за процена на влијанието на регулативата со цел за подобра имплементација на законите во пракса;

7. Се поздравува реализацијата на Проектот ИПА-ТПП "Техничка помош за Парламентот" финансиран од Европската унија, чија општа цел е да се зајакне институционалниот капацитет на Собранието и уште повеќе да се подобри неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните. Серијата на обуки наменети за дел од Службата како и за пратениците, реализирани во рамките на Проектот претставуваат добра основа за подобрување на знаењата и процедурите за работа и може да помогнат во остварување на активна улога на Собранието во пристапните преговори за членство во Европската унија;

8. Имајќи ги предвид надлежностите и целите на Националниот совет за евроинтеграции, важно е да се продолжи да се инвестира во развој на човечките ресурси во Собраниската служба и за службениците од Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции да се овозможат постојани обуки за ЕУ, заради стручно и професионално усовршување;

9. Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања ги повикуваат сите општествени субјекти да дадат свој активен придонес во процесот на усогласување на законодавството на Република Македонија со правото на Европската унија и

10. Со содржината на ова Мислење да се запознаат Владата на Република Македонија, Собранието на Република Македонија и истото да биде објавено на интернет-страницата на Собранието на Република Македонија.

**Седмата седница** на Националниот совет за евроинтеграции беше одржана на 14 март 2012 година, заедно со Комисијата за европски прашања. На седницата беше разгледана **Информацијата за реализираните активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - ревизија 2011 година, за периодот 1 октомври 2011 - 31 декември 2011 година**, изготвена и доставена од Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија. Претседателот на Националниот совет за евроинтеграции г-ѓа Радмила Шекеринска, започнувањето на Пристапниот дијалог на високо ниво меѓу Република Македонија и Европската унија го оцени како позитивен чекор, но укажа дека тоа не може да го замени скрининг-процесот и почетокот на преговорите. Претседателот на Собраниската

Комисија за европски прашања г. Хајрула Мисини го поздрави отпочнувањето на Пристапниот дијалог на високо ниво за областите од поглавјата 23 и 24 кои се однесуваат на пет клучни теми и реформски цели за медиумите, слободата на изразување и професионалните стандарди, реформите во судството, внатрешните односи и меѓуетничките односи, реформите во администрацијата, реформите во изборниот систем и изборните процедури и економските критериуми. Членовите и претставниците на НСЕИ и членовите на КЕП во своите дискусии го поздравија отпочнувањето на Пристапниот дијалог на високо ниво меѓу Република Македонија и ЕУ, како и предлогот на европратеникот г. Ричард Ховит и известител за Република Македонија во ЕП, за одредување на датум за преговори за пристапување во Унијата, без одлагање. Во расправата на седницата стана збор и за прашања во однос на меѓуетничките односи, безбедноста, решавањето на судските предмети, слободата на медиумите, препораката на ОБСЕ за ревизијата на избирачките списоци, попис по европски стандарди, независноста на судството, декриминализација на клеветата и др.

**Осмата седница** на Националниот совет за евроинтеграции беше одржана на 3 мај 2012 година. Седницата беше заедничка со со собраниската комисија за европски прашања. На седницата беше разгледана **Информацијата за реализираните активности од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ на Европската унија - ревизија 2012, за периодот 1 јануари 2012 - 31 март 2012 година**, изготвена и доставена од Секретаријатот за европски прашања. Информацијата ја образложи г-ѓа Теута Арифи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжена за европски прашања при што истакна дека документот ги содржи преземените активности на Владата на Република Македонија по започнувањето на Пристапниот дијалог на високо ниво меѓу Република Македонија и ЕУ. Советот и Комисијата беа информирани за првиот состанок на ПДВН и преземената обврска за подготовка на патоказ со кој се утврдуваат насоките во кои ќе се реализираат обврските кои произлегуваат во процесот на интеграцијата во ЕУ. Во однос на областа на слободата на изразување, медиумите и професионалните стандарди, Вицепремиерот задолжен за европски прашања истакна дека главна ориентација е усогласување на законодавството со европските стандарди, за клеветата, нивото на глобите, укинувањето на притворот како санкција и утврдување на јасни одредби за правните средства кои се применуваат. Во оваа насока, Советот беше информиран дека продолжува дијалогот со претставниците на медиумите во однос на декриминализацијата на клеветата и консултациите со експерти и стручни лица од Советот на Европа. Во тој контекст, за судиите кои имаат надлежност да постапуваат по кривичното дело клевета, биле организирани посебни обуки за спроведување на членот 10 од Европската конвенција за човековите права. Советот беше информиран за плановите за измени на законската регулатива за Советот за радиодифузија, за септември 2012 година, до кога треба да се спроведат серија на консултации за измена на регулативата. Во однос на владеењето на правото и фундаменталните права, г-ѓа Арифи информираше за преземените активности за зголемување на ефикасноста на судството, за зајакнување на капацитите на судските институции, за развој на софтвер за судската статистика и за намалување на нерешените случаи во Врховниот суд, Управниот суд и апелационите судови во Република Македонија, како и подобрување на инфраструктурата и опремата на Јавното обвинителство.

Советот беше информиран за планираните активности во однос на антикорупциските мерки, уредбите за начинот за проверка на содржината на изјавите за судир на интереси, плановите со динамика за проверка на претходно поднесените изјави за судир на интереси на избрани и именувани лица. Финансирањето на политичките партии како и унапредување на законската регулатива за финансирање на партиите се области на кои се посветува значајно внимание. Планирани се измени на Законот за следење на комуникации со цел да се преиспита улогата на министерот за внатрешни работи во одобрувањето на посебните истражни мерки. Госпоѓа-та Арифи информираше за подготовките на извештај за реализација на политиките кои произлегуваат од Охридскиот рамковен договор. Подобрувањето на дијалогот на заедниците е една од обврските на Секретаријатот за спроведување на Охридскиот рамковен договор. Во однос на реформата на јавната администрација, Советот беше информиран дека во подготвка е анализа на Законот за јавни службеници и на Законот за државни службеници, со интенција за подготвока на нови законски решенија и спроведување на политики за вработување по принцип на транспарентност и доследност, врз начелото на заслуги. Во однос на реформата на изборниот процес, г-ѓа Арифи информираше за вториот состанок на Управувачкиот комитет за прашањата од извештаите на ОБСЕ и ОДИХР за последните избори, како и за формирањето на две работни групи во рамките на Министерството за правда и Државната изборна комисија. Во однос на последната цел од Патоказот за реализација на приоритетните цели за 2012 година, односно делот кој ги опфаќа економските критериуми, Советот беше запознат со преземените

активности за зајакнување на пазарната економија, подобрување на пазарот на трудот, образованието и утврдување на функционална пазарна економија.

Националниот совет за евроинтеграции на 12 јуни 2012 година ја одржа **Деветтата седница** на Советот во парламентарниот мандат 2011-2015. На седницата беше разгледана **Претпристапната економска програма за периодот 2012-2014 година**, презентирана од страна на г-ѓа Анита Поповска претставник од Министерството за финансии и координатор за ПЕП 2012-2014. Подготовката на програмата претставува обврска што Република Македонија ја има преземено од 2005 година, кога ѝ беше доделен статус на земја кандидат за членство во ЕУ. Претпристапната економска програма е подготовка на земјите кандидати за понатамошна координација на економската политика и е претходник на програмите за конвергенција кои земјите членки ги подготвуваат во рамките на Пактот за стабилност. Советот беше информиран дека основната цел на ПЕП 2012-2014 е да се стави акцент на исполнување на економските критериуми за членство во Унијата, но воедно и да го развие аналитичкиот капацитет на администрацијата. Од страна на претставникот од Министерството за финансии г-ѓа Анита Поповска беше истакнато дека е добро кога ќе се подготвува следната претпристапна економска програма, Националниот совет за евроинтеграции да учествува во фазата пред нејзиното донесување, со цел предлозите, забелешките и коментарите по нацрт-верзијата да имаат поголемо значење и позитивно да влијаат на подобрување на финалниот текст на програмата.

На истата седница, Националниот совет за евроинтеграции со консензус усвои заклучоци од јавната расправа по Предлог-стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор 2012-2017 година одржана на 27 февруари 2012 година, како и заклучоци од јавната расправа по работниот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина одржана на 13 март 2012 година.

На оваа седница Националниот совет за евроинтеграции го усвои и Извештајот за работата на Советот за периодот од 1 септември 2011 до 31 декември 2011 година.

**Десетта седница** Националниот совет за евроинтеграции ја одржа на 31 јули 2012 година заедно со Комисијата за европски прашања. На седницата беше разгледан **Извештајот на Владата на Република Македонија до Европската комисија за статусот на реализација на активностите од Патоказот за реализација на приоритетните цели усвоени на Пристапниот дијалог на високо ниво.** Извештајот произлегуваше како обврска согласно со заклучоците од вториот состанок на Пристапниот дијалог на високо ниво и истиот беше презентиран од страна на г-ѓа Теута Арифи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжена за европски прашања. Во извештајот беше даден преглед на степенот на реализација на конкретните активности од Патоказот преземени од страна на Владата на Република Македонија во договорените пет приоритетни области слобода на изразување и професионални стандарди, владеење на правото, реформа на јавната администрација, реформа на изборите и зајакнување на пазарната економија. Советот беше информиран дека во периодот на 30 и 31 мај 2012 година од страна на Европската комисија била спроведена техничка мисија, со цел да се направи пресек на реализацијата и статусот на имплементација на планираните мерки од Патоказот. Заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања информираше и за одржаниот состанок на Советот за стабилизација и асоцијација, на кој исклучително високо биле оценети приоритетите од Патоказот на ПДВН.

Националниот совет за евроинтеграции на 17 септември 2012 година ја одржа **Единаесеттата седница** во парламентарниот состав 2011-2015. На оваа седница свое **обраќање имаше г. Штефан Филе, комесар за проширување и европска соседска политика на Европската комисија**. На седницата беа поканети и членовите на Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешна политика и Мешовитиот парламентарен комитет - РМ и ЕУ. Посетата на комесарот Филе, на Република Македонија беше дел од третата рунда на посети на Република Македонија во рамките на Пристапниот дијалог на високо ниво. Еврокомесарот Филе изрази задоволство од посетата на Република Македонија и можноста за дискусија во Собранието, која ја оцени дека не е само протоколарна, туку важна дебата водена од искрени напори од двете страни. Во излагање Комесарот Филе се осврна на она што е сработено од страна на Република Македонија во последните шест месеци, оценувајќи го процесот на исполнување на реформите во пет области во рамките на ПДВН за навистина успешен. Еврокомесарот Филе истакна дека третата рунда на ПДВН е мошне важна по три точки: прво - дава можност да се разгледа тоа што е постигнато, второ - ја покажува врската меѓу Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2012 година и препораките дадени од Европската комисија и одлуката на земјите членки на највисоко ниво во рамки на Европскиот совет во

декември годинава и трето - се разговара за добрососедските и билатералните односи на Република Македонија со нејзините соседи.

Националниот совет за евроинтеграции на 16 октомври 2012 година ја одржа **Дванаесеттата седница** и истата беше заеднички организирана со Комисијата за европски прашања. Седницата беше посветена на **Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2012 година.** На седницата беа поканети и членовите на Комисијата за надворешна политика, членовите на Мешовитиот парламентарен комитет РМ и ЕУ, претставници на амбасадите на земјите членки на Европската унија во Република Македонија и претставници на невладини организации.

На заедничката седница пред двете тела се обрати Н.Е. г. Аиво Орав шеф на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија, при што изнесе дека главниот фокус во 2012 година бил на владеењето на правото, реформите во судството, борбата против корупцијата и организираниот криминал и слободата на медиумите. На второ место биле помирувањето, регионалната соработка и добрososедските односи, а на трето место, економските предизвици со оглед на економските проблеми во ЕУ во периодот. Во однос на Извештајот на ЕК за 2012 година г. Орав изнесе дека е навистина извештај за напредок на земјата, за што придонес има воспоставениот Пристапен дијалог на високо ниво, во чии рамки Комесарот за проширување г. Штефан Филе во 2012 година оствари три посети на Република Македонија. Од негова страна беше изнесено дека со ПДВН се покажа голема посветеност на Владата на Република Македонија да продолжи со процесот на реформите, беше постигнат напредок во реформите и тоа беше забележано од страна на Европската комисија. Во Извештајот за 2012 година нотиран е напредок, но има и понатамошни предизвици со кои Република Македонија треба да се соочи за натамошната имплементација на реформите. Како резултат на нотираниот напредок во повеќето поглавја, Европската комисија и во 2012 година даде препорака за почеток на пристапните преговори што претставуваше четврта препорака по ред, како признание за постигнувањата на земјата во 2012 година и за нејзината подготвеност да премине во следна фаза од пристапниот процес. Европската комисија предложи да започнат пристапните преговори и паралелно да продолжат преговорите за спорот со името кој треба да се реши што е можно побрзо. Во однос на дадената препорака на ЕК, г. Орав информираше дека истата ќе биде предадена на земјите членки на Унијата, за да се донесе одлука на седницата на декемврискиот состанок на Советот на ЕУ.

Заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжена за европски прашања г-ѓа Теута Арифи истакна дека Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2012 година е реален одраз на степенот на остварување на реформите и на посветеноста на институциите, невладините организации и целокупното општество во однос на евроинтеграциите. Во Извештајот беа нотирани реформите во клучните области и дадени насоки како да се продолжи во иднина. Во делот на економските критериуми беше нотиран напредок, но и препораки за остварување на уште поголем напредок. Како обврска што произлегуваше од препораките на Извештајот на ЕК за 2012 година беше и зајакнување на државните капацитети за искористување на средствата од ИПА фондовите. Г-ѓа Теута Арифи го информираше Советот дека ќе продолжат правните и економските реформи и дека ќе се подготви втор дел од Патоказот на ПДВН, за да се адресираат сите прашања од аспект на реформите и обврските.

По повод Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2012 година, Националниот совет за евроинтеграции "едногласно" и Комисијата за европски прашања со седум гласа "за" и еден глас "воздржан" на заедничката седница одржана на 16 октомври 2012 година, ги донесоа следниве **Заклучоци:**

1. Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања ја поздравуваат повторената препорака на Европската комисија за почеток на преговори за членство на Република Македонија во Европската унија и истакнуваат дека препораките од Стратегијата за проширување и главните предизвици 2012-2013, даваат силен поттик на процесот на интеграција во Европската унија, за продолжување на политичките и економските реформи на Република Македонија како и на земјите од регионот;

2. Советот и Комисијата сметаат дека оценките и коментарите содржани во Извештајот се одраз на реалните состојби во Република Македонија за постигнатите резултати во 2012 година во процесот на нејзино интегрирање во Европската унија, за преземените одлуки, мерките кои се имплементирани и усвоените законски акти;

3. Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања ја поздравуваат силната посветеност, континуираната поддршка и безрезервниот ангажман на Европската комисија, во процесот на европската интеграција на Република Македонија;

4. Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања констатираат дека воспоставувањето на Пристапниот дијалог на високо ниво претставува важна платформа со која се интензивираше реформскиот процес за пристапување кон Европската унија, за реализација на приоритетите, зајакнување на довербата и за приближување на европската перспектива на Република Македонија.

Советот и Комисијата го поздравуваат постигнатиот напредок во приоритетните области дефинирани во рамките на Пристапниот дијалог на високо ниво и истовремено укажуваат на потребата за задржување на реформскиот моментум, особено за да се обезбеди спроведување на реформите во клучните области;

5. Советот и Комисијата констатираат дека преминувањето на пристапниот процес за Република Македонија во следна фаза од европската интеграција ќе биде придобивка за натамошно зајакнување на реформите и меѓуетничките односи, зајакнување на кредибилитетот на Европската унија, како и охрабрување на реформските напори во целиот регион.

Во оваа насока и согласно досегашните четири препораки на Европската комисија, се повикува Европскиот совет да донесе одлука за почеток на пристапните преговори со Република Македонија;

6. Се истакнува дека одржувањето на добрососедски односи, вклучувајќи и меѓусебно прифатливо решение во врска со разликите за името, под покровителство на ОН, останува клучно во следната фаза од евроинтегративниот процес.

Особено се цени новиот моментум, според кој одлуката на Европскиот совет за почеток на пристапни преговори ќе придонесе за создавање на поволни услови за изнаоѓање на такво решение и подготвеноста на Европската комисија да презентира без одлагање преговарачка рамка во која исто така ќе биде земена предвид потребата да се реши прашањето за разликите околу името во раната фаза од пристапните преговори.

Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања, укажувајќи дека иако билатералните проблеми не се дел од Копенхашките критериуми, ја нагласуваат потребата за натамошно одржување на македонско-грчкиот дијалог.

Во оваа насока, Националниот совет за евроинтеграции, како тело кое што го претставува општиот консензус за членството во Европската унија, останува на располагање за консултации околу можното решение;

7. Советот и Комисијата го поздравуваат враќањето на употребата на придавката "македонски" во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2012 година, што е согласно принципот на почитување на европските различности и во контекст на јазичните и културните особености во Република Македонија, како и согласно званичната терминологија на Обединетите нации;

8. Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања ја истакнуваат потребата од одржување на моментумот во однос на идните предизвици од Охридскиот рамковен договор, кој останува клучен за развој на демократијата и владеење на правото во земјата.

Имплементацијата на Охридскиот рамковен договор и во иднина треба да послужи како алатка за унапредување на дијалогот меѓу заедниците;

9. Советот и Комисијата се залагаат, надлежните субјекти со сета одговорност и критичност да ги анализираат забелешките во Извештајот и да се обврзат за надминување на слабостите, особено оние спомнати во заклучоците и препораките од Стратегијата за проширување и главните предизвици 2011-2012, со цел преземање на обврските од претпристапните преговори.

Во оваа насока, Советот и Комисијата предлагаат Владата на Република Македонија итно да изготви план за реализација на препораките содржани во Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2012 година, со носители и рокови за реализација;

10. Советот и Комисијата ги повикуваат земјите членки на ЕУ, согласно со повторениот предлог на Европската комисија, без одложување да одобрат преминување кон втората фаза на

асоцијација од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Европските заедници и нивните земји членки од една страна и Република Македонија од друга страна;

11. Во периодот до одржување на седницата на Советот на ЕУ во декември 2012 година, Националниот совет и Комисијата укажуваат на потребата од активно вклучување на целокупниот потенцијал на државата во добивање на датум за почеток на преговори, ефикасни подготовки за реализацијата на сите активности кои ќе следат по добивањето на датумот;

12. Советот и Комисијата ја нагласуваат потребата за продолжување на регионалната соработка на Република Македонија, на соработката со земјите членки на ЕУ што нѐ поддржуваат на патот на нашето интегрирање, како и континуирано одржување на политичкиот дијалог со структурите на Унијата.

Советот и Комисијата ја нагласува важноста од продолжување на учеството на Република Македонија во регионалните иницијативи за соработка, вклучително Процесот за соработка во Југоисточна Европа, Советот за регионална соработка и Централноевропскиот договор за слободна трговија;

13. Имајќи ја предвид стратешката и консезуална определба за пристапување кон Европската унија, Советот и Комисијата укажуваат на потребата од континуирана поддршка и соработка во процесот на интеграција, засилено мобилизирање и вклучување на целокупното општество, зголемување на промоцијата на евроинтеграцијата на локално ниво, преку сите надлежни институции и субјекти во насока на преземање на одговорностите од претпристапните преговори;

14. Советот и Комисијата истакнуваат дека во исполнувањето на поставените задачи, потребно е во континуитет, позитивно да се афирмира Република Македонија како идна членка на Европската унија;

15. Советот и Комисијата ќе продолжат и во иднина ангажирано и континурано да ја остваруваат улогата на форум којшто придонесува за унапредување и одржување на политичкиот дијалог и општествениот консензус во процесите на евроинтегрирање на Република Македонија;

16. Со заклучоците на Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања од расправата по Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2012, да бидат запознати Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија и Делегацијата на Европската унија во Република Македонија и

17. Заклучоците на Советот и Комисијата да се објават на интернет страницата на Собранието на Република Македонија за да бидат достапни до пошироката јавност.

Националниот совет за евроинтеграции на 26 ноември 2012 година ја одржа **Тринаесеттата седница,** заедно со Комисијата за европски прашања. На седницата беше разгледана **Информацијата за статусот на реализација на Инструментот за претпристапна помош на ЕУ (ИПА) за Република Македонија, доставена од Секретаријатот за европски прашања**. Информацијата беше презентирана од страна на г-ѓа Теута Арифи заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжена за европски прашања. Европските фондови се користат за поддршка на евроинтеграциите на земјата пред нејзиното зачленување во Унијата, истите се предвидени за создавање на соодветни структури и воспоставување на институционални капацитети во претпристапниот период и за подготовка на земјата да се соочи со предизвиците во користењето на структурните и кохезионите фондови што ќе бидат на располагање како идна земја членка на ЕУ. Госпоѓа Арифи истакна дека е постигнат значителен прогрес во искористувањето на средствата од ИПА. Преземени се исклучителни напори за формирање на оперативна и функционална структура за менаџирање и децентрализирано управување со фондовите на ЕУ. Структурата се состои од 590 државни службеници и истата успешно е акредитирана. Советот беше информиран за дополнителните активности на кои треба да се посвети внимание: измените на правната рамка во областите на регионална политика, буџетското планирање, измени во институционалната поставеност и зајакнување на системот и едукацијата и процена за успешност.

На оваа седница, пред членовите и претставниците на Националниот совет за евроинтеграции и членовите на Комисијата за европски прашања, д-р Мојмир Мрак, експерт од Република Словенија одржа презентација за фискалните аспекти на процесот за пристапување

кон ЕУ, со посебен акцент врз искуствата во користењето на претпристапните фондови. Беше даден преглед на предлог-регулативата ИПА II, во рамките на повеќегодишната финансиска перспектива на ЕУ за 2014-2020 година. На презентацијата пошироко беше претставен Буџетот на ЕУ, како клучен инструмент со кој се обезбедува подготовка и реализација на политиките на Унијата.

Во текот на март и првата недела од април 2013 година, Националниот совет за евроинтеграции (како и Собранието и неговите работни тела), не одржуваше седници поради одржувањето на локалните избори.

На **Четиринаесеттата седница** на Националниот совет евроинтеграции која беше одржана на 9 април 2013 година свое **обраќање имаше г. Штефан Фуле, Комесар за проширување и европска соседска политика на Европската комисија.** На седницата беа поканети и учествуваа членовите од Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешна политика и Мешовитиот парламентарен комитет РМ и ЕУ, како и амбасадорите на земјите членки на Европската унија во Република Македонија. На седницата присуствуваа и г. Стефано Санино генерален директор на Генералниот директорат за проширување на Европската комисија, г. Аиво Орав шеф на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија и г. Андреј Лепавцов, амбасадор на Република Македонија при Европската унија.

На седницата Комесарот Фуле изрази задоволство што повторно е во Скопје, иако тоа е трет пат од почетокот на годината и забележа дека ако неговото доаѓање се смета за позитивен знак од аспект на вклученост на Унијата, тогаш е во ред, но исто така доколку се смета за вознемирувачки знак дека нешто не е добро, повторно сме во право. Комесарот Фуле, посочи дека Претпристапниот дијалог на високо ниво се покажа како важен катализатор за Република Македонија, истиот ги одреди специфичните реформи во пет клучни области, преку процес на дијалог. Комесарот Фуле нагласи дека има напредок во одредени области, напредокот не се однесува на целата област - владеење на правото, туку на подобрувањето на ефикасноста на судскиот систем и важноста на Академијата за судии и јавни обвинители како и подобрување во спроведувањето на обуки. Позитивно беа оценети некои законски решенија кои беа неодамна донесени во оваа област. Во однос на реформите на јавната администрација, комесарот Фуле истакна дека со особен интерес ги следат реформите и напорите за поставување на општа рамка, но нема конкретен коментар дека има напредок. Во овој контекст комесарот Фуле изнесе дека се надева дека ќе биде направено повеќе за децентрализацијата и регионалниот развој. Во однос на слободата на изразувањето и медиумите, комесарот Фуле нагласи дека од суштинско значење е да продолжи дијалогот со новинарите, и истите да бидат вклучени во реформите во оваа област, на транспарентен и отворен начин. Комесарот Фуле ја потенцираше важноста од усвојувањето на законските решенија за декриминализација на клеветата во 2012 година но и дека сега очекувањата се националните судови да покажат капацитет и да го имплементираат законодавството. Од негова страна беше изразено жалење дека големиот напредок кој беше постигнат, беше покриен со настаните од 24 декември 2012 година, и поради тоа оцени дека од суштинско значење е Владата да го продолжи дијалогот со новинарите. Од страна на комесарот Фуле беше дадена препорака што побрзо да се формира Анкетна комисија за расчистување на настаните од 24 декември 2012 година, како и да се потпише меѓупартиски меморандум со кој ќе се потврди заедничката посветеност за евроинтеграцискиот процес. Во однос на локалните избори во 2013 година, според меѓународните набљудувачи истите се оценети како добро спроведени и конкурентни, но има бројни забелешки на ОБСЕ/ОДИХР кои мора да бидат разгледани, како што се недоволна одделеност на државата и партијата, наводите за злоупотреба на државните ресурси во текот на кампањата како и улогата на медиумите во овој контекст.

На **Петнаесеттата седница** одржана на 24 јуни 2013 година Националниот совет за евроинтеграции ја разгледа **Информацијата за реализираните активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - ревизија 2013, за периодот од 1 јануари 2013 до 31 март 2013 година.** Информацијата беше презентирана од страна на д-р Фатмир Бесими, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања. На седницата беше укажано дека е особено важно темата за евроинтеграциите да продолжи да биде во фокусот на интересот кај институциите, вклучително и во Собранието на Република Македонија, што ќе претставува добра порака за посветеноста на државата во пристапување во ЕУ. Исполнувањето на обврските од Патоказот, односно Акцискиот план за исполнување на приоритетите дефинирани во Пристапниот дијалог на високо ниво, се приоритетите кои произлегуваат и од НПАА. Во однос на политичките критериуми, вицепремиерот Бесими ја потенцираше важноста на ПДВН, како и спроведените локални избори,

при што информираше за состанокот на Управувачкиот комитет на високо ниво, одржан веднаш по изборите со цел да продолжат со работа работните групи за законодавството и за избирачкиот список, како и за натамошна имплементација на препораките од извештајот на ОБСЕ за одржаните локални избори. Советот беше информиран за реализираните активности во областите на јавна администрација, правосудство, антикорупциска политика, човекови права и заштита на малцинствата, слобода на изразување и медиумите, имплементацијата на Охридскиот рамковен договор, регионалните прашања и меѓународните обврски, како и за економските критериуми. На истата седница Националниот совет за евроинтеграции со консензус усвои заклучоци од четири јавни расправи организирани во текот на 2012 година, по работната верзија на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите, Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи, Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за полиција и Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита.

**Шеснаесеттата седница** на Националниот совет за евроинтеграции беше одржана на 23 јули 2013 година, заедно со Комисијата за европски прашања. На седницата од страна на г. Ренатас Јушка, амбасадор на Република Литванија задолжен за Република Македонија со седиште во Будимпешта, беше презентирана **Програмата и приоритетите за работа на Литванското претседателство со Советот на Европската унија за периодот јули-декември 2013 година.** Националниот совет за евроинтеграции за прв пат од неговото формирањето организираше седница за тема посветена на програма и приоритети на актуелно претседателство со Советот на ЕУ. На седницата беа поканети и учествуваа и членовите на Комисијата за надворешна политика, членовите на Мешовитиот парламентарен комитет РМ и ЕУ, како и претставници на амбасадите на земјите членки на Европската унија во Република Македонија. Амбасадорот Јушка презентираше информации за актуелната состојба во Литванија како на политичко, така и на економско поле одржаните избори во 2013 година и новиот парламентарен состав, како и податоци за Литванската економија како втора најбрзо растечка економија меѓу земјите членки во ЕУ во последните две години. Во фокусот на шестмесечното Литванско претседателство со Советот на ЕУ беа три приоритети: кредибилна, растечка и отворена Европа. Во рамките на приоритетот - отворена Европа, Литванското претседателство ќе се стреми да преземе чекори за зајакнување на ЕУ како глобален модел на отвореност и безбедност, ќе се фокусира на поблиска интеграција на ЕУ и нејзините источни партнери, а воедно и ќе го следи процесот на проширување на ЕУ.

Националниот совет за евроинтеграции на 28 октомври 2013 година ја одржа **Седумнаесеттата седница** во парламентарниот мандат 2011-2015. На седницата беше разгледан **Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2013 година.** На седницата присуствуваа: г. Ричард Ховит, пратеник во Европскиот парламент и известител за Република Македонија во ЕП, Н.Е. Аиво Орав, шеф на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија како и амбасадори и претставници на земјите членки на Европската унија во Република Македонија.

Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2013 година, беше презентиран од страна на г. Аиво Орав, кој истакна дека е особено важно што Европската комисија по петти пат даде препорака за почеток на пристапните преговори со Република Македонија. Препораката значи дека Европската комисија верува дека земјата е подготвена да ги започне пристапните преговори. Во Извештајот на ЕК беа нагласени следниве прашања/области: политичкиот дијалог како многу важен и истиот треба да продолжи, слободата на медиумите, владеењето на правото, борбата против корупција и добрососедските односи. Од негова страна беше нагласено дека во периодот до одржувањето на декемврискиот состанок на Советот на ЕУ, потребен е дополнителен напредок во наведените области. Пратеникот во Европскиот парламент и известител за Република Македонија во ЕП, г. Ричард Ховит, за прв пат присуствуваше на седница на Националниот совет за евроинтеграции. Според г. Ховит, Националниот совет за евроинтеграции има клучна улога во постигнувањето на широк национален консензус за европската интеграција на државата, како и за политичкиот дијалог, што е потенцирано и во Извештај на ЕК за 2013 година. Во однос на реформата на јавната администрација, г. Ховит укажа на потребата за дополнителни напори за гарантирање на професионалност и независност на администрацијата и правичната застапеност. Вклучувањето на граѓанското општество во парламентарниот процес и донесувањето на одлуките е од особено значење. Како важен чекор што треба да се преземе според г. Ховит беше спроведување на препораките од Извештајот на Комисијата за испитување на настаните во Собранието од 24 декември 2012 година. Беше укажано на потребата во измените на Деловникот на Собранието да се интегрираат сите политички партии во духот на потпишаниот меѓупартиски меморандум.

Господинот Ховит информираше дека слободата на изразување и состојбите во медиумите ќе бидат едни од главните прашања за кои ќе се дискутира во Европскиот парламент. Ставот на Европската комисија и Европскиот парламент, како и негов личен став е дека Копенхашките критериуми се доволно исполнети, но дека дел од земјите членки на ЕУ не се согласуваат со тоа. За ова прашање треба да се дискутира пред декемврискиот состанок на Советот на ЕУ, со цел да се убедат сите земји-членки. И покрај тоа што беа одржани две продолженија на Седумнаесеттата седница, на 7 и 8 ноември 2013 година, Советот не усвои заклучоци.

**Осумнаесеттата седница** на Националниот совет за евроинтеграции беше одржана на 12 февруари 2014 година заедно со Комисијата за европски прашања. На седницата беше разгледана **Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - ревизија 2014 година**. На заедничката седница беа поканети и присуствуваа претставници на амбасадите на земјите-членки на Европската унија. Вицепремиерот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања г. Фатмир Бесими ги презентираше главните цели и активности предвидени во НПАА - ревизија 2014 година, во однос на динамиката на усогласувањето на националното законодавство со европското право, како и за постигнатото прилагодување на националните институции кон европските административни структури. По повод расправата по Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, ревизија 2014 година, Националниот совет за евроинтеграции со консензус и Комисијата за европски прашања едногласно, го усвоија следново **Мислење за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2014 година:**

1. Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања препорачуваат Собранието на Република Македонија и неговите работни тела да дадат приоритет во разгледувањето и донесувањето на законите кои се предвидени во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - ревизија 2014-2016 година, дадени во Анекс 1;

2. Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања препорачуваат работните тела на Собранието на Република Македонија да ја разгледаат и следат реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - ревизија 2014-2016 година, во одделите и поглавјата соодветно на областа од нивната надлежност;

3. Имајќи го предвид Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2013 година како и забелешките во делот на Собранието на Република Македонија, Советот и Комисијата ја нагласуваат потребата за поголема заложба на сите политички партии застапени во Собранието, за решавање на проблемите преку дијалог со целосно почитување на институционалната рамка;

4. Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања во 2014 година ќе ги зајакнат своите активности и дебати за клучните приоритети од европската агенда на Република Македонија, промовирањето на консензуален пристап и сеопфатна расправа за реализација на приоритетите од процесот на пристапување на Република Македонија во Европската унија;

5. Националниот совет за евроинтеграции како тело кое овозможува инклузивност на сите општествени фактори во креирањето и следењето на интеграцијата на Република Македонија во Европската унија, ќе продолжи да остварува конструктивна улога во постигнувањето на широк национален консензус за европската интеграција на Република Македонија.;

6. Со цел да се обезбеди поголема инклузивност и транспарентност во процесот на подготовка и донесување на законите кои се предвидени во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија за 2014 година, Националниот совет за евроинтеграции во текот на 2014 година ќе организира јавни расправи за предлог-законите содржани во Анексот 2;

   Во оваа насока Владата на Република Македонија и министерствата треба да обезбедат редовна пракса на доставување на работни текстови на законите од Анексот 2 од ова Мислење, со цел на Советот да му се обезбеди сериозно анализирање на

законските предлози како и можност навремено да достави свои предлози, сугестии и препораки што ќе произлезат од јавните расправи;

7. Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања ги повикуваат сите општествени субјекти да дадат свој активен придонес во процесот на усогласување на законодавството на Република Македонија со правото на Европската унија;

8. Составен дел на Мислењето за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2014 година, се анексите 1 и 2 и

9. Со содржината на ова мислење да се запознаат Владата на Република Македонија и Собранието на Република Македонија и истото да биде објавено на интернет страницата на Собранието на Република Македонија.

## III. ЈАВНИ РАСПРАВИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Во насока на поголема инклузивност и транспарентност во процесот на подготовка и донесување на законите предвидени во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, Националниот совет за евроинтеграции во периодот опфатен со овој мандатен извештај организираше седум јавни расправи. Пет од јавните расправи беа организирани согласно Анексот 2 од Мислењето за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2012 година[3]. Две од јавните расправи беа организирани согласно со Планот на активности на НСЕИ за реализација во текот на 2012 година[4].

Беа направени напори на јавните расправи да се поканат сите заинтересирани страни, здруженија на граѓани, како и експерти од академските и стручните институции во државата. Јавните расправи организирани од страна на НСЕИ беа поздравени од сите учесници и позитивно беа оценети како голем придонес за зголемување на дебатата како и можност за изнесување на конкретни предлози и сугестии за квалитетно подобрување на одредбите од предлог-законите кои беа предмет на јавните расправи.

На 22 февруари 2012 година Националниот совет за евроинтеграции во соработка со Граѓанската платформа на Македонија организираше јавна расправа по **Работната верзија на Предлог стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор за периодот 2012-2017 година**. На јавната расправа учествуваа претставници од 27 граѓански организации и здруженија, пратеници во Собранието на Република Македонија, претставници на амбасади на земји-членки на ЕУ и од Делегацијата на ЕУ во Република Македонија. Стратешкиот документ беше презентиран од г-ѓа Сузана Никодијевиќ-Филиповска, раководител на Секторот за анализа на политики и координација при Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија. Присутните на јавната расправа беа информирани за процесот на подготовка на стратегијата, за остварениот напредок во соработката на Владата со граѓанскиот сектор, вредностите и принципите врз кои се темели соработката, за состојбите во граѓанскиот сектор и неговите карактеристики. Во однос на стратешката рамка, г-ѓа Никодијевиќ-Филиповска информираше за визијата, целите, субјектите како и стратешките приоритетни области. Периодот за реализација на целите на стратегијата е 2012-2017 година, додека спроведувањето на специфичните мерки од Стратегијата ќе се реализира преку усвојување на два акциски планови кои детално ќе ги предвидат активностите. Учесниците на јавната расправа ја поздравија и позитивно ја оценија иницијативата на Националниот совет за евроинтеграции и Граѓанската платформа на Македонија, за организирањето на јавната расправа, а во текот на истата беа изнесени предлози, коментари и забелешки во насока на подобрување на работната верзија на Предлог-стратегијата.

На 13 март 2012 година Националниот совет организираше јавна расправа по **работната верзија на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина**. Овој закон беше еден од десетте закони од Анексот 2 кој е составен дел на Мислењето за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2012 година. Образложение по работната верзија на законот даде г. Стево Темелковски заменик-министер за

[3] Усвоено со консензус на Шестата седница одржана на 8 февруари 2012 година по повод расправата по НПАА-ревизија 2012 година.
[4] Усвоен на Третата седница на НСЕИ одржана на 25 октомври 2011 година.

животна средина и просторно планирање. Законот за животната средина донесен во 2005 година претставува еколошки устав и истиот во изминатите години е повеќе пати изменет и дополнет како резултат на потребата за усогласување со одредени европски директиви од областа на животната средина. Целта на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за животна средина беше усогласување со Директивата бр. 96/82/ЕЗ на Советот, за опасности од хаварии што вклучуваат опасни материи. Со предлог-законот се додаваше нов член 147-а, со кој се воведува политика за спречување на хаварии, која треба да биде во пишана форма и да гарантира висок степен на заштита на луѓето и животната средина. Една од причините за донесување на измените и дополнувањата на Законот за животната средина беше и во насока на имплементацијата на третата фаза од Регулаторната гилотина, за поедноставување на постапката за изработка на елаборат за заштита на животната средина за земјоделците, занаетчиите, фармерите и трговците од мал обем.

Националниот совет на 7 јуни 2012 година одржа јавна расправа **по работната верзија на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите**. Донесувањето на овој закон беше предвидено во НПАА - ревизија 2012 година. Законот, исто така, претставуваше дел од Анексот 2 на Мислењето за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2012 година. На јавната расправа говорниците се согласија дека станува збор за измени и дополнувања на закон чиј предмет на регулирање е опширна, но и чувствителна тема која има допирни точки со повеќе круцијални прашања и области, како на заштитата на човековите права, повреда на приватноста и загарантираното право на комуникација, усогласување со постојните законски решенија од Законот за кривична постапка. Имајќи в предвид дека Предлог на законот беше во фаза на работна верзија, во дискусиите беше укажано да се искористи можноста изнесените предлози и мислења да послужат како коректор и основа за доработка на текстот на предлог-законот, пред истиот да биде поднесен во собраниска процедура.

На 27 јуни 2012 година Националниот совет одржа јавна расправа по **Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи.** Донесувањето на овој закон беше предвидено со НПАА-ревизија 2012 година и составен дел од Анексот 2 на Мислењето за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2012 година. Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи беше образложен од страна на г. Џељаљ Бајрами, заменик-министер за внатрешни работи. Измените и дополнувањата на Законот за внатрешни работи беа предложени заради негово усогласување со Законот за кривична постапка ("Службен весник на Република Македонија"бр.150/10) и создавање на нормативни предуслови за упатување на полициските службеници во истражните центри на јавното обвинителство. Со Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи се уредуваше начинот на остварување на соработката меѓу Министерството за внатрешни работи и Јавното обвинителство со склучување на договор за соработка, во кој ќе се регулираат сите неопходни прашања во врска со упатените полициски службеници. Со договорот се предвидуваше дополнително да се прецизираат меѓусебните односи на МВР и Јавното обвинителство, за остварување на правата, обврските и одговорностите на полициските службеници упатени во истражниот центар на Јавното обвинителство. Целта на Предлог на законот беше да се постигне поголема функционалност на законските одредби и да се создадат нормативно-правни претпоставки за целосно функционирање на законските решенија содржани во Законот за кривичната постапка.

На 12 септември 2012 година Националниот совет за евроинтеграции одржа јавна расправа по **Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за полиција.** Донесувањето на законот за изменување и дополнување на Законот за полиција беше предвидено со НПАА - ревизија 2012 година, и дел од Анексот 2 на Мислењето за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2012 година. Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за полиција го образложи г. Џељаљ Бајрами, заменик-министер за внатрешни работи, при што истакна дека со Законот за полиција, нормативно правно се уредуваат полициските работи, организацијата на полицијата, полициските овластувања и правата и обврските што произлегуваат од работниот однос на полициските службеници во Министерството за внатрешни работи, што не се уредени со Законот за внатрешни работи. Тргнувајќи од принципот на конзистетност на правниот систем, кој претпоставува меѓусебна усогласеност на позитивните правни прописи, била наметната потреба за изменување и дополнување на Законот за полиција во насока на допрецизирање на постојните и пропишување на нови одредби и негово усогласување со Законот за кривичната постапка. Заменик-министерот за внатрешни работи информираше дека при подготовката на Предлог-законот, било користено компаративното искуство на хрватската полиција и компаративни истражувања на легислативата на одредени земји-членки на ЕУ. На јавната расправа беа изнесени мислења дека Законот за полиција е особено значаен закон и дека за негови измени е потребна продлабочена

расправа и суштинска анализа и допрецизирање особено на одредбите од законот кои се однесуваат на заштитата на човековите права и слободи.

Националниот совет за евроинтеграции во соработка со Фондацијата Фридрих Еберт-Канцеларија Македонија и Институтот за европска политика на 5 ноември организираа јавна расправа на тема: **"Искористеноста на средствата од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) во Република Македонија"**. Целта на јавната расправа беше да се обезбеди поширока дебата за степенот на искористеност на ИПА, да се изнесат мислења, предлози и сугестии за состојбите во соодветната област заради квалитетна подготовка за прифаќање на обврските од членството на Република Македонија во Европската унија. На јавната расправа одделни презентации имаа проф. д-р Мојмир Мрак од Република Словенија, г. Мартин Валентовиќ, меѓународен експерт од Република Словачка и г-ѓа Малинка Ристевска Јорданова, директор на Институтот за европска политика - Скопје. Експертите од Република Словенија и Словачката Република ги споделија нивните искуства и предизвиците со кои се соочиле нивните земји при користењето на финансиските средства од претпристапната помош, во периодот кога Словенија и Словачка биле земји кандидати за членство во Европската унија. Во излагањете, д-р Малинка Ристовска Јорданова се осврна на истражувачката публикација "Користење на фондовите на ЕУ во Република Македонија", за која информираше дека е резултат на истражувањето кое има за цел да ја утврди ефикасноста на искористувањето на средствата од претпристапните фондови во Република Македонија, нивното влијание и проценка на апсорпционите капацитети. Во завршниот дел на јавната расправа, претседателот на Националниот совет за евроинтеграции г-ѓа Радмила Шекеринска најави дека Советот повторно ќе дебатира за истата тема при што како почетен материјал за дебата ќе биде Извештајот на Владата на Република Македонија за користењето на ИПА во Република Македонија.

На 19 ноември Националниот совет за евроинтеграции одржа јавна расправа по **Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита**, чие донесување беше предвидено со НПАА-ревизија 2012 година. Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита го образложи г. Џељаљ Бајрами, заменик на министер за внатрешни работи при што истакна дека стратешката определба на Република Македонија за постигнување на полноправно членство во Европската унија во себе ја имплицира потребата од континуирана хармонизација на националното законодавство со меѓународните стандарди и правила и европското acquis. Во членовите 68 и 75 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската унија, е определено дека Република Македонија треба да го усогласи националното законодавство од областа на азилот и миграцијата со европското acquis. Од оваа причина било пристапено кон Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита. Со предлог на законот се предлагаше усогласување со Директивата на Советот 2003/9/ЕК за утврдување минимум стандарди за прифаќање баратели на азил, Директивата на Советот 2004/83/ЕК за минималните стандарди за квалификувањето и статусот на државјаните на трети земји или лица без државјанство, како бегалци или лица на кои им е потребен поинаков облик на меѓународна заштита, како и усогласување со Директивата на Советот 2005/85/ЕК за минимум стандардите за постапките во земјите членки за доделување и одземање на статус на бегалец. Заменик на министерот за внатрешни работи г. Бајрами информираше дека Предлог-законот бил изготвен на транспарентен начин и бил резултат на анализата и работата на меѓусекторска работна група составена од претставници од МВР, Министерството за труд и социјална политика, Секретаријатот за европски прашања, Министерството за образование и наука и претставници на Канцеларијата на УНХЦР во Скопје. Предлог-законот бил доставен до Канцеларијата на УНХЦР во Женева и Европската комисија во Брисел, со што се дала меѓународна димензија во процесот на евроатлантските интеграции на Република Македонија. Од страна на Дирекцијата за заштита на лични податоци позитивно било оценето нормирањето на законските одредби кои се однесуваат на уредувањето и чувањето на податоците во Интегрираната база на податоци.

## IV. ОСТВАРЕНА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Во периодот опфатен со овој мандатен извештај, Националниот совет за евроинтеграции оствари една меѓународна средба. На 7 мај 2012 година Националниот совет за евроинтеграции заедно со Комисијата за европски прашања, во Собранието на Република Македонија оствари ја **заедничка средба со г. Штефан Фуле, Комесар за проширување и европска соседска политика на Европската комисија.** Средбата се одржа во рамките на неговата работна посета

на Република Македонија и Вториот состанок на Пристапниот дијалог на високо ниво меѓу ЕУ и Република Македонија (ПДВН). На средбата беа поканети и присуствуваа членовите на Комисијата за надворешна политика и на Мешовитиот парламентарен комитет - РМ и ЕУ, како и амбасадорите на земјите членки на ЕУ во Република Македонија. На средбата присуствуваше и Н.Е г. Аиво Орав шеф на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија и г. Стефано Санино директор на Генералниот директорат за проширување на Европската комисија. Средбата, на барање на Делегацијата на ЕУ во Република Македонија не беше отворена за претставници на средствата за јавно информирање.

Еврокомесарот Фуле го изрази своето задоволство од средбата и го истакна значењето на Собранието на Република Македонија во процесот на интеграција во ЕУ како и улогата на Националниот совет за евроинтеграции од аспект на неговиот инклузивен карактер. Инклузивноста не се однесува само во поглед на политичките партии туку и други важни фактори како граѓанското општество. Во обраќањето г. Фуле се осврна на следните клучни моменти: текот на ПДВН меѓу ЕУ и Република Македонија и фазата на имплементација на поставените цели и мерки од дијалогот. Присутните беа информирани дека следната сесија на ПДВН ќе се одржи во септември 2012 година, од причина што Европската комисија има намера и таа сесија да ја земе во предвид во Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2012 година. Заедничка амбиција е Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2012 година да опфати список на практични решенија за предизвиците кои имаат директна и индиректна врска со пристапувањето кон ЕУ. Комесарот Фуле потенцираше дека ПДВН е значаен, претставува добро осмислен и структуиран дијалог со практична имплементација на бројни прашања, но истиот не е замена за пристапниот процес. Патоказот за реализација на приоритетните цели за 2012 година е особено важен, се состои од 140 конкретни чекори. Господин Филе изрази надеж дека ПДВН ќе ја донесе европската агенда на чело на дебатата во Република Македонија.

Во извештајниот период претседавачите на Националниот совет за евроинтеграции, Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешна политика и Мешовитиот парламентарен комитет - ЕУ и РМ, остварија *три заеднички средби од меѓународен карактер*, со претставнци на европските институции и официјални претставници на земји членки на Унијата:

- на 14 мај 2012 година потпретседателот на НСЕИ г-ѓа Силвана Бонева, претседателот на Комисијата за европски прашања г. Хајрула Мисини, претседателот на Комисијата за надворешна политика г. Антонио Милошоски, копретседателот на МПК-ЕУ и РМ г. Кенан Хасипи и претседателот на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Кралството Данска г-ѓа Мерал Узеири Ферати, во Собранието на Република Македонија оствариja *заедничка средба со г. Николаи Вамен министер за европски прашања на Кралството Данска.* Од страна на г. Вамен беше изразено задоволство од спроведените реформи, но и целокупната волја од македонска страна да се имплементираат насоките во претстојниот период. Министерот Вамен истакна дека Пристапниот дијалог на високо ниво и насоките кои произлегуваат од истиот се особено важни, но ПДВН не е замена за преговорите, претставува исчекор напред. Кралството Данска и понатаму останува посветено на проширувањето со надеж дека Република Македонија што поскоро ќе стане членка на ЕУ. На средбата, од македонската страна едногласно беше изразена благодарност за несебичната поддршка што Кралството Данска и ја дава на Република Македонија на патот кон ЕУ, при што се испрати јасна порака дека Република Македонија останува целосно посветена на исполнување на реформите и остварување на европската агенда,

- на 8 јули 2013 година, потпретседателот на Националниот совет за евроинтеграции г-ѓа Силвана Бонева, членовите на Советот од редот на пратениците г. Антонио Милошоски г-ѓа Сузана Салиу, г. Кенан Хасипи и заменик членот г. Сафет Бишевац, оствариja *средба со делегација од Комисијата за европски прашања на Холандскиот парламент во состав: Александер Печтолд, г. Марк Верхиjен и г. Мичел Сервас.* Средбата беше заедничка со членови на Собраниската комисија за европски прашања. На средбата беше поздравена континуираната поддршка на Кралството Холандија во процесот на европската интеграција на Република Македонија, како и заедничката заложба за унапредување на парламентарната соработка. Од холандска страна беше покажан интерес за состојбите и напредокот во областа на владеењето на правото, напредокот во областа на човековите права и малцинствата, за настаните од 24 декември 2012 година, како и за состојбите во областа на медиумите и правата на ЛГБТ заедницата. На средбата беше истакнато дека Република Македонија продолжува и понатаму да ги одржува добрососедските односи, и е посветена на процесот на интегрирањето во ЕУ како најсилен кохезивен фактор во македонското мултиетничко општество.

- на 7 октомври 2013 година претседателот на Националниот совет за евроинтеграции г-ѓа Радмила Шекеринска, претседателот на Комисијата за надворешна политика г. Антонио Милошоски, копретседателот на Мешовитиот парламентарен комитет - РМ и ЕУ г. Кенан Хасипи,

и членот на Комисијата за европски прашања, г-ѓа Дешира Имери, оствари *заедничка средба со г. Линас Линкевичиус министер за надворешни работи на Република Литванија и претседавач со Советот на Европската унија и г. Титус Корлацеан министер за надворешни работи на Романија и претседавач со Процесот за соработка во Југоисточна Европа*. Заедничката средба беше оценета како конструктивна и во духот на пријателски и јасни пораки упатени од двете страни. Во фокусот на средбата беа: прашањето за името, настаните од 24 декември 2012 година, напредокот во реформските цели и приоритети во рамките на Претпристапниот дијалог на високо ниво, како и позитивните извештаи на Европската комисија за напредокот на Република Македонија. Министерот Линкевичиус ја истакна поддршката за Република Македонија на патот кон интеграцијата во ЕУ и НАТО. Беше поздравен постигнатиот напредок во однос на Договорот од 1 март 2013 година, продолжувањето на работата на Собранието, како и потпишувањето на Меморандумот за исполнување на стратешката цел за членство на Република Македонија во ЕУ од страна на политичките партии во Република Македонија. Меморандумот беше оценет како значаен за заедничката визија за иднината на земјата. Министерот Линкевичиус истакна дека не само за Литванското претседателство со Советот на ЕУ туку и за Унијата во целост, значајно е регионот да се интегрира во ЕУ, како дел од европското семејство. Овој проект е значаен како за регионот така и за Унијата, за успешност на процесот на проширување на ЕУ. Министерот за надворешни работи на Романија г. Титус Корлацеан истакна дека присуството на двајцата министри е јасна политичка порака за интересот за продолжувањето на процесот на проширување на Европската унија. Регионалната соработка е многу важна и е во центарот на вниманието, а во интерес на Романија е да се постигне позитивна атмосфера и дека особено се важни преговорите со Грција и Бугарија. Министерот Корлацеан потенцираше дека поддршката на политичките партии во Собранието во однос на прашањето за членството во Унијата е од исклучително значење и дека за ова прашање е особено важна и пошироката поддршка во општеството. Од македонска страна беше искажана голема благодарност за досегашните преземени иницијативи и ангажмани на Литванија и Романија, како и на ЕУ.

Претседателот на Националниот за евроинтеграции г-ѓа Радмила Шекеринска оствари *три средби од меѓународен карактер*:

- на 17 септември 2013 година претседателот на Националниот совет за евроинтеграции г-ѓа Радмила Шекеринска, во Собранието на Република Македонија оствари средба со г. Ерки Туомиоја, министер за надворешни работи на Финска,
- на 1 октомври 2013 година претседателот на Советот г-ѓа Радмила Шекеринска, оствари средба со европратениците г. Мартин Кестлер од Германија и г. Туне Келам од Естонија. Европратениците беа информирани за составот и работата на Националниот совет за евроинтеграции. Република Македонија останува обединета по прашањето за Европската унија, меѓутоа неотпочнувањето на преговорите само ги поткопува постигнатите реформи. Националниот совет за евроинтеграции се труди да го надмине тој јазол и да се донесе решение. Членот на Европскиот парламент г. Кестлер искажа благодарност за средбата, посочувајќи дека како членови на неформалната Група на пријатели на Македонија во Европскиот парламент, ќе ја зацврстат презентацијата за Република Македонија на сите нивоа. Членовите на Европскиот парламент го поздравија потпишувањето на Меморандумот за исполнување на стратешката цел за членство на Република Македонија во ЕУ од страна на политичките партии на Република Македонија. Други теми на средбата беа прашањето за името, настаните од 24 декември 2012 година, како и препораките кои произлегоа од нив. За Република Македонија и понатаму останува двојниот пристап, справувањето со грчкото вето од една страна и спроведувањето на реформите од друга страна и
- на 25 октомври 2013 година, претседателот на Советот г-ѓа Радмила Шекеринска одржа средба со г. Јан Кикерт, политички директор во Федералното Министерство за надворешни и европски прашања на Австрија.

## V. ОЦЕНИ ОД РАБОТАТА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Во периодот опфатен со овој мандатен извештај, Советот одржа 18 седници, организираше 7 јавни расправи и оствари една средба од меѓународен карактер. Работата на Советот се движеше во насока да се нагласи широкиот јавен интерес, да се афирмира вкупната согласност за процесот на европска интеграција, да се зајакне заедничката одговорност и да се развиваат оптимални политички услови за заокружување на подготовките за членство во ЕУ, пред сé, заради членство на Република Македонија во ЕУ и исполнување на потребните критериуми и добивање датум за отпочнување преговори со Унијата.

Во текот на периодот опфатен со овој мандатен извештај, Националниот совет за евроинтеграции во најголем дел расправаше по документи на Владата на Република Македонија (Секретаријатот за европски прашања) и на Европската комисија, со цел за конструктивно да придонесе во остварувањето на стратешкиот интерес на Република Македонија за интегрирање во ЕУ, за која е постигнат широк политички и граѓански консензус.

Може да се оцени дека во текот на мандатниот период од 25 јуни 2011 до 5 март 2014 година Советот во рамките на својата поставеност и со расположливите потенцијали, работеше ефикасно постигнувајќи консензуална согласност по прашањата за кои одлучуваше. Консензуалната природа на одлучување во Советот, за жал, предизвика и отсуство на квалитетна дебата по одредени точки за кои не можеше да се постигне целосна согласност. Во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2013 година е нотирано следново "*НСЕИ има потенцијал да игра важна и конструктивна улога во постигнувањето на широк национален консензус за европска интеграција. НСЕИ треба да игра поголема улога во постигнувањето на широк национален консензус за европската интеграција. Во текот на извештајниот период на расправите влијаеја разликите меѓу политичките партии*".

За прв пат од започнувањето на Претпристапниот дијалог на високо ниво, на иницијатива на Комесарот за проширување и европска соседска политика на Европската комисија г. Штефан Фуле, претседателот и потпретседателот на Националниот совет за евроинтеграции беа поканети и учествуваа на IV состанок на ПДВН, што се одржа на 9 април 2013 година. Ова претставува признание за досегашната работа на Советот и напорите кои се вложуваат во интерес на европската интеграција на земјата. Во Заедничките заклучоци од IV состанок на ПДВН, одржан на 9 април 2013 година, во точката 7 се наведува "*Комесарот Фуле ја повтори и потребата од инклузивен и транспарентен пристап при продолжувањето на реформите, вклучувајќи ги и консултациите со и вклучувањето на Собранието и Националниот совет за евроинтеграции, како и други заинтересирани страни*".

Од Планот на активности на Националниот совет за евроинтеграции за реализација за периодот од октомври 2011 до октомври 2012[5], од 12 преземени обврски беа реализирани вкупно седум активности[6]. Советот не усвои план на активности за реализација за 2013 година, што се покажа како слабост, од една страна неможност за претходно утврдување на усогласена годишна агенда на активности на НСЕИ, како и заради следење на ефикасноста на реализацијата на договорените активности на Советот, од друга страна.

Во периодот опфатен со мандатниот извештај, Советот имаше најголема динамика на активности во текот на 2012 година, што може да се оцени според бројот на одржани седници, разгледани документи како и организирани јавни расправи. Според одржаните седници во 2013 година, како и бројот на разгледани точки на седниците, може да се оцени дека во 2013 година Советот работеше со намалена динамика на активности во однос на претходните неколку години[7]. Во текот на 2013 година, Советот не усвои заклучоци по точките кои беа разгледани на седниците. Од една страна тоа се должи пред се на карактерот на точките кои беа предмет на дебата на Советот, односно обраќање на еврокомесарот Фуле, презентација на програмата и приоритетите на Литванското претседателство со Советот на ЕУ (јули-декември 2013), како и информацијата од СЕП за реализација на НПАА - 2013 година за I квартал. Сепак, за прв пат од формирањето на НСЕИ и досегашната воведена пракса на разгледување на годишните извештаи на Европската комисија за напредокот на Република Македонија, на последната седница одржана во 2013 година, Советот не усвои заклучоци. Седницата беше одржана на 28 октомври, како и две продолженија на седницата кои се одржаа на 7 и 8 ноември 2013, при што во Советот не се постигна консензуална согласност по текстот на предлог-заклучоците.

Советот и во иднина ќе продолжи да настојува да обезбеди поактивна улога на Собранието на Република Македонија во евроинтегративните процеси, ќе продолжи ангажирано

---

[5] усвоен на Третата седница на НСЕИ одржана на 25 октомври 2011 година,

[6] Усвоен Анекс 2 од Мислењето за усвојување на правото на ЕУ во текот на 2011; разгледан Извештајот на ЕК за напредокот на Република Македонија за 2011 година и усвоени заклучоци; разгледана НПАА ревизија 2012; усвоено Мислење на НСЕИ за усвојување на правото на ЕУ во текот на 2012; разгледани две Информации за реализирани актвности од НПАА доставени од Секретаријатот за европски прашања за период октомври-декември 2011 и јануари-март 2012;организирани три јавни расправи од Анексот 2/2012;расправа по Претпристапната економска програма 2012-2014), расправа за искористеноста на средствата од Инструментот за претпристапна помош (ИПА).

[7] Во 2013 година НСЕИ одржа 4 седници, во 2012 година НСЕИ одржа 8 седници, во 2011 година 6 седници, во 2010 година 7 седници, во 2009 година 6 седници, и во 2008 година (септември-декември) 4 седници.

и континуирано да ја остварува улогата на форум којшто придонесува за унапредување и одржување на политичкиот дијалог и општествениот консензус во процесот на европската интеграција на Република Македонија.

## V.1. Процена на ефектите од заклучоците усвоени на седниците на Националниот совет за евроинтеграции во периодот 25 јуни 2011 до 05 март 2014 година

Во периодот опфатен со овој мандатен извештај од вкупно 18 одржани седници на НСЕИ, на две седници со консензус беа усвоени заклучоци, и на две седници со консензус се усвоија мислења.

Советот со консензус усвои заклучоци на Четвртата седница одржана на 27 октомври 2011 година по повод расправата по Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2011 година. Заклучоците на НСЕИ претставуваа основа и беа содржани во заклучоците кои Собранието ги усвои на 11 седница одржана на 27 октомври 2011 година. Исто така, Советот донесе заклучоци на Дванаесеттата седница, која се одржа на 16 октомври 2012 година и беше разгледан Извештајот на ЕК за напредокот на Република Македонија за 2012 година. Заклучоците и од оваа седница на Советот, претставуваа основа и беа содржани во заклучоците што Собранието ги усвои на 45 седница одржана на 31 октомври 2012 година.

Советот на Шестата седница одржана на 8 февруари 2012 по повод расправата по НПАА ревизија 2012 усвои Мислење за усвојување на правото на ЕУ во текот на 2012 година. Во однос на Мислењето може да се констатира следнвто:

- Собранието и неговите работни тела во текот на 2012 година дадоа приоритет во разгледување и донесување на законите кои беа предвидени во НПАА ревизија 2012. Според НПАА, до крајот на 2012 беше предвидено да се донесат вкупно 76 закони за усогласување со правото на ЕУ како и 293 подзаконски акти. Во текот на 2012 година, Собранието на Република Македонија донесе вкупно 33 закони кои беа дел од НПАА. Од нив 27 беа закони со кои се усогласува националното законодавство со правото на ЕУ, од НПАА - ревизија 2012 година и 6 закони од НПАА ревизија за 2011 година. Во 2012 година, Владата на Република Македонија до Собранието на Република Македонија достави вкупно 30 предлог-закони од НПАА. На 31 декември 2012 година, во Собраниска процедура останаа 3 предлог-закони од НПАА ревизија 2012 година (во прво или второ читање). Во текот на 2012 беа усвоени 127 подзаконски акти од НПАА ревизија 2012 година´,
- во однос на препораката во точката 2 од Мислењето на НСЕИ, единствено собраниската Комисија за надзор на мерките за следење на комуникациите од страна на МВР и МО ја разгледа НПАА - ревизија 2012, во одделот и поглавјето соодветно на областа од нејзина надлежност. Комисијата на седмата седница донесе заклучок и ја поддржа определбата од НПАА, за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите во делот на безбедноста и укажа на потребата Владата да подготви и на Собранието да му предложи измени и дополнувања на Законот. Владата во јули 2012 година до Собранието го достави Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите,
- во однос на заклучокот од точка 3 на Мислењето на НСЕИ, работните тела на Собранието и НСЕИ не дебатираа по Акцискиот план на Владата за реализација на препораките од Извештајот на ЕК за напредокот на Република Македонија за 2011 година, од причина што документот не беше доставен до Собранието и
- Националниот совет за евроинтеграции и во 2012 година продолжи да организира јавни расправи за закони од НПАА, за кои беше потребна поширока дебата. НСЕИ организираше вкупно 7 јавни расправи: од кои 5 за предлог-закони од Анексот 2 од Мислењето на НСЕИ, една јавна расправа беше организирана на предлог на претставникот од Граѓанската платформа на Македонија, како и една јавна расправа која беше предвидена во Планот на активности на НСЕИ за реализација во текот на 2012 година. Два предлог на закони беа разгледани во форма на работна верзија и три предлог-закони откако Владата ги достави до Собранието.

На 18 седница одржана на 12 февруари 2014 година, по повод расправата по Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - ревизија 2014 година, НСЕИ со консензус усвои Мислење за усвојување на правото на Европската унија во текот на

2014 година. Реализацијата на препораките и насоките од ова мислење како и процена на ефектите, ќе се следат во текот на 2014 година.

Согласно со членот 2 став 1 алинеја 10 од Одлуката за основање на Националниот совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија" бр.140/07 и бр.91/11), Советот го известува Собранието на Република Македонија за својата работа најмалку два пати годишно. Во периодот опфатен со овој мандатен извештај, Советот усвои еден извештај за својата работа. Извештајот за работата на НСЕИ за 2011 година беше разгледан и усвоен на 9-та седница на Советот. Согласно членот 2 од Одлуката за основање на НСЕИ, Извештајот за работата на НСЕИ за 2011 година беше доставен до претседателот на Собранието на Република Македонија, за известување на Собранието. Извештајот за работата на НСЕИ за 2012 година беше ставен како точка на дневен ред на 15 седница на НСЕИ, но поради немање на кворум извештајот не беше усвоен. Извештајот за работата на НСЕИ за 2013 година беше подготвен, но истиот не беше разгледан на седница на Советот, поради завршување на парламентарниот мандат на 5 март 2014 година.

Од формирањето на НСЕИ, на седници се разгледани 5-годишни ревизии на НПАА за 2009, 2010, 2011, 2012 и 2014 година. Единствено од страна на Секретаријатот за европски прашања до Советот не беше доставена Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - ревизија 2013 година. Од оваа причина Советот не ја разгледа НПАА и не усвои мислење за усвојување на законодавството во текот на 2013 година.

Собранието на Република Македонија во мандатниот период 25 јуни 2011 до 5 март 2014 година донесе 92 закони со кои се изврши усогласување на националното законодавство со правото на Европската унија и истите беа дел од годишните ревизии на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА). Во периодот 25 јуни 2011-31 декември 2011 година Собранието донесе 11 закони од НПАА ревизија 2011. Во 2012 година Собранието донесе 33 закони од НПАА, во 2013 година Собранието донесе 37 закони од НПАА. Во периодот 1 јануари 2014 - 5 март 2014 година Собранието на Република Македонија донесе 11 закони од НПАА ревизија 2014.

Обврската за редовно информирање на НСЕИ, за реализација на активностите предвидени во Националната програма за усвојување на правото на ЕУ е воведена од 2009 година. На Петтата седницата на НСЕИ одржана на 6 мај 2009 година, беше разгледана ревизијата за 2009 година на НПАА, при што Националниот совет за евроинтеграции со консензус донесе заклучок "Во насока на поголемо вклучување и информирање за процесот на реализација на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - ревизија 2009 година, Националниот совет за евроинтеграции заклучи дека е потребно Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија на секои три месеци до Националниот совет за евроинтеграции и до Комисијата за европски прашања да доставува Извештај за реализацијата на НПАА".

Може да се констатира дека Секретаријатот за европски прашања во периодот опфатен со овој мандатен извештај, редовно доставуваше квартални информации за реализацијата на годишната ревизија на НПАА. Во 2011 година Секретаријатот за европски прашања достави 4 квартални информации за реализација на НПАА ревизија 2011 година и истите беа разгледани на седници на Советот[8]. Во текот на 2012 година Секретаријатот за европски прашања достави 4 квартални информации за реализација на НПАА ревизија 2012 година. Советот разгледа само една Информација за реализација на НПАА, за кварталот 1 јануари 2012 - 31 март 2012 година. Во текот на 2013 година Секретаријатот за европски прашања, до НСЕИ достави 2 информации за реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА) ревизија 2013: за I квартал од 2013 година (јануари-март) и за II квартал од 2013 година (април-јуни). Од доставените 2 информации, Советот ја разгледа само Информацијата за реализираните активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2013, за периодот од 1 јануари 2013-31 март 2013 година. Информациите за реализираните активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - ревизија 2013, за III и IV квартал од 2013 година, Секретаријатот за европски прашања ги достави до НСЕИ во февруари 2014 година. Советот не беше во можност истите да ги разгледа на седница поради завршување на парламентарниот мандат, на 5 март 2014 година.

[8] Информациите за реализација на НПАА за I,II и III квартал од 2011, се разгледани на 5-та седница на НСЕИ одржана на 27 декември 2011 година, а Информацијата за IV квартал од 2011, Советот го разгледа на 7-та седница одржана на 14 март 2012 година.

## V.2. Процена на ефектите од јавните расправи организирани од Националниот совет за евроинтеграции

Во своите активности Советот, дополнително направи напор да обезбеди поголемо вклучување на сите заинтересирани страни во дебати за важни секторски прашања и политики. Советот уште од 2009 година воспостави пракса на организирање на јавни расправи кои претставуваа форуми многу пошироки од составот на Советот. На Третата седница одржана на 25 октомври 2011 година, Советот со консензус го усвои Анексот 2, што произлегуваше од точките 3 и 4 од Мислењето[9] на Советот за усвојување на правото на ЕУ во текот на 2011 година. Анексот 2 се однесуваше на преземената обврска на НСЕИ во периодот октомври до крајот на декември 2011 година да организира јавни расправи, по работните верзии на 5 закони:

1. Закон за изменување и дополнување на Законот за класифицирани информации;
2. Закон за изменување на Законот за волонтерство;
3. Закон за финансиска инспекција во јавниот сектор;
4. Закон за изменување и дополнување на Законот за полиција и
5. Закон за безбедносно разузнавачките служби на Република Македонија.

Од страна на надлежните институции до Советот не беа доставени работните верзии на петте закони од Анексот 2. Во однос на Законот за изменување на Законот за волонтерство, Министерството за труд и социјална политика со допис го извести Советот дека се извршени дополнителни анализи на Законот при што се констатирало дека истиот целосно е усогласен со Директивата на Советот 2004/114/ЕС, односно активноста била откажана во матрицата на НПАА. Во однос на Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција и Законот за безбедносно-разузнавачките служби на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи со допис го извести Советот дека текстовите на двата закони сеуште не се конечни и подготвени за разгледување од страна на поширок форум на засегнати субјекти. Министерството укажа дека веднаш по подготвувањето на конечните работни верзии на двата закони и особено по годишното ажурирање на НПАА, истите ќе бидат доставени до НСЕИ. Во однос на барањето на Советот за доставување на работните верзии на Законот за финансиска инспекција во јавниот сектор како и Законот за изменување и дополнување на Законот за класифицирани информации, од страна на надлежните министерства до Советот не беше проследен одговор.

До крајот на 2011 година петте закони не влегоа во Собраниска процедура, односно не беа доставени од Владата на Република Македонија. Од овие причини во периодот октомври 2011 до крајот на декември 2011 година, НСЕИ не беше во можност да организира јавни расправи согласно обврските од Анексот 2 на Мислењето.

Во однос на 2012 година, позитивна оцена е дека НСЕИ реализираше дел од преземената обврска од Анексот 2 кој беше составен дел на Мислењето за усвојување на правото на ЕУ во текот на 2012 година. Од вкупно 10 закони во Анексот 2, планирани за јавна расправа во 2012 година, НСЕИ организираше пет јавни расправи за следниве пет предлог на закони:

1. Работна верзија на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина;
2. Работна верзија на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникации,
3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи;
4. Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за полиција и
5. Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита.

---

[9] "Со цел поголема инклузивност и транспарентност во процесот на подготовка и донесување на законите предвидени во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија за 2011 година, во претстојниот период Националниот совет за евроинтеграции ќе организира јавни расправи за предлозите дадени во Анекс 2.Во оваа насока Владата на Република Македонија треба да обезбеди редовна пракса на доставување на работните текстови на предлог законите од Анексот 2 од ова Мислење, со цел на Советот да му се обезбеди сериозно анализирање на законските предлози и да достави свои предлози, сугестии и препораки".

Дополнително на предлог на претставникот на Граѓанската платформа на Македонија беше организирана јавна расправа по работна верзија на предлог-стратегија на Владата за соработка со граѓанскиот сектор 2012-2017. Советот организираше и јавна расправа за искористеноста на средствата од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) во Република Македонија. Двете јавни расправи беа предвидени во Планот на активности на НСЕИ за реализација за периодот октомври 2011 - октомври 2012 година. Советот усвои заклучоци по повод јавната расправа по работна верзија на предлог-стратегија на Владата за соработка со граѓанскиот сектор 2012-2017, за јавната расправа за искористеноста на средствата од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) во Република Македонија, Советот не усвои заклучоци.

***Ефекти од јавната расправа по Работната верзија на Предлог-стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка со граѓанскиот сектор (2012-2017)***

Јавната расправа беше одржана на 27 февруари 2012 година. Работната верзија на Предлог-стратегијата до Националниот совет за евроинтеграции беше доставена од страна на Одделението за соработка со невладини организации при Генералниот секретаријат на Владата. На денот на одржувањето на јавната расправа, беше доставен нов текст на работна верзија на Предлог-стратегијата при што документот беше поделен на присутните учесници непосредно пред почетокот на јавната расправа.

На јавната расправа беа изнесени забелешки, мислења, предлози и сугестии од кои дел беа земени во предвид во конечниот текст на Стратегијата. Клучни барања на граѓанскиот сектор за подобрување на текстот на Предлог-стратегијата кои беа прифатени се следните:

1. Воспоставување ефикасен институционален механизам за дијалог меѓу Владата и граѓанскиот сектор, преку формирање национално советодавно тело

Оваа забелешка беше прифатена во текстот на Стратегијата, во приоритетната област 5.Зајакната институционална рамка и практики на соработка, предвидена е мерката "Подготвителни активности кон формирање на советодавно тело за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор составен од претставници на Владата, органите на државната управа и граѓанските организации (2012-2014). Формирање на советодавното тело и усвојување на сите документи потребни за работа на советодавното телото за дијалог помеѓу Владата и граѓанскиот сектор (2015-2017)".

2. Унапредување на учеството на граѓанските организации во процесите на креирање на политики и донесување на одлуки, преку воспоставување на конкретни и задолжителни механизми за консултација

Оваа забелешка беше прифатена во текстот на Стратегијата, во приоритетната област 2.Учество во процесите на креирање политики, донесување закони и европска интеграција, предвидени се мерките: "Утврдување на потребите и можностите за законско уредување на постапката за изготвување закони и консултации со засегнатите страни и активности по препораките" и "Воспоставување модели за вклучување и избор на граѓански организации во работни групи".

3. Доследна примена на Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на граѓанските организации и негова задолжителност за сите органи на Владата.

Забелешката беше прифатена во текстот на Стратегијата, во приоритетната област 1. Развиен и одржлив граѓански сектор, предвидена е мерката "Донесување на правно обврзувачки акт (правилник) за распределба на средства за граѓанските организации од Буџетот".

4. Зајакнување на независноста и институционалната поставеност на Одделението за соработка со граѓанските организации.

Ова барање беше делумно прифатено во Стратегијата, во приоритетната област 5. Зајакната институционална рамка и практики на соработка, предвидена е мерката "Анализирање на можноста за прераснување на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на ниво на сектор".

Имајќи ги предвид мислењата, предлозите, препораките и коментарите по работната верзија на Предлог-стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2012-2017), изнесени на Јавната расправа одржана на 27 февруари 2012 година, од страна на претставници на граѓански организации и други заинтересирани субјекти, а со цел донесување на квалитетен стратешки документ, НСЕИ на седницата одржана на 12 јуни 2012 година со консензус усвои

заклучоци. Заклучоците од јавната расправа беа доставени до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, Комисијата за финансирање и буџет и Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците на Собранието на Република Македонија и Граѓанската платформа на Македонија.

Владата на Република Македонија на седницата одржана на 16.06.2012 ја усвои Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2012-2017), со Акцискиот план за спроведување.

***Ефекти од јавната расправа по работната верзија на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина***

Јавната расправа беше одржана на 13 март 2012 година. На јавната расправа беа изнесени забелешки, мислења и предлози од кои одреден дел беа внесени како измени во Дополнетиот предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина. Прифатени беа дел од предлозите и забелешките од јавната расправа што се однесуваа на потребата Министерството за животна средина и други надлежни институции да ја запазат законската процедура за учество на јавноста кога се донесуваат или изменуваат законите од областа на животната средина, односно јавноста биде информирана од почетокот на процесот. Имено членот 11 на Предлог на законот беше дополнет, со следниов текст *Во членот 107 став (13) по втората реченица се додава нова реченица која гласи „На барање на јавноста, операторот е должен да организира јавна расправа за Нацрт А интегрираната еколошка дозвола."*

Исто така, во конечната верзија на Законот која беше изменета и дополнета со нови членови, со членот 14 се предвидоа нови измени во членот 136 од Законот за животната средина. Изменетиот и дополнет член 136 став 1 од Законот гласеше "Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје се должни барањето за добивање на дозвола за усогласување со предлогот на оперативниот план да го објават во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија и на нивните веб страници во рок од седум дена од денот на приемот на комплетното барање, со информации каде што јавноста може да има пристап до истото за да го разгледа во целост и/или да даде мислење."

Може да се констатира дека работниот текст на законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина што беше разгледан на јавната расправа на НСЕИ, значајно се разликуваше во однос на текстот на Предлог на законот кој беше доставен во Собранието, во месец јуни 2012.

Имајќи ги предвид мислењата, предлозите, препораките и коментарите по работната верзија на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина, изнесени на Јавната расправа одржана на 13 март 2012 година, од страна на претставници на граѓански организации и други заинтересирани субјекти, а со цел донесување на квалитетен закон, НСЕИ на седницата одржана на 12 јуни 2012 година со консензус усвои заклучоци. Заклучоците од јавната расправа беа доставени до Владата на Република Македонија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Комисијата за транспорт, врски и екологија и Законодавноправната комисија на Собранието на Република Македонија.

Собранието на Република Македонија го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина, на 42-та седница одржана на 25 септември 2012 година.

***Ефекти од јавната расправа по работната верзија на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите***

На јавната расправа организирана на 7 јуни 2012 година, беа изнесени забелешки, мислења и предлози од кои одреден дел беа прифатени во Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите што Владата го достави до Собранието на Република Македонија, во јули 2012 година.

Во однос на членот 28 од работната верзија на Предлог на законот, беше покренато прашање зошто соодветно не се менува и членот 30 од Законот, односно се однесува на делот на постапката за следење на комуникациите заради заштита на интересите на безбедноста и одбраната на земјата, односно зошто останува барањето за следење на комуникациите да го поднесуваат министерот за внатрешни работи и министерот за одбрана. Во Предлог-законот кој беше доставен во Собраниска процедура членот 28 кој го уредува ова прашање беше изменет. Имено, со членот 28 ставот 2 од член 30 од Законот беше избришан, а ставот 3 од членот 30 се измени со следниот текст: "Барањето за следење на комуникациите од ставот 1 на овој член се

доставува до Јавниот обвинител на Република Македонија". Во истиот член беше додаден нов став 3 кој гласи: "Јавниот обвинител од ставот 2 на овој член, барањето за следење на комуникациите од ставот 1 на овој член го поднесува до судијата на Врховниот суд на Република Македонија, одреден со внатрешниот распоред на судот."

На јавната расправа беше изнесена забелешка за членот 30 од работната верзија на Предлог на законот, со кој беше предвидено дека со подзаконски акти ќе се регулира следењето на комуникациите. Беше покренато прашање дали тоа може да се регулира со подзаконски акт или тоа е предмет на уредување на самиот закон. Во Предлог на законот што беше доставен во Собрание, овој член беше целосно избришан. Прашањето беше опфатено во Главата IV - Прописи што треба да се донесат за спроведување на законот, од Образложението на законот, каде беше наведено дека "со донесувањето на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите не се создава потреба од донесување на подзаконски акти."

Во однос на членот 31, на јавната расправа беше укажана забелешка дека во работната верзија на Законот не е наведено на каков начин, со кои средства и под кои услови Собраниската комисија за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на МВР и од Министерството за одбрана ќе ја врши контролата. Беше побарано овластените органи на барање на Комисијата да дозволат непосреден увид за активностите преземени во врска со следењето на комуникациите, односно овозможување на теренски посети. Во Предлог-законот што беше доставен во Собраниска процедура, членот 31 се измени и дополни, со следниот текст: "По членот 36 се додава нов член 36-а, кој гласи: Во органите овластени за следење на комуникациите, комисијата од членот 36 од овој закон, во полн состав и без претходна најава, има право на пристап до просториите и информациите поврзани со следењето на комуникациите".

Имајќи ги предвид мислењата, предлозите, препораките и коментарите по работната верзија на Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите, изнесени на Јавната расправа одржана на 7 јуни 2012 година, од страна на заинтересираните субјекти, а со цел донесување на квалитетна законска регулатива во областа на следењето на комуникациите НСЕИ на седницата одржана на 24 јуни 2013 година со консензус усвои заклучоци.

Законот за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите, Собранието го донесе на 40 седница одржана на 13 септември 2012 година.

### *Ефекти од јавната расправа по Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи*

На јавната расправа организирана на 27 јуни 2012 година, беа изнесени забелешки, мислења и предлози од страна на членовите и претставниците на Националниот совет за евроинтеграции, како и од експертите кои учествуваа на расправата.

Забелешките и предлозите изнесени на јавната расправа не беа прифатени како амандмански предлози по предлог-законот. На седницата на Комисијата за одбрана и безбедност како матично работно тело беше усвоен еден амандман кој се однесуваше за измена на членот 40 од Предлог на законот, но истиот не беше дел од забелешките, мислењата и предлозите изнесени на јавната расправа на НСЕИ.

Имајќи ги предвид мислењата, предлозите, препораките и коментарите по Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешните работи, изнесени на Јавната расправа одржана на 27 јуни 2012 година, од страна на заинтересираните субјекти, а со цел донесување на квалитетна законска регулатива, НСЕИ на седницата одржана на 24 јуни 2013 година со консензус усвои заклучоци.

Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи беше донесен на 40 седница на Собранието одржана на 12 септември 2012 година.

### *Ефекти од јавната расправа по Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за полиција*

На јавната расправа организирана на 12 септември 2012 година 2012 година, беа изнесени забелешки, мислења и предлози од кои една забелешка беше земена во предвид како измена во конечниот текст на Законот. Во ставот 1 на член 8 беше направена измена: зборот "сериозен" беше избришан со образложение дека не постои терминологија "несериозен криминал", па по таа аналогија, не би требало да се користи терминот "сериозен криминал". Беа додадени зборовите "и тешки кривични дела" со што ставот 1 од членот 8 од предлог на законот (се однесува на член 18 од основниот Закон) гласеше: "Во Централните полициски служби

функционира организациска единица за сузбивање на организиран криминал и тешки кривчни дела, надлежна за спречување и откривање на:".

Имајќи ги предвид мислењата, предлозите, препораките и коментарите по Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за полиција, изнесени на јавната расправа, од страна на заинтересираните субјекти, а со цел донесување на квалитетна законска регулатива, НСЕИ на седницата одржана на 24 јуни 2013 година со консензус усвои заклучоци.

Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција Собранието го донесе на 45 седница одржана на 13 ноември 2012 година.

***Ефекти од јавната расправа по Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита***

На јавната расправа организирана на 19 ноември 2012 година беа искажани забелешки, мислења и предлози од страна на членовите и претставниците на Националниот совет за евроинтеграции, пратеници, како и од експертите кои учествуваа во расправата. Изнесените забелешки и предлози не беа прифатени како амандмански предлози по предлог на законот. На седницата на Комисијата за одбрана и безбедност како матично работно тело не беа поднесени амандмани на предлог на законот.

Имајќи ги предвид мислењата, предлозите, препораките и коментарите по Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита, изнесени на јавната расправа, од страна на заинтересираните субјекти, а со цел донесување на квалитетна законска регулатива, НСЕИ на седницата одржана на 24 јуни 2013 година со консензус усвои заклучоци.

Законот за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита беше донесен на 49 седница на Собранието на Република Македонија одржана на 24 декември 2012 година.

### *V.3. Усвојување на заклучоците од јавните расправи и извештаи на НСЕИ*

За секоја организирана јавна расправа беа подготвени предлог на заклучоци кои се усвојуваа на редовни седници на НСЕИ. По усвојувањето, заклучоците на Советот заедно со стенографските белешки од јавната расправа беа доставени до Претседателот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија, надлежното министерство, надлежната собраниска комисија и Законодавно правната комисија.

Од јавните расправи кои беа организирани мандатниот период беа изготвени извештаи во кои беа вклучени сите одделни мислења, предлози, коментари, препораки и забелешки изнесени на јавните расправи, а во насока на подобрување на квалитетот на одредбите од предлог на законите. Извештаите беа доставени до претседателот на Собранието и надлежните Собраниски тела.

## VI. СЕКТОР ЗА ПОДДРШКА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Стручните, административните, техничките и другите работи за потребите на Националниот совет за евроинтеграции ги врши Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции, предвидено со членот 8 од Одлуката за основање на Националниот совет за евроинтеграции донесена на 19 ноември 2007 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.140/07 и бр.91/11).

Според членот 21 од Деловникот на Националниот совет за евроинтеграции, донесен на 25 октомври 2011 година, стручните, административните, техничките и другите работи за потребите на Советот ги врши Секторот за поддршка на НСЕИ.

Со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Македонија донесен на 14 јуни 2012 година, утврдени се вкупно 15 работни места за вршење на работите од надлежност на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции, звањата за работните места, распоредот и описот на работните места. Во Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции вработени се 9 државни службеници раководител на Сектор, во Одделението за поддршка на работата на НСЕИ вработени се 3 извршители и во Одделението за следење на евроинтеграциите и ЕУ центарот, 5 извршители.

***Активности на Секторот за поддршка на НСЕИ***

Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции ги организира седниците, јавните расправи и средбите од меѓународен карактер на Советот, го следи процесот на

европска интеграција, подготвува материјали за седниците и јавните расправи и документи кои произлегуваат од истите, обезбедува материјали за средбите од меѓународен карактер, за потребите на членовите и претставниците на Советот.

За организирање на седниците, јавни расправи и меѓународни средби на Советот одговорно е Одделението за поддршка на НСЕИ. Ова одделение остварува редовна комуникација со членовите и претставниците на НСЕИ, со Секретаријатот за европски прашања и државните органи, доставува работни материјали до НСЕИ, ги ажурира седниците на НСЕИ во е-Парламент, обезбедува протоколарна поддршка на активностите на Советот. Во функција на јавните расправи, Одделението изготвува листи на учесници (институции, експерти, професори, невладини организации, заинтересирани страни) според областа што е предмет на јавната расправа. Во Одделението се изготвуваат покани за седници, дописи до амбасадори на земји-членки на ЕУ, записници од одржани седници, се води грижа за аудио записите и стенографските белешки, подготвува одделни соопштенија за реализирани активности на Советот кои се објавуваат на Собраниската веб страница.

Одделението за следење на евроинтеграциите и ЕУ центарот е одговорно за следење на процесот на европската интеграција, остварува контакти со Секретаријатот за европски прашања и со други државни органи, разменува информации за прашања од областа на процесот на европска интеграција со службеници од Комисијата за европски прашања, Секторот за меѓународна соработка (со секретаријатот на Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ) и остварува соработка со службите на надлежните државни органи што учествуваат во процесот на пристапување на Република Македонија кон ЕУ, ја организира и помага соработката на Советот со претставници на граѓанскиот сектор. Одделението од 2009 година па наваму, го следи процесот на усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ преку матрица за степенот на усвојување на законодавството според НПАА (одделно за закони и за подзаконските акти). Одделението врши процена на ефектите од седниците и јавните расправи, ги следи активностите на Европската комисија (поврзани со политиките на ЕУ и европското законодавство), изготвува анализи за европски политики во функција на јавни расправи на НСЕИ.

Секторот за поддршка на НСЕИ, на интернет страница на Собранието објавува соопштенија за сите реализирани активности на НСЕИ, како и документи кои произлегуваат од работата на Советот. На овој начин се обезбедува транспарентност во работењето на НСЕИ, со што се информира пошироката јавност за реализираните активности на Советот. Исто така, на Собраниската интернет страница, во делот на НСЕИ, Секторот редовно објавува поважни ЕУ новости поврзани со актуелни европски политики и европското законодавство, и за теми за кои пошироко се дебатира во Унијата. Секторот изготвува периодични ЕУ билтени за поважни вести и настани за политиките на ЕУ и европското законодавство, како и Годишен билтен на поважни ЕУ новости, кој во електронска форма се доставува до членовите и претставниците на НСЕИ, на крајот од годината. Билтените за ЕУ новости, во електронска верзија освен до членовите и претставниците на НСЕИ, се доставуваат и до дел од службениците во Службата во Собранието, кои работат во областа на евроинтеграциите.

### *Обуки за ЕУ*

Во Собранието на Република Македонија успешно беше реализиран 18-месечен ИПА Проект за "Техничка помош за Парламентот" (јануари 2011 - јули 2012 година). Целта на овој проект беше да се зајакнат институционалните капацитети на Собранието заради подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните. Во рамките на овој Проект, во периодот јули - декември 2011 година, за дел од Службата на Собранието беа организирани седум обуки посветени на различни теми[10] од областа на Европската унија. Во серијата на обуки беа вклучени и учествуваа сите службеници од Секторот за поддршка на НСЕИ. Сите реализирани обуки преку ИПА-ТПП проектот за Собрание, од страна на вработените во Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции се оценети како успешни и особено корисни. Посебно се нагласува високиот квалитет на ангажираните надворешни експерти во ЕУ обуките, нивната подготвеност за пренесување на искуствата во процесот на европската интеграција како и искуствата од промените и обврските кои произлегуваат по пристапувањето во ЕУ.

[10] Обука за развој на ЕУ, институции и донесување на одлуки во ЕУ според новата структура на Договорот од Лисабон; Семинар за правото на ЕУ; Семинар за улогата на националните парламенти во ЕУ и влијанието на Договорот од Лисабон врз националните парламенти; Работилница за користење на бази на податоци за ЕУ; Семинар за техники за изготвување на закони и амандмани кои се користат во земјите-членки на ЕУ; Семинар за улогата на националните парламенти во процесот на пристапување во ЕУ и Семинар за улогата на комисиите за европски прашања во националните парламенти на ЕУ.

Службениците од Одделението за следење на евроинтеграциите во 2011 година учествуваа на обука во организација на Секретаријатот за законодавство и ОБСЕ на тема "Транспонирање на законодавството на ЕУ во законодавството на Република Македонија". Еден службеник од Одделението за поддршка на работата на НСЕИ учествуваше на обука во организација на Регионалната школа за јавна администрација - РЕСПА, Црна Гора, на тема "Преговарање со ЕУ". Четири службеници од Секторот учествуваа на обуки во организација на Центарот за ЕУ обуки при Секретаријатот за европски прашања, на теми: "Подготовка и спроведување на проекти" и "Политики и програмирање во регионалниот развој".

Во рамките на ИПА Проектот за "Техничка помош за Парламентот", во периодот јануари - јули 2012 година, за дел од Службата на Собранието беа организирани серија на обуки посветени на различни теми[11] од областа на ЕУ. Во обуките беа вклучени и учествуваа службеници од Секторот за поддршка на НСЕИ. Во рамките на ИПА-ТПП проектот двајца службеници од Секторот оствариja одделни студиски посети на националните парламенти на Унгарија и Латвија.

Покрај обуките реализирани во рамките на ИПА-ТПП Проектот, во 2012 година службеници од Секторот за поддршка на НСЕИ учествуваа на: обука за "Начела на политиките на ЕУ и ИПА" во организација на Секретаријатот за европски прашања (1 службеник); остварена студиска посета на европските институции во организација на Фондацијата Фридрих Еберт, посветена на "Односите на Република Македонија со ЕУ, со посебен акцент на политиката за животна средина" (1 службеник); учество на Седмата годишна меѓународна конференција за европска интеграција - Европа 2020: Кон иновативна и инклузивна унија во организација на Универзитет Американ колеџ во соработка со Фондацијата Фридрих Еберт - (1 службеник); семинар ЕЦПРД на тема "Користење информации и промена на визиите за парламентарна библиотека во Парламентот на Кралството Данска (1 службеник); Семинар за пристапните преговори во ЕУ за поглавјата 23-Правосудство и фундаментални права и 24-Правда, слобода и безбедност, организиран од страна на Секретаријатот за европски прашања во соработка со Развојна програма на ОН-УНДП (1 службеник); обука за "Управување кон квалитет" во организација на Министерство за информатичко општество и администрација (1 службеник); студиска посета на Европскиот парламент во Брисел во рамките на Програмата за соработка на Европскиот парламент и Собранието на Република Македонија (4 службеници).

Во текот на 2013 година вработените во Секторот за поддршка на НСЕИ учествуваа на 3 обуки посветени на ЕУ теми/прашања и една презентација. Во рамките на TAIEX Инструментот на ЕК, по препорака на клучните експерти од Унгарија и Латвија ангажирани во ИПА-ТПП проектот за Собрание, во јануари 2013 година, 3 службеници од Секторот оствариja дводневна посета на ЕУ Информативниот центар на Парламентот на Кралството Данска. Од страна на Делегацијата на ЕУ во Република Македонија, на 15 февруари 2013 година, беше обезбедена еднодневна обука за комуникација во врска со помошта од ЕУ, за 2 службеници од Одделението за следење на евроинтеграциите и ЕУ центарот.Во Секретаријатот за европски прашања на 20 декември 2013 година беше одржана презентација за споделување на досегашното искуство од користењето на твининзите и националните процедри за спроведување на истите. На презентацијата учествуваше еден службеник од Одделението за следење на евроинтеграциите и ЕУ центарот. Еден службеник од Одделението за следење на евроинтеграциите и ЕУ центарот учествуваше на Работилница на тема "Управување на проектен циклус", одржана на 23 и 24 декември 2013 година, во ЕУ центарот за обуки.

Во периодот јануари-март 2014 година, еден службеник од Секторот учествуваше на Работилница за зајакнување на капацитетите на парламентите на земјите кандидати, за ЕУ прашања и хармонизација, што се одржа на 10-11 февруари 2014 во Анкара, во организација на Инструментот TAIEX.

[11] Семинар за искуствата на новите земји членки на ЕУ во процесот на преговарање за пристапување во ЕУ; Работилница за задачите поврзани со ЕУ во Собраниските секретаријати пред и по пристапувањето во ЕУ; Работилница за обука за европските практики во активностите на Парламентот во подигнување на свеста на јавноста за ЕУ прашања; Работилница за правно приближување; Семинар за развој, институциите и донесувањето на одлуки во ЕУ според новата структура на Лисабонскиот договорот; Семинар за законодавството на ЕУ; Семинар за структурите на политиката за проширувањето на ЕУ и политичката рамка на пристапниот процес во ЕУ, структурата и методот на преговарањето за пристапување; Работилница за техники за изготвување на закони и амандмани во процесот на хармонизација со ЕУ и транспонирање-практични симулации со студии на случаи; Семинар за искуствата на земјите-членки од преговорите за пристапување во ЕУ; Семинар за клучни поглавја на Acquis; Семинар за улогата на националните парламенти на ЕУ во пристапниот процес; Клучни поглавја на acquis.

## 4.3.2. БУЏЕТСКИ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-утврдува стратешки приоритети на Собранието на Република Македонија за наредната година и нивно вклучување во Буџетот на Република Македонија со предлагање на посебни програми и потпрограми,
-дава упатства и насоки за подготвување на предлогот на буџетските барања и потребите за работа на Собранието,
-се грижи и врши усогласување на предлогот на буџетските барања и потреби на Собранието, согласно со максималните износи на одобрени средства утврдени со одлука на Владата на Република Македонија,
-го следи извршувањето на расходите во Буџетот на Собранието на Република Македонија и предлага прераспределба на средствата во рамките на одобрените средства со Буџетот на Република Македонија;
-донесува деловник за својата работа, и
-врши и други работи утврдени со закон.

Покрај овие надлежности, Буџетскиот совет утврдува и стратешки приоритети на Собранието на Република Македонија најмалку за наредните три години.

Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија е основан со Одлука за основање на Буџетски совет на Собранието на Република Македонија, донесена на Втората седница на Собранието одржана на 26 јуни 2008 година ("Службен весник на РМ" бр. 77/08 година). Оваа Одлука престана да важи со денот на донесувањето на Законот за Собранието на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 104/09).

Основањето на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија е согласно Акциониот план од Вилтон парк, Велика Британија, односно зацртаните активности и рокови за нивна реализација и Иницијативата за конституирање на посебно тело во Собранието - Буџетски совет, со кое ќе се врши процесот на зајакнување на финансиската автономија на Собранието.

Конституирањето на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија треба да обезбеди посоодветни услови и динамика за подобрување на неговата структурална и организациона ефикасност.

Буџетскиот совет на Собранието има претседател, заменик претседател и 9 членови од редот на пратениците на Собранието на Република Македонија.

На седниците на Буџетскиот совет, без право на одлучување, присуствуваат генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и раководителот на Секторот на финансиски прашања на Службата на Собранието, или лице од Секторот кое тој ќе го определи.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **СУЗАНА САЛИУ, претседател** | |
| | **МАРЈАНЧО НИКОЛОВ, заменик на претседателот** | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| **1.** | Лилјана Затуроска | |
| **2.** | Ѓорѓи Коџобашиев | |
| **3.** | Ристо Манчев | |
| **4.** | Владанка Авировиќ | |
| **5.** | Џеват Адеми | |
| **6.** | Орхан Ибраими | |
| **7.** | Миле Андонов | |
| **8.** | Стојко Пауновски | |
| **9.** | Благоја Стојановски | |

Буџетскиот совет има одржано шест седници на кои се разгледани вкупно 11 точки на дневен ред.

**На Првата седница одржана на 31 август 2011 година** Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија го утврди бројот на надворешни соработници по пратенички групи. Согласно со членот 9 став (3) од Законот за Собранието на Република Македонија секоја пратеничка група во Собранието во зависност од бројот на пратеници и определен број на независни пратеници има право да ангажира надворешни соработници. Бројот на надворешните соработници, согласно со принципот на секои пет пратеника следува еден надворешен соработник ги определува Буџетскиот совет на Собранието. Во Собранието на Република Македонија се формирани шест пратенички групи и тоа: пратеничка група на ВМРО - ДПМНЕ која брои 56 пратеници, пратеничка група на СДСМ која брои 32 пратеници, пратеничка група на ДУИ која брои 15 пратеници, пратеничка група на ДПА со 8 пратеници, пратеничка група на НСДП И ЛП со 5 пратеници и пратеничка група на ПЕИ и СЛ со 5 пратеници. Според бројот на пратениците во пратеничките групи и согласно со членот 9 став (3) од Законот за Собранието на Република Македонија Буџетскиот совет го утврди следниот број на надворешни соработници по пратенички групи:

1. Пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата - број на надворешни соработници - 11.
2. Пратеничка група на СДСМ - број на надворешни соработници - 6.
3. Пратеничка група на ДУИ - број на надворешни соработници - 3.
4. Пратеничка група на ДПА - број на надворешни соработници - 1.
5. Пратеничка група на НСДП И ЛП - број на надворешни соработници - 1.
6. Пратеничка група на ПЕИ и СЛ - број на надворешни соработници - 1.

На истата седница Буџетскиот Совет го овласти генералниот секретар на Собранието на Република Македонија да формира работна група од Службата на Собранието, која ќе изготви Предлог на стратешки план на Собранието на Република Македонија за 2012 година, согласно со членот 27 став (1) алинеја 1 и 2 од Законот за Собранието на Република Македонија.

**На Втората седница одржана на 19 септември 2011 година** Буџетскиот совет го разгледа и утврди Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за 2012 година.
На истата седница Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија го разгледа и го прифати Предлог - буџетското барање на Собранието на Република Македонија за 2012 година изготвено од Секторот за финансиски прашања.

**Буџетскиот совет на Третата седница одржана на 8 ноември 2011 година** го разгледа Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2012 година за Разделот на Собранието на Република Македонија и врз основа на расправата едногласно заклучи дека во Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2012 година, во Разделот 02001 - Собрание на Република Македонија има отстапување од Предлогот на буџетското барање на Собранието на Република Македонија за 2012 година, доставено до Министерството за финансии, кое Буџетскиот совет го разгледа и прифати. Буџетскиот совет го задолжи Секторот за финансиски прашања во Собранието на Република Македонија во

вториот квартал од 2012 година да изготви анализа за динамиката на реализација на расходите во Буџетот на Собранието на Република Македонија во првиот квартал од 2012 година. Согласно со податоците од изготвената анализа и утврдените состојби на потребни средства, Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија заклучи дека ќе покрене иницијатива за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2012 година во Разделот 02001 - Собрание на Република Македонија. Истовремено Буџетскиот совет даде предлог до донесувањето на Буџетот на Република Македонија за 2012 година, средствата утврдени во Буџетот на Република Македонија во Раздел 02001 Собрание на Република Македонија во Потпрограмата 23 - Собраниски канал во ставката 464 - Разни трансфери да се прераспределат во Разделот на друг буџетски корисник во рамки на Буџетот на Република Македонија за 2012 година, бидејќи не постои законски основ за користење на овие средства во Собранието на Република Македонија.

На оваа седница Буџетскиот совет го разгледа Предлогот за продажба на движни ствари на Собранието на Република Македонија, доставен од генералниот секретар на Собранието со писмо број 02-4585/1 од 4 ноември 2011 година и врз основа на членот 25 од Законот за Собранието на Република Македонија даде свое мислење. Во оваа насока Буџетскиот совет зазеде став да се започне со постапката за продажба на движните ствари на кои трајно е престаната потребата од користење во Собранието на Република Македонија и истата да се спроведе согласно Законот за користење и располагање со стварите на државните органи и Упатството за располагање со недвижните и движни ствари на Собранието на Република Македонија. Од причина што потребата од користење на движните ствари специфицирани во доставените пописни листи е трајно престаната, а во функција на ефикасно користење и располагање со стварите во државна сопственост Буџетскиот совет укажа дека е потребно да се започне со постапка за продажба согласно Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, Законот за Собранието на Република Македонија и членот 6 од Правилникот за начинот на располагање и набавување на недвижните и движни ствари, како и евидентирање и попишување на имотот на Собранието на Република Македонија.

Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија на **Четвртата седница одржана на 30 август 2012 година** го разгледа Предлогот на стратешки план на Собранието на Република Македонија за 2013 година и Предлогот на буџетско барање на Собранието на Република Македонија за 2013 година.

**На Петтата седница одржана на 23 јули 2013 година** Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија го разгледа и утврди Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за периодот 2014 - 2016 година. Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за периодот 2014 - 2016 година е подготвен согласно со Законот за буџетите и во истиот се утврдени целите и приоритетите на Собранието на Република Македонија во следните три години. Утврдените стратешки приоритети имаат за

цел зајакнување на институционалните и функционалните капацитети на Собранието како услов за квалитетно, рационално и ефикасно остварување на неговите надлежности. Во Стратешкиот план се дадени конкретни износи на финансиски средства потребни за реализација на поставените цели. Зајакнувањето на законодавната и надзорната функција, зајакнување на финансиската самостојност, остварување и унапредување на меѓународната соработка, транспарентност во работењето, унапредување на ИКТ технолошката платформа и зајакнување и унапредување на човечките ресурси се нотирани како приоритетни цели на Собранието на Република Македонија во периодот од 2014 до 2016 година. Со цел да се зајакне законодавната функција на Собранието особено значајно е донесувањето на закони кои значат изградба на конзистентен правен систем во државата, почитување на принципот на владеење на правото и развој на парламентарната демократија. Во овој контекст, особено е важно донесувањето на закони со кои законодавството на Република Македонија се усогласува со правото на ЕУ, што е правен предуслов за исполнување на критериумите за процесот на евроинтегрирање на нашата држава. Информатичко комуникациската технологија е една од најмоќните алатки за остварување на поголема транспарентност, отчетност во работењето и вклученост на граѓаните во законодавниот процес и претставува двигател за развој и унапредување на работата на Собранието. Преку постојаното надоградување и осовременување на информацискиот систем во согласност со најновите технолошки достигнувања и обезбедување на современа опрема, ќе може да се обезбеди соодветната информатичко-технолошка поддршка на работата и активностите на пратениците и стручната служба на Собранието. За остварување на надлежностите на Собранието и неговите работни тела потребна е квалитетна стручна и административна поддршка која треба да ја обезбеди Службата на Собранието. Во оваа насока потребно е искористување на кадровските потенцијали и човечки ресурси, но и нивно перманентно усовршување преку разни форми на следење и совладување на современите методи и практики кои ги користат парламентите на земјите со долгогодишна парламентарна традиција. Репрезентативната улога на Собранието во областа на мултилатералната и билатералната соработка, на внатрешен и меѓународен план, се здобива со посебно значење преку јакнењето на парламентарната дипломатија како алатка за остварување на стратешките меѓународни приоритети во целина, особено во доменот на европските и евроатлантските интеграции.

На истата седница Буџетскиот совет го разгледа и утврди Предлогот на буџетското барање на Собранието на Република Македонија за 2014 година. Буџетскиот совет констатираше дека финансиските средства утврдени во Предлогот на буџетското барање на Собранието на Република Македонија за 2014 година се планирани во согласност со реалните потреби на Собранието, со цел навремено, квалитетно и континуирано извршување на функциите на Собранието на Република Македонија. Истовремено беше заклучено дека финансиската проекција на потребни средства во Предлогот на буџетското барање на Собранието на Република

Македонија за 2014 година е во функција на реализација на активностите кои се утврдени во Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за периодот 2014 - 2016 година, а со цел за квалитетно, ефикасно и континуирано остварување на надлежностите на Собранието на Република Македонија.

**На Шестата седница одржана на 7 ноември 2013 година** Буџетскиот совет го разгледа Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2014 година - Раздел 02001 Собрание на Република Македонија. Буџетскиот совет го прифати Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2014 година - Раздел 02001 Собрание на Република Македонија.

За одржаните седници и разгледани точки донесени се заклучоци и изготвени се записници.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 6 |
| Вкупно разгледани точки | | 11 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 2 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 9 |
| Информации, извештаи | | - |
| Правилници | | - |

# 5.3. СОВЕТ НА СОБРАНИСКИ КАНАЛ

Ингеренциите на Советот на Собранискиот канал се содржани во Законот за Собранието на Република Македонија објавен во "Службен весник на РМ бр.104/09 година" и во Деловникот на Советот на Собранискиот канал.

Собранието има програмска одговорност за емитување на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието.

Собранискиот канал ги информира и образува граѓаните за политичкиот живот, преку парламентарни, образовни и граѓански програми.

Собранискиот канал емитува програми од интерес за социјалната кохезија, меѓуетничкиот соживот, културните разлики и борбата против сите видови дискриминација и нуди програми кои ја одразуваат разноликоста на македонското општество.

Собранискиот канал се грижи за обезбедување на политичката рамноправност и соодветна јазична застапеност во емитуваните програми.

Собранието обезбедува услови за пренос на дигитален ТВ сигнал до крајните корисници (гледачи).

Собранието основа Совет на Собранискиот канал кој го сочинуваат 11 члена од кои шест пратеници од парламентарното мнозинство и четири пратеници од парламентарната опозиција.

На предлог на претседателот на Собранието потпретседателот на Собранието од редот на опозицијата е претседател на Советот на Собранискиот канал.

Членовите на Советот на Собранискиот канал имаат свои заменици предложени и избрани по истиот критериум како и членовите.

Во работата на Советот на Собранискиот канал учествуваат и претставници на ЈП Македонска радио-телевизија, а по потреба и надворешни членови - експерти од оваа област, без право на глас.

Советот на Собранискиот канал се состанува најмалку на три месеци.

Членовите на Советот на Собранискиот канал ги избира Собранието.

Трошоците за создавање на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието се обезбедуваат од Собранието.

Согласно со членот 45 став 3 од Законот за Собранието на Република Македонија, Одлуката за основање на Совет на Собранискиот канал од 2006 година со сите нејзини измени престанува да важи.

Советот на Собранискиот канал на Собранието на Република Македонија, во периодот од 25 јуни до 31 декември 2011 година, одржа една седница на која е разгледана една точка на дневен ред.

Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2012 година, Советот на

Собранискиот канал на Собранието на Република Македонија одржа две седници, на кои беа разгледани четири точки на дневен ред.

Во текот на 2013 година, односно во периодот од 1 јануари до 31 декември, Советот на Собранискиот канал на Собранието на Република Македонија одржа една седница, која претставуваше продолжение на седницата на Советот започната на 4 јули 2012 година, на чијшто дневен ред беше точката "Разгледување на состојбата со емитувањето на ТВ сигналот на Собранискиот канал, проблеми со емитувањето на преводот на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија".

Во периодот од 1 јануари до 5 март 2014 година, Советот на Собранискиот канал на Собранието на Република Македонија не одржа ниту една седница.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 4 |
| Вкупно разгледани точки | | 6 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| Бухет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 4 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | 2 |
| **надзорни расправи** | | - |

# 6. ПРЕТСЕДАТЕЛ И ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ

# 6.1. ПРЕТСЕДАТЕЛ

Претседателот на Собранието на Република Македонија се избира од редот на пратениците со мнозинство гласови од вкупен број пратеници (62 пратеници). Мандатот на претседателот трае четири години.

Претседателот на Собранието го претставува Собранието, ги свикува седниците и раководи со нив, се грижи за примена на Деловникот на Собранието и врши други работи утврдени со Уставот на Република Македонија и со Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Функцијата на претседател на Собрание е неспоива со вршење на друга јавна функција или функција во политичка партија.

За време на извршување на функцијата претседател на Собрание на Република Македонија г. Трајко Вељаноски дејствуваше во насока на успешно и ефикасно остварување на законодавната власт на Собранието на Република Македонија и остварување на една од темелните вредности, владеење на правото во Република Македонија, притоа следејќи ја стратешката определба за приближување кон Европската унија.

Посебно внимание беше посветено на организација и унапредување на работата на Собранието. Претседателот одржа редовни и дополнителни координации со потпретседателите и координаторите на пратеничките групи, на кои во најголем дел од нив беше присутен и претставник од Владата на Република Македонија.

Во остварување на бројните со Уставот и Деловникот утврдени надлежности на претседателот на Собранието на Република Македонија како позначајни можат да се истакнат:

- константната потреба за испитување и оценување на уредноста на предлозите за донесување на законите како и планирање на динамика на седниците на Собранието според значењето и времето на поднесување на предлози на акти и други материјали,
- грижа за усогласување на активноста на Собранието со активноста на Претседателот на Република Македонија и со Владата на Република Македонија,
- продолжување на практиката на соработка и координинирање на потпреседателите на Собранието и одлучување по прашања за прием на претставници и делегации на парламенти и други органи и организации од странство, како и за испраќање на повремени и постојани собраниски делегации во органи и организации во странство и
- прифаќање на бројни лични покровителства на Собранието за одделни прослави и настани значајни за Република Македонија и за одредување на претставници на Собранието на тие прослави.

Со нагласен интерес и интензитет претседателот на Собранието на Република Македонија ја следи работата на службата

на Собранието и се грижи за нејзино унапредување и за создавање услови за поефикасно работење со примена на современа информатичка технологија, за што се користени искуства од парламенти на повеќе држави.

Во овој период е завршен процесот за создавање на Парламентарниот институт со вработување на 25 државни службеници, кои се во функција на јакнење на парламентарната демократија во сите нејзини аспекти. Нивната работа и придонес ќе бидат особено значајни за сите пратеници во Собранието на Република Македонија и ќе бидат насочени кон развојот на Парламентарниот институт како посебна организациона единица која ќе обезбеди стручни и непристрасни истражувачки услуги.

Со цел за зголемување на транспаретноста во работењето на Собранието во функција е Собранискиот канал на кој се емитуваат пленарните седници и седниците на работните тела, како и настани поврзани со работата на претседателот, пратениците и самото Собрание. Исто така, сите информации за работата на Собранието на Република Македонија може да се добијат на веб страната на Собранието, како и на социјалните медиуми Facebook, Twitter и Youtube.

Собранието на Република Македонија, покрај неговата постојана законодавна функција, продолжи да биде и значаен субјект и партиципиент во остварување на интересите на Република Македонијана во надворешната политика и односите на билатерален и мултилатерален план преку парламентарната дипломатија и личните средби на претседателот на Собранието и пратениците.

За потсетување е и достоинственото одбележување на дваесет години од независноста на Република Македонија. Датум врз кој не само што е втемелена нашата независност и самостојност, туку јасно ги дефинира основните вредности и стратешки определби. Доказ за тоа е петтиот по ред позитивен Извештај од Европската комисија со кој добивме препорака за добивање на датум за започнување на преговорите со Европската унија. Улогата и работата на Собранието на Република Македонија е позитивно оценета, а зад овој успех стојат сите пратеници кои ја даваат поддршката за нашата заедничка цел - членство во НАТО и Европската унија.

Собранието на Република Македонија беше домаќин и ја организираше 10. Конференција на претседатели на парламенти на ПСЈИЕ, на која се направи значаен напредок за новата фаза во меѓусебна соработка на членките на ПСЈИЕ. На оваа конференција покрај документите и актите кои беа донесени, беше истакната и подготвеноста за формирање на Парламентарно собрание на ПСЈИЕ.

Претседателот на Собранието на Република Македонија во овој период оствари динамична меѓународна соработка со парламентарните, дипломатско-конзуларни и други претставници на странски држави, на меѓународни организации како и со други видни личности.

**Преглед на надворешно-политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија Трајко Вељаноски (25 јуни 2011 - 6 март 2014)**

Проштална средба со амбасадорот на Република Унгарија Н.Е. **г. Ференц Кекеши** (7 јули 2011);

Средба со членот на Парламентот на Западна Австралија **г. Џон Норманд Хајд** (22 јули 2011);

Средба со членот на Парламентот на Западна Австралија **г. Робин Давид Скот** (26 јули 2011);

Проштална средба со амбасадорот на Народна Република Кина, Н.Е**. г. Донг Чунг Фенг** (1 август 2011);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Кралството Норвешка **Н.Е. г. Абдулахи Енвер** (1 август 2011);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Сојузна Република Германија **Н.Е. г-ѓа Гудрун Елизабет Штајнекер** (22 август 2011);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Кралството Холандија **Н.Е. г-ѓа Мариа Хенриет Шурман** (22 август 2011);

Средба со амбасадорот на Кралството Велика Британија и Северна Ирска **Н.Е. г. Кристофор Ивон** (31 август 2011);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Народна Република Кина **Н.Е. г. Цуј Џивеи** (12 септември 2011);

Средба со амбасадорот на Швајцарија **Н.Е г. Стефано Лазарото** (14 септември 2011);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Соединетите Американски Држави **Н.Е. г. Пол Волерс** (14 септември 2011);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Државата Израел **Н.Е. г. Петар Јовановски** (22 септември 2011);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Индија **Н.Е. г. Слободан Ташовски** (22 септември 2011);

Средба со новоименуваниот вонреден и ополномоштен амбасадор на Канада, **Н.Е. г. Роман Вашчук** (28 септември 2011);

Средба со новиот вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Азербејџан **Н.Е. г. Фаиг Багхиров** (28 септември 2011);

Средба со претседателот на Владата на Република Турција **г. Реџеп Таип Ердоган** (29 септември 2011);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Унгарија **Н.Е. г. Јожеф Бенце** (4 октомври 2011);

Средба со парламентарната група на Народното собрание на Кувајт за пријателство со Собранието на Република Македонија (13 октомври 2011);

Средба со емирот на Државата Катар **Н.В. шеикот Хамад бин Калифа ал Танин** (18 октомври 2011);

Проштална средба со амбасадорот на Република Австрија **Н.Е. г. Алојз Краут** (21 октомври 2011);

Средба со претседавачот со Претседателството на Босна и Херцеговина **г. Жељко Комшиќ** (25 октомври 2011);

Средба со **г. Сулејман Тихиќ**, заменик на претседавачот на Домот на народите на Парламентарното собрание на БиХ (27 октомври 2011);

Средба со делегацијата на германско-југоисточната парламентарна група на германскиот Бундестаг (1 ноември 2011);

Средба со **Сали Бериша** (9 ноември 2011);

Средба со вонредниот и ополномоштен амбасадор на Република Полска **г. Пжемислав Чиж** (21 ноември 2011);

Работна посета на Велика Британија, Лондон (28 ноември - 30 ноември 2011);

Средба со амбасадорот на Швајцарија**, Н.Е. г. Стефано Лазарото** (2 декември 2011);

Средба со амбасадорот на Австрија, **Н.Е. г. Томас Михаел Бајер** (12 декември 2011);

Средба со претседателот на Република Србија, **Н.Е. г. Борис Тадиќ** (16 декември 2011);

Средба со Делегација на ЗПК на Народното собрание на Република Србија (22 декември 2011);

Официјална посета на Косово (10 јануари 2012);

Средба со делегацијата на турско-македонска меѓупарламентарна група за пријателство (11 јануари 2012);

Средба со амбасадорот на Англија **Н.Е. г. Кристофер Ивон** (18 јануари 2012);

Средба со амбасадорот на Австралија **Н.Е. г-ѓа Хелена Стадер** ( 25 јануари 2012);

Средба со претседателката на српскиот парламент **Н.Е. г-ѓа Славица Џукиќ Дејановиќ** (27 јануари 2012);

Протоколарна средба со амбасадорот на Романија **Н.Е. г. Јустинијан Фокша** (8 февруари 2012);

Работна средба со амбасадорот на Швајцарија **Н.Е г. Стефано Лазарото** (17 февруари 2012);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Европска унија во Република Македонија, **Н.Е. г. Аиво Орав** (7 март 2012);

Средба со членови на парламентарната група за шведско-македонско пријателство на Парламентот на Кралството Шведска (8 март 2012);

Средба со амбасадорот на Република Словенија, **Н.Е. г. Ален Берган Брајан** (14 март 2012);

Средба со заменикот на претседател на Владата и министер за надворешни работи на Република Албанија, **г. Едмонд Хаџинасто** (16 март 2012);

Средба со претседателот на Црна Гора, **Н.Е. г. Филип Вујановиќ** (16 март 2012);

Средба со амбасадорот на Кувајт**, Н.Е. г. Абдулах Ал Дuвај** (19 март 2012);

Средба со амбасадорот на Република Хрватска, **Н.Е. г. Златко Крамариќ** (21 март 2012);

Средба (проштална) со амбасадорот на Босна и Херцеговина, **Н.Е. г. Милан Балабан** (23 март 2012);

Официјална посета на Република Македонија - претседател на Хрватскиот сабор, Н.Е. **г. Борис Шпрем** (28 март 2012);

Официјална посета на Република Македонија - претседател на Собрание на Република Албанија **Н. Е. г-ѓа Јозефина Чоба Топали** (4 април 2012);

Средба со конгресмени од САД - **Дејвид Драјер, Дејвид Прајс, Џим Мек Дермот, Ерик Паулсен и Гери Коноли** (6 април 2012);

Средба со претседателот на Владата на Чешката Република, **Н.Е. г. Петр Нечас** (17 април 2012);

Средба со претседателот на Република Албанија, **Н.Е. г. Бамир Топи** (19 април 2012);

Работна средба со амбасадорот на САД Н**.Е. г. Пол Волерс** и директорот на УСАИД **Н.Е. г. Роберт Вудс** (27 април 2012);

Средба со претставници од Израелскиот парламент (2 мај 2012);

Работна средба со амбасадорот на Европската Унија во Македонија **Н.Е. г. Аиво Орав** (16 мај 2012);

Официјална посета на Република Македонија - претседател на Големото национално собрание на Турција, **Н.Е. г. Џемил Чичек** (17 мај 2012);

Средба со амбасадорот на Република Бугарија во Македонија **Н.Е. г. Иван Великов Петков** (18 мај 2012);

Официјална посета на Република Македонија - претседател на Националниот совет на Република Австрија, **Н.Е. г-ѓа Барбара Прамер** (23 мај 2012);

Официјална посета на Република Словенија ( 4 јуни 2012 до 6 јуни 2012);

Средба со градоначалникот на Рокдеил - Австралија, **г. Бил Сарвиновски** (12 јуни 2012);

Работна средба со амбасадорот на ОБСЕ **Н.Е. г. Ралф Бред** (13 јуни 2012);

Средба со претседателот на Постојаниот комитет на Народниот конгрес на градот Ченгду, провинција Сичуан, **Н.Е. г. Ванг Донгџоу** (14 јуни 2012);

Подготвителен состанок со **г. Петар Поп - Арсов** за амбасадор на мисијата во Стразбург (15 јуни 2012);

Проштална средба со амбасадорот на Словенија **Н.Е. г. Брајан Ален Берган** (5 јули 2012);

Работна средба со амбасадорот на Швајцарија **Н.Е. г. Стефано Лазарото** (6 јули 2012);

Средба со вицеканцеларот и МНР на Република Австрија **Н.Е г. Мишаел Шпинделегер** и МНР со вицепремиерот за европски прашања на Словачка Република **Н.Е. г. Мирослав Лајчак** (10 јули 2012);

Прошталана средба со амбасадорот на Чешка Република **Н.Е. г. Јозеф Браун** (27 јули 2012);

Подготвителен состанок со **г. Лазар Еленовски** за амбасадор во Брисел, Белгија и **г-ѓа Даниела Караѓозоска** за амбасадор во Загреб, Хрватска (30 јули 2012);

Работен состанок со **Н.Е. г. Аиво Орав** (30 јули 2012);

Средба со пратеникот од Тросби, Австралија **Н.Е. г. Стефан Џоунс** (30 јули 2012);

Средба со амбасадорот на Хрватска **Н.Е. г. Златко Крамарич** (31 август 2012);

Протоколарена средба со новоименуваниот амбасадор на државата Израел **Н.Е. г. Јозеф Амрани** (11 септември 2012);

Средба со **г-ѓа Џејн Армитаж** - регионален директор на Светска банка во Македонија (13 септември 2012);

Средба со **Н.Е. г. Роберт Бенџамин** - НДИ (17 септември 2012);

Прошталана средба со амбасадорот на Франција **Н.Е. г. Жан Клод Шлумберже** (25 септември 2012);

Протоколарена средба со новоименуваниот вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Словенија **Н.Е. г. Бранко Раковец** (28 септември 2012);

Официјална посета на Словачка Република (8 октомври до 10 октомври 2012);

Средба со **Н.Е. г. Денис Беќировиќ** - потпретседател на парламентот на Босна и Херцеговина (15 октомври 2012);

Официјална посета на Република Македонија - претседател на парламентот на Унгарија **Н.Е. д-р Ласло Ковер** (17 октомври 2012);

Работен состанок со **г.г Стефан** (19 октомври 2012);

Средба со **Н.Е. г. Томислав Николиќ** - претседател на Република Србија (26 октомври 2012);

Прошталнa средба со амбасадорот на Државата Катар **Н.Е. г. Солтан Саад Ал Мораикни** (29 октомври 2012);

Средба со амбасадорот на Чешка Република **Н.Е г. Мирослав Рамеш** (30 октомври 2012);

Прошталнa средба со амбасадорот на Грција **Н.Е. г. Александра Пападопулу** (28 ноември 2012);

Прошталнa средба со **Н.Е г.Томислав Ѓурин** амбасадор на Република Србија (6 декември 2012);

Средба со министерот за надворешни работи на Република Турција **г. Ахмет Давутоглу** (21 декември 2012);

Средба со амбасадор на САД **г. Пол Волерс** (28 декември 2012);

Подготвителна средба со новоизбраниот амбасадор на Република Македонија во Република Чешка, **г. Паскал Стојчевски** (8 јануари 2013);

Средба со пратеникот на Федералниот парламент на Австралија, **г. Лук Симпкинс** (11 јануари 2013);

Средба со Делегацијата од Групата за билатерална соработка со Република Македонија на Претставничкиот дом на Република Индонезија (15 јануари 2013);

Работна средба со амбасадорот на СР Германија, **г-ѓа Гудрун Штајнехер** (17 јануари 2013);

Работна средба со амбасадорот на Холандија, **г-ѓа Марија Хенриетте Шурман** (23 јануари 2013);

Работна средба со амбасадорот на Русија, **г. Олег Николаевиќ Шчербак** (25 јануари 2013);

Средба со претседателот на Владата на Република Србија, **г. Ивица Дачиќ** (28 јануари 2013);

Подготвителна средба со новоизбраниот амбасадор на Република Македонија во Република Романија, **г. Панде Лазаревски** (28 јануари 2013);

Протоколарна средба со новоименуваниот шеф на Канцеларијата за врски на Република Грција во Република Македонија, амбасадорот **г. Теохарис Лалакос** (1 февруари 2013);

Работна средба со амбасадорот на Италија, **г. Фабио Кристијани** (1 февруари 2013);

Официјална посета на Соединетите Американски Држави (4 до 9 февруари 2013);

Подготвителна средба со новоизбраниот амбасадор на Република Македонија во Обединетото Кралство, **г. Јован Донев** (19 февруари 2013);

Подготвителна средба со новоизбраниот амбасадор на Република Македонија во Кралството Шпанија, **г. Слободан Чашуле** (19 февруари 2013);

Протоколарна средба со амбасадорот на Франција, **г-ѓа Лорен Оар** (20 февруари 2013);

Официјална посета на Индија (3 март до 8 март 2013)

Средба со делегацијата на Државната Дума на Руската федерација (26 март 2013).

Официјална посета на Република Србија (1 до 2 април 2013);

Работна средба со амбасадорот на Унгарија**, г. Јожеф Бенце** (8 април 2013);

Средба со министерот за надворешни работи на Република Словенија, **г. Карл Виктор Ерјавец** (11 април 2013);

Средба со министерот за надворешни работи на Република Албанија, **г. Алдо Бумчи** (30 април 2013);

Официјална посета на Република Ирска (7 до 9 мај 2013);

Присуство на свечениот прием во хотел Александар палас по повод Националниот ден на Руската Федерација (11 јуни 2013);

Присуство на приемот по повод годишнината од роденденот на **Кралицата Елизабета II** (11 јуни 2013).

Средба со министерот за надворешни работи на Република Романија, **Н.Е. г. Титус Корлацеан** (3 јули 2013);

Присуство на свечениот прием во американската амбасада во Скопје по повод денот на независноста на САД, 4-ти јули (3 јули 2013);

Средба со Делегација од Комисијата за европски прашања на Парламентот на Холандија (8 јули 2013);

Средба со **г. Ендру Елсбери**, пратеник од Викторија, Комонвелт Австралија (8 јули 2013);

Средба со амбасадорот на Република Турција, **г. Халил Ѓурол Сокменсур** (11 јули 2013);

Средба со Претседателот на Република Словенија**, Н.Е. г. Борут Пахор** (17 јули 2013);

Средба со **Звонимир Јанкуловски**, амбасадор во Амбасадата на РМ во Светата Столица (1 август 2013);

Присуство на прием во Холидеј Ин по повод Денот на победата на Република Турција (30 август 2013).

Официјална посета на спикерот на Сенатот на Канада, **Н.Е. г. Ноел Кинсела** (3 до 7 септември 2013);

Присуство на свечениот прием по повод 22 годишнината од Независноста на Украина во ресторан Ореов лад (4 септември 2013);

Средба со Претседателот на Република Хрватска, **Н.Е. г. Иво Јосиповиќ** (5 септември 2013);

Средба со Претседателот на Република Полска, **Н.Е. г. Бронислав Коморовски** (10 септември 2013);

Официјална посета на Лорд спикерот на Горниот дом на Парламентот на Обединетото кралство на Велика Британија и Северна Ирска, **Баронесата Д'Соуза** (24 до 27 септември 2013);

Присуство на свечениот прием по повод 64 годишнината од основањето на Народна Република Кина и 20 - годишнината од воспоставувањето на дипломатски односи меѓу Република Македонија и Народна Република Кина во хотел Александар Палас (30 септември 2013);

Присуство на свечениот прием по повод 20-годишнината од воспоставување на дипломатски односи меѓу Република Македонија и Сојузна Република Германија во хотел Бест Вестерн Белви (3 октомври 2013);

Средба со Делегација од германскиот Бундестаг, предводена од пратеникот **г. Штефан Клаудио Леме** (14 октомври 2013);

Средба со потпретседателот на Сејмот на Република Полска, **г. Јежи Вендерлих** (16 октомври 2013);

Средба со амбасадорот на Кралството Шведска во Р. Македонија, **г. Матс Стафансон** (18 октомври 2013);

Официјална посета на Чешката Република (29 октомври 2013);

Средба со претседателот на Владата на Република Албанија**, г. Еди Рама** (6 ноември 2013);

Прошталнa средба со амбасадорот на Република Албанија, **г. Арбен Чејку** (14 ноември 2013);

Работна посета на Кралството Шпанија (25 до 27 ноември 2013);

Присуство на изложба и прием во Амбасадата на САД по повод 20 годишнината од отворање на првата канцеларија за врски (3 декември 2013);

Средба со претседателот на Владата на Унгарија, **г. Виктор Орбан** (5 декември 2013);

Официјална посета на Република Албанија (11 до 13 декември 2013);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Србија во Република Македонија, **г-ѓа Душанка Дивјак Томиќ** (19 декември 2013);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Република Словенија, **г. Томи Димитровски** (15 јануари 2014);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Данска, **г. Наим Мемети** (15 јануари 2014);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Израел, **г. Пајо Авировиќ** (15 јануари 2014);

Официјална посета на Република Хрватска (23 до 25 јануари 2014);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Италијанската Република, **г. Оливер Шамбевски** (7 февруари 2014);

Средба со парламентарниот заменик-министер за надворешни работи на Јапонија, **г. Такао Макино** (10 февруари 2014);

Прием по повод Национален ден и ден на Армијата на Република Србија во хотел Александар Палас (13 февруари 2014);

Средба со амбасадорот на Италија во Република Македонија, **г. Ернесто Масимино Белели** (14 февруари 2014);

Средба со пратениците на германскиот Бундестаг, **г. Јоханес Зеле и г. Јосип Јуратовиќ** (14 февруари 2014);

Средба со амбасадорот на Република Македонија во Италијанската Република, **г. Оливер Шамбевски** (3 март 2014);

Прием по повод Национален ден на Република Бугарија во хотел Александар Палас (3 март 2014);

**Преглед на надворешно-политичките мултилатерални активности Собранието на Република Македонија Трајко Вељаноски (25 јуни 2011 - 6 март 2014)**

Средба со шефот на Делегација на ЕУ, **Н.Е. г. Соренсен** (7 јули 2011);

Средба со директорот на Генералниот директорат за проширување на ЕУ, **г. Стефано Санино** (27 јули 2011);

Средба со шефот на Мисијата на ОБСЕ во РМ, **Н.Е. г. Ралф Брет** (29 јули 2011);

Средба со **Н.Е. г. Ричард Ховит** член на Европскиот парламент и известувач за Република Македонија (19 септември 2011);

Средба со **г. Роберт Валтер** известител на Комисијата за почитување на обврските и заложбите на земјите членки на Советот на Европа (26 септември 2011);

Прием во чест на гостите од Мешовитиот парламентарен комитет (3 ноември 2011);

Конститутивна седница на секцијата на Собранието во ПС на Франкофонијата (8 ноември 2011);

Средба со амбасадорот на Кралството Данска задолжен за Република Македонија **Н.Е. г. Торбен Брил** -Данско претседавање на ЕУ (17 јануари 2012).

Средба со европратениците од групата " Пријатели на Македонија" (21 февруари 2012);

Официјална посета на Австралија (24 февруари до 4 март 2012);

Учество на Конференцијата на претседатели на парламенти, Варшава - Полска (19 април до 21 април 2012);

Средба со еврокомесарот за проширување на Европската унија, **Н. Е. г. Штефан Филе** (7 мај 2012);

Средба со потпретседателот на Парламентарното собрание на Советот на Европа **Н.Е. г. Роберт Валтер**, известител за постмониторинг дијалогот со Република Македонија (8 мај 2012);

Работна средба со еврокомесарот **Н.Е г. Штефан Филе** (17 септември 2012 год.);

Учество на Конференција на претседатели на парламенти, Совет на Европа -Стразбур, Франција (20 септември до 22 септември 2012);

Работен состанок со амбасадорите на ЕУ кај **Н.Е. г. Аиво Орав** (26 септември 2012);

Средба со потпретседателот на Парламентарното собрание на Советот на Европа **Н.Е. г. Роберт Валтер**, известител за постмониторинг дијалогот со Република Македонија (1 ноември 2012);

Работна средба со амбасадорот на Европската Унија во Република Македонија, **г. Аиво Орав** (9 јануари 2013);

Работна средба со генералниот директор за проширување на Европската унија, **г. Стефано Санини** (15 јануари 2013);

Средба со членовите на Европската народна партија, предводена од потпретседателот на ЕПП, **г-ѓа Корин Вортман-Коол** (13 февруари 2013);

Средба со членовите на Поткомитетот за човекови права во Европскиот парламент, предводени од известителот за Република Македонија во Европскиот парламент, **г. Ричард Ховит** (14 февруари 2013);

Обраќање на Меѓународната конференција „Европска интеграција низ соработката на парламентите, граѓанското општество и независните регулаторни тела во ЈИЕ - Размена на искуства и позитивни практики" (15 април 2013);

Конференција на претседатели на ЕУ парламенти, Никозија - Кипар (21 - 23 април 2013);

Десетта Конференција на претседатели на парламенти на процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПСЈИЕ), Охрид (26 до 28 мај 2013);

Средба со претседателот на Парламентарното Собрание на Советот на Европа, **г. Жан Клод Мињон** (и вечера во ресторан Воденица) (10 јуни 2013);

Средба со специјалниот известувач на Обединетите нации за унапредување и заштита на правото на слободата на мислење и изразување, **г. Франк Ла Ру** (18 јуни 2013);

Средба со помошникот на генералниот секретар на НАТО за политички односи и безбедносна политика, **г. Дирк Бренгелман** (5 јули 2013);

Учество на Шестата Конференција на претседатели на парламенти од земјите од Западен Балкан, во Будимпешта, Унгарија (8 октомври 2013);

Посета на македонските мировници распоредени во Мисијата ИСАФ во Авганистан по повод државниот празник 11 Октомври - Ден на народното востание (12 октомври 2013);

Средба со евроамбасадорот **г. Аиво Орав** по повод примопредавање на Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2013 година (16 октомври 2013);

Средба со известителот на мониторинг комисијата на Парламентарното собрание на Советот на Европа за Република Македонија, **г. Роберт Валтер** (2 декември 2013) и

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Постојаната мисија на Република Македонија при ОН во Њујорк, **г. Василе Андоновски** (19 декември 2013).

**Преглед на други активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Трајко Вељаноски (25 јуни 2011 - 6 март 2014)**

Средба со акредитирани новинари (27 јуни 2011);

Отварање на 50. Балкански фестивал на народни игри и песни, Долни Сарај, Охрид (6 јули 2011);

Потпишување во книга на жалост по повод масакрот во Осло, амбасада на Кралството Норвешка (26 јули 2011);

Прием по повод Националниот ден на Украина - амбасада на Украина (5 септември 2011);

Потпишување на Меморандум со амбасадорот на Кралството на Велика Британија и Северна Ирска (20 септември 2011);

Коктел по повод Словенечкиот ден на независност (21 септември 2011);

Прием по повод Денот на Бошњаците - Холидеј Ин (28 септември 2011);

Прием по повод Денот на формирање на Народна Република Кина (29 септември 2011);

Прва седница на Комитетот за односи меѓу заедниците (3 октомври 2011);

Брифинг со новинари (4 октомври 2011);

Учество на Петтата конференција на претседатели на парламенти од земјите на Западен Балкан, Будимпешта (11 до 12 октомври 2011);

Примање на Извештајот за напредок на Република Македонија за 2011 година (13 октомври 2011);

Работна средба со амбасадорот на Чешката Република, **Н.Е. г. Јозеф Браун** (19 октомври 2011);

Доделување на државната награда "23 Октомври" (23 октомври 2011);

Свечена академија по повод 23 Октомври - Ден на македонската револуционерна борба (23 октомври 2011);

Прием во Музејот на ВМРО по повод 23 Октомври - Ден на македонската револуционерна борба (23 октомври 2011);

Средба со делегација на Уставниот суд од Србија (3 ноември 2011);

Средба со **г-ѓа Ингрид Делтенре**, генерален директор на Европската радиодифузна унија (8 ноември 2011);

Свечена изјава на членовите на ДИК (11 ноември 2011);

Средба кај Претседателот на Република Македонија **г. Ѓорге Иванов** на државниот врв по повод пресудата во Хаг (5 декември 2011);

Средба со **Валериј Алексеев** (7 декември 2011);

Свечена изјава на член на Државна комисија за спречување на корупција (7 декември 2011);

Свечена академија во Дом на АРМ по повод 8 декември "Св. Климент Охридски" (7 декември 2011);

Доделување на државна награда "Св. Климент Охридски" (8 декември 2011);

Свечена изјава на членот на Совет на јавни обвинители, **г. Сашо Василевски** (12 декември 2011);

Интервју за МТВ (14 декември 2011);

Прес конференција за вработувањето во Парламентарниот институт (20 декември 2011);

Свечена изјава на членот на Советот на јавните обвинители на Република Македонија **г-ѓа Олгица Јорданова** (21 декември 2011);

Доделување на државната награда "Мито Хаџи Василев Јасмин" (21 декември 2011);

Интервју за Утрински весник (22 декември 2011);

Божиќна миса по повод католичко празнување на празникот (24 декември 2011);

Интервју за Сител, емисија Круг (27 декември 2011);

Обраќање на отворањето на Центарот за култура Ѓорче Петров (28 декември 2011);

Средба со амбасадорите на ДПК на Македонија (28 декември 2011);

Интервју за Канал 5 (29 декември 2011);

Интервју за МТВ (30 декември 2011);

Света божествена литургија по повод Божиќ во Соборен храм (7 јануари 2012);

Ручек во резиденцијата на Поглаварот на МПЦ **г.г.Стефан** по повод имменден празник на св.првомаченик архиѓаконот Стефан (9 јануари 2012);

Прием во Холидеј Ин по повод независноста на Австралија (26 јануари 2012);

Презентација на резултатите од анкетата за Собранието на Република Македонија (27 јануари 2012);

Потпишување на свечената изјава од страна на **г. Драгољуб Цакиќ** за член на Совет на јавни обвинители (8 февруари 2012);

Координација кај Претседателот на Република Македонија **г. Ѓорге Иванов** по повод претстојната посета од страна на **г. Метју Нимиц** на Република Македонија (17 февруари 2012);

Седница на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ИПУ (13 март 2012);

Работен состанок - Етички кодекс (14 март 2012);

Интервју - телевизија Алфа (27 март 2012);

Свечена литургија по повод католичкиот Велигден во "Пресвето срце Исусово" (7 април 2012);

Интервју за Народна банка на Република Македонија (12 април 2012);

Присуство на отпочнувањето на градежните работи на новиот кружен тек меѓу булеварот Партизански одреди, булеварот Македонска војска, улицата 4.Јули и улицата Лука Геров, кај црквата "Свети Петар и Павле", во Ѓорче Петров (25 април 2012);

Обраќање по повод 20 години од монетарното осамостојување на Република Македонија (26 април 2012);

Свечени изјави на уставните судии **г-ѓа Елена Гошева, г. Никола Ивановски и г. Сали Мурати** (30 април 2012);

Свечена изјава на **г. Дашмир Саити** за член на Совет на јавни обвинители (3 мај 2012);

Свечена академија во АРМ по повод Денот на Европа 9 мај (9 мај 2012);

Седница на Комисија на уставни прашања (15 мај 2012);

Врачена Благодарница од страна на претставниците на заедницата на Власите во Република Македонија (22 мај 2012);

Прием по повод прославата 10 години ДУИ (12 јуни 2012);

Прием по повод прославата 22 години ВМРО-ДПМНЕ (15 јуни 2012);

Прием по повод националниот ден на Република Словенија (21 јуни 2012);

Прием по повод годишнината од роденденот на британската кралица **Елизабета II** (22 јуни 2012);

Свечени изјави на новоизбрани членови на Советот на јавни обвинители **г. Зоран Сулејманов** избран за член на Советот на јавните обвинители на Република Македонија на седница на Собранието на Република Македонија, **г. Петар Аневски** од ОЈО Битола, **г. Костадин Кизов** од ОЈО Кичево, **г. Миле Мојсовски** од ОЈО Скопје и **Момир Маричиќ** од Вишото јавно обвинителство Скопје - од единствената посебната листа на заедниците, избрани на непосредни избори (26 јуни 2012);

Прием по повод Националниот ден на Хрватска (26 јуни 2012);

Интервју за Турска радио телевизија (27 јуни 2012);

Прием по повод 64 години од независност на Израел (28 јуни 2012);

Свечено откривање на плакетата за донацијата на информатичка, аудио и видео опрема од страна на Секинескиот народен конгрес за потребите на Собранието на Република Македонија (29 јуни 2012);

Брифинг со новинари (29 јуни 2012)

Прием по повод 236 години од независност на САД (3 јули 2012);

Балкански фестивал на народни игри и ора - Охрид (6 јули 2012);

Обраќање по повод затворање на ИПА проектот во ЕУ инфо центар (11 јули 2012);

Свечена изјава на член на ДИК **г-ѓа Анета Стефановска** (25 јули 2012);

Редовен брифинг со новинарите (27 јули 2012);

Вечера-ифтар, рамазански пости Демократска партија на Турците во Македонија (28 јули 2012);

Одбележување на 2 август - Илинден, Меморијален центар Пелинце - покровители (2 август 2012);

Присуство на свеченоста по повод Ден на АРМ (касарна Илинден) (18 август 2012);

Прием по повод 8 септември - Кристална сала (7 септември 2012);

Свечена академија во МОБ по повод 8 септември и концерт на арена Филип II (8 септември 2012);

Хуманитарна акција по повод одбележувањето на трагичните настани од 11 септември 2001 година, во покровителство на амбасадата на САД и Црвен крст на Град Скопје (10 септември 2012);

Официјално пуштање во употреба на новиот кружен тек во Ѓорче Петров (12 септември 2012);

Учество на Конференција - Дискусија по повод 15-ти септември, меѓународниот ден на Демократијата, тема "Демократијата и родова еднаквост" (14 септември 2012);

Прием по повод националниот ден на Република Словачка (14 септември 2012);

Интервју - снимање документарен филм по повод 50 години од формирањето на Републичкиот Совет за безбедност на сообраќајот на патишта на Република Македонија (19 септември 2012);

Трета седница на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија (25 септември 2012);

Прием по повод 63-годишнина од установорување на Кина (27 септември 2012);

Потпишување во книгата на жалост во амбасада на Хрватска по повод смртта на претседателот на Хрватски Сабор **Н.Е. г. Борис Шпрем** (3 октомври 2012);

Свечено отварање на трговскиот центар Скопје City Mall (3 октомври 2012);

Прием на Извештајот за напредок на Република Македонија за 2011 година од Европска комисија (10 октомври 2012);

Свечена академија по повод одбележувањето на државниот празник 11 Октомври - ден на народното востание (10 октомври 2012);

Обраќање на ПСРМ по повод "15 години од парламентарната димензија на ПСЈИЕ-минато,сегашноста и европската иднина на регионот" и 7.состанок на работната група за парламентарната димензија на ПСЈИЕ (15 октомври 2012);

Работен состанок со претставниците од МТВ, ЈПРД и СРД (15 октомври 2012);

Церемонијално положување на венец на Споменикот на паднатите херои (17 октомври 2012);

Вечера во чест на **Н.Е д-р Ласло Ковер** претседател на парламентот на Унгарија (17 октомври 2012);

Прием по повод националниот ден на Унгарија (18 октомври 2012);

Работен ручек со **г. Аиво Орав** (22 октомври 2012);

Свечена академија по повод ден на ВМРО - домаќин премиерот **г. Никола Груевски**, МОБ (23 октомври 2012);

Прием по повод националниот ден на Австрија (26 октомври 2012);

Прием по повод 89-та годишнина од основањето на Република Турција (29 октомври 2012);

Следење на изборните претседателски резултати во Соединетите американски држави во амбасадата на САД во Република Македонија (7 ноември 2012);

Обраќање по повод 10-годишнината од формирањето на Државната комисија за спречување на корупцијата (12 ноември 2012);

Положување на цвеќе пред споменикот на ослободителите на Град Скопје и пред споменикот на генерал Михајло Апостолски (13 ноември 2012);

Обраќање на Конференција на МАНУ по повод 16 ноември - Меѓународен ден на толеранцијата (16 ноември 2012);

Редовен месечен брифинг со новинарите (29 ноември 2012);

Обраќање на Конференција "Улогата на политичките партии во изборниот процес", во организација на Мисијата на ОБСЕ во Република Македонија (30 ноември 2012);

Интервју за МИА (6 декември 2012);

Прием по повод прошталната средба со **Н.Е г-ѓа Александра Пападопулу**, амбасадор на Република Грција (6 декември 2012);

Вечера во резиденцијата на кинеската амбасада (13 декември 2012);

Свечена изјава на членовите на Судски совет (**Јелица Крстевска**, судија на Врховен суд на Република Македонија; **Влатко Самарџиски**, судија на Апелационен суд Скопје; **Александра Зафировска**, судија на Основен суд Тетово, Претседател на Судски совет на Република Македонија; **Мирјанка Гоцевска Стефановска**, судија на Апелационен суд Штип; **Мери Дика Георгиевска**, судија на Апелационен суд Скопје (18 декември 2012);

Католички Божиќ - Католичка црква, Исусово срце (24 декември 2012);

Интервју за МИА (27 декември 2012);

Свечена изјава од страна на народниот правобранител **г. Иџет Мемети** (28 декември 2012);

Работна средба со дипломатскиот кор во Република Македонија (28 декември 2012);

Свечена изјава на членот на Судски совет **г. Беќим Реџепи** (31 декември 2012);

Новогодишно обраќање пред нацијата (31 декември 2012);

Коктел по повод Нова година со службата на Собрание на Република Македонија (31 декември 2012)

Света божествена литургија по повод Божиќ во Соборниот храм „Св. Климент Охридски" (7 јануари 2013);

Работен ручек со амбасадори (8 јануари 2013);

Подготвителна средба со новоизбраниот амбасадор на Република Македонија во Република Чешка, **г. Паскал Стојчевски** (8 јануари 2013);

Традиционален Божиќен коктел во свечената сала на Соборниот храм (8 јануари 2013);

Ручек во резиденцијата на Поглаварот на МПЦ, **г.г. Стефан** по повод имленден, празник на Св. првомаченик архиѓаконот Стефан (9 јануари 2013);

Потпишување на решение за распишување на локалните избори 2013 година (11 јануари 2013);

Изјава за медиуми по повод распишување на локални избори 2013 година (11 јануари 2013);

Одбележување на Водици на железниот мост во Хром, посета на св. Апостол Павле (19 јануари 2013);

Свечена изјава на заменик на министерот за економија, **г. Христијан Делев** (22 јануари 2013);

Работна вечера во ресторанот „Стара куќа" со претставници од Амбасадата на Швајцарија (22 јануари 2013);

Давање на свечена изјава на јавниот обвинител на Република Македонија **г. Марко Зврлевски** (24 јануари 2013);

Свечена изјава на заменик на министерот во Министерство за внатрешни работи, **г. Земри Ќамили**, заменик на министерот во Министерство за финансии, **г. Ардиан Џеладини** и заменик на министерот во Министерство за транспорт и врски, **г. Џељаљ Бајрами** (18 февруари 2013);

Обраќање по повод покровителството на 50. Мавровски меморијал во нордиско скијање (1 март 2013);

Работна средба со директорот на USAID, **г. Роберт Вурц** (18 март 2013);

Присуство на Велигденска миса по повод Католички велигден во црквата Пресвето срце Исусово (30 март 2013).

Потпишување во книгата на жалост по повод смртта на поранешниот премиер на Обединетото Кралство, **баронесата Маргарет Тачер** (10 април 2013);

Обраќање на регионалната Конференција на ИПС стипендисти - 2013 година (12 април 2013);

Давање на свечена изјава на членот на Државна комисија за спречување на корупција, **г. Ѓорѓи Сламков** и членот на Советот на јавни обвинители на Република Македонија, **г. Дилавер Бектеши** (12 април 2013);

Средба со **г. Јохан Тарчуловски** (12 април 2013);

Присуство на церемонијален погреб на поранешниот премиер на Обединетото Кралство, **баронесата Маргарет Тачер**, Катедрала св. Павле, Лондон - Англија (16 до 17 април 2013);

Интервју во вестите во 19 часот на ТВ Сител (24 април 2013);

Велигденски духовен концерт во Универзална сала (манастир Св. Јован Бигорски) (24 април 2013);

Фотографирање со децата од ЈУ детски културен центар - Карпош по повод издавање на Монографијата 65 години ДКЦ „Карпош" (26 април 2013);

Работна вечера во резиденцијата на Амбасадата на Швајцарија (26 април 2013);

Присуство на свечената Воскресна литургија во св. Пантелејмон на Плаошник, Охрид (4 мај 2013);

Свечено отворање на новоизградениот објект „Порта Вевчани", општина Вевчани (5 мај 2013);

Прием - вечера по повод Третата светска конференција за меѓурелигиски и меѓуцивилизациски дијалог (10 мај 2013);

Работна средба со главниот државен ревизор**, г-ѓа Тања Таневска** (20 мај 2013);

Свечена изјава на заменик на министерот за локална самоуправа, **г. Ѓорѓија Сајкоски** (29 мај 2013);

Доделување на благодарници на вработените во Службата на Собранието кои учествуваа во организирањето на Конференцијата на претседатели на парламенти на ПСЈИЕ во Охрид (14 јуни 2013);

Присуство на опелото по повод смртта на владиката полошко-кумановски Кирил во Соборниот храм "Св. Климент Охридски" (14 јуни 2013);

Свечена прослава по повод роденденот на ВМРО-ДПМНЕ во "Музејот на Македонската борба за државност и самостојност" (14 јуни 2013);

Давање на свечена изјава на **Беќир Шаини**, член на Судскиот совет на РМ (20 јуни 2013);

Средба со главниот државен ревизор **Тања Таневска** (27 јуни 2013);

Обраќање на отворањето на 52. издание на Балканскиот фестивал на народни игри и песни (06 јули 2013);

Средба со новиот извршен директор на Холандската конституенца на Светската банка, **г. Франк Химскерк** (10 јули 2013);

Положување цвеќе пред споменикот на жртвите од земјотресот во 1963 год. и присуство на концерт на плоштад Македонија по повод 50-годишнината од земјотресот (26 јули 2013);

Присуство на свечена Ифтар вечера во хотел Александар Палас на покана на Демократската партија на Турците на Македонија (28 јули 2013);

Давање на свечена изјава на замениците на народниот правобранител на Република Македонија (31 јули 2013).

Обраќање по повод 2-ри август - Денот на Републиката и положување на свежо цвеќе пред споменикот на АСНОМ, Никола Карев и Методија Андонов Ченто (2 август 2013);

Присуство на централната прослава по повод одбележување на Денот на Армијата на РМ (18 август 2013);

Средба со **Жан Шарл Липерто** претседател на Парламентот на Федерацијата Валонија-Брисел (27 август 2013);

Обраќање на свечениот прием - коктел по повод 8-ми Септември - Денот на независност на Република Македонија во Кристалната сала во Собрание на Република Македонија (7 септември 2013);

Полагање свежо цвеќе на Споменикот на паднатите херои за Македонија по повод 8-ми Септември - Денот на независност на Република Македонија (8 септември 2013);

Присуство на свечената академија во Македонската опера и балет по повод свеченото одбележување на празникот 8-ми Септември (8 септември 2013);

Претседавање со четвртата седница на Делегацијата на Собранието на РМ во ИПУ (10 септември 2013);

Присуство на хуманитарната акција во придружба на координаторите на пратеничките групи во Амбасадата на САД во Скопје (11 септември 2013);

Обраќање и присуство на изложбата на ракотворби во Националната галерија на Македонија "Мала станица" по повод 20 годишнината од воспоставувањето на дипломатските односи меѓу Република Македонија и Народна Република Кина (12 септември 2013);

Давање на свечена изјава на новоизбраните членови на Судскиот совет на Република Македонија (27 септември 2013);

Присуство на коктелот по повод јубилејот на Канал 5 телевизија во ресторанот Воденица (2 октомври 2013);

Полагање свежо цвеќе на Споменикот на паднатите херои за Македонија по повод 23 Октомври - Денот на македонската револуционерна борба (23 октомври 2013);

Присуство на доделувањето на државната награда "23 Октомври" во Кристалната сала на Собрание на РМ (23 октомври 2013);

Обраќање на свечената академија по повод 23 Октомври - Денот на македонската револуционерна борба во новиот објект на Македонскиот народен театар и коктел во Музејот на македонската борба (23 октомври 2013);

Давање на свечена изјава на новоизбраниот претседател на Државната изборна комисија на Република Македонија, **г. Никола Рилкоски** (22 ноември 2013);

Средба со **Вера Јовановска - Типко**, амбасадор во Амбасадата на РМ во Република Србија (29 ноември 2013);

Отворање на изложбата по повод јубилеј на Остен, биенале на наградени автори во изложбениот простор на МАНУ (5 декември 2013);

Присуство на првата претстава во новиот театар (7 декември 2013);

Присуство на доделувањето на Државната награда "Св. Климент Охридски" во Свечена сала на Собранието на Република Македонија (8 декември 2013);

Давање на свечена изјава на новоизбраниот член на Судскиот совет на Република Македонија, **г-ѓа Виолета Богојеска** (24 декември 2013);

Присуство на Литургијата по повод католичкиот Божиќ во Католичката црква (24 декември 2013);

Годишен работен состанок со шефовите на дипломатско-конзуларните претставништва и мисии на Република Македонија во странство (Амбасадорски совет) во МНР (27 декември 2013);

Обраќање пред вработените во Службата на Собранието по повод претстојните празници (31 декември 2013);

Присуство на Светата Божествена Литургија по повод Божиќ во Соборен храм „Свети Климент Охридски" (7 јануари 2014);

Традиционален божиќен ручек и имenден кај поглаварот на Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија, Архиепископ Охридски и Македонски **г. г. Стефан** во резиденцијата на Архиепископот (9 јануари 2014);

Снимање за документарен филм со Лавиринт продукција (15 јануари 2014);

Интервју за МИА (29 јануари 2014);

Потпишување на Решението за распишување на избор за Претседател на Република Македонија и изјава за медиуми (1 февруари 2014);

Давање на свечена изјава на новоизбраниот член на Судскиот совет на Република Македонија (4 февруари 2014);

Средба со претставници на средствата за јавно информирање со цел запознавање со содржината на Годишниот извештај за работата на Собранието на Република Македонија за 2013 година (5 февруари 2014);

Средба со **г. Стојан Андов** (6 февруари 2014);

Средба со годинешните стипендисти од Република Македонија предводени од амбасадорот на СР Германија, **г-ѓа Гудрун Штајнакер**, како покровител на Програмата – Меѓународна парламентарна стипендија (ИПС) на германскиот Бундестаг (17 февруари 2014);

Обраќање на Комеморативната академија по повод одбележувањето на 10. годишнината од загинувањето на Претседателот на Република Македонија, **г. Борис Трајковски**, во новиот театар (25 февруари 2014);

Средба **со г. Петер Ванхут** (26 февруари 2014);

Положување венец свежо цвеќе на гробот на загинатиот **претседател Борис Трајковски**, на Алејата на великаните, гробишта Бутел (26 февруари 2014);

Средба со **г. Џејмс Пердју** (27 февруари 2014) и

Потпишување на Решението за распишување предвремени парламентарни избори и изјава за медиуми (6 март 2014).

# 6.2. ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ

Собранието на Република Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката.

Собранието на Република Македонија од редот на пратениците, покрај тоа што избира претседател со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, избира и тројца потпретседатели.

По конституирањето на седмиот парламентарен состав избрани се тројца потпретседатели и тоа Светлана Јакимовска од ВМРО-ДПМНЕ, Сузана Салиу од ДУИ и Јани Макрадули од СДСМ.

Потпретседателите на Собранието на Република Македонија реализираа голем број на активности коишто се состојат во редовното учество на седниците на претседателството на Собранието на Република Македонија, кои се одржуваат еднаш неделно кадешто се разгледуваат важни прашања сврзани за тековните работи на Собранието, меѓународните активности, како и прашања од општ карактер.

Во споменатиот период, како пратеници редовно и активно учествуваа на сите пленарни седници на Собранието на Република Македонија.

Во својство на членови на разни комисии во Собранието на Република Македонија како потпретседатели беа меѓу најактивните и редовно учествуваа во сите комисии.

Во нивниот мандатен период, потпретседателите заедно со претседателот на Собранието на Република Македонија реализираа многубројни средби со претставници на дипломатските и конзуларните претставништва, како и претставници на институции на странските земји и меѓународните организации во Република Македонија

### Потпретседател Светлана Јакимовска

Потпретседателката Светлана Јакимовска доаѓа од редовите на партијата ВМРО-ДПМНЕ и на оваа функција е избрана по втор пат на 12 јули 2012 година.

Потпретседателката на Собранието на Република Македонија има реализирано голем број активности преку редовно учество на седниците на претседателството кои се одржуваат еднаш неделно и на кои се разгледуваат прашања поврзани со тековните работи на Собранието, меѓународните активности и прашања од општ карактер.

Во периодот на целиот мандат потпретседателката редовно учествувала на сите пленарни седници, а по потреба и го заменува претседателот и раководи со пленарните седници на Собранието.

Потпретседателката Јакимовска е претседател на Управувачкиот совет на Парламентарниот институт како и на Верификационата комисија, додека во Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците е заменик претседател.

Во овој период како член активно учествувала во работата на Комисијата за прашања на изборите и именувањата и Законодавно-правната комисија.

Активен член е во пратеничките групи на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Полска и Парламентот на Република Словенија, како и претседател на пратеничката група за соработка со Парламентот на Република Финска.

Таа редовно учествува на Јавните и Надзорните расправи што ги организираат Комисиите во Собранието на Република Македонија.

Потпретседателката Јакимовска активно придонесува во остварувањето на мисијата и достигнувањата на Клубот на пратенички преку свое редовно учество на состаноците.

***1. Учество во работата на работните тела на Собранието на Република Македонија и пратеничките групи за билатерална соработка како и други активности во рамките на Собранието на РМ***

- Потпретседателката оствари средба со стипендистите од ИПС програмата за 2011 година по нивниот престој во Германскиот Бундестаг (8 ноември 2011);
- Потпретседателката Јакимовска присуствуваше на собраниските седници чие обраќање имаа претседателот на Собранието на Република Албанија г-ѓа Јозефина Чоба Топали, претседателот на Големото Национално Собрание на Република Турција Н.Е. г. Џемил Чичек, претседателот на Националниот совет на Република Австрија г-ѓа Барбара Прамер, Генералниот секретар на Обиденитите нации господин Бан Ки Мун и редовното годишно обраќање на претседателот на Република Македонија Н.Е. г. Ѓорѓе Иванов во 2012 година;
- Остварена средба со тројцата корисници на Меѓународната парламентарна стипендија за во Германскиот Бундестаг и евалуација на програмата за Меѓународна парламетарна стипендија (16 февруари 2012);
- Потпретседателката Јакимовска присуствуваше на собраниските седници чие обраќање имаа претседателот на Парламентарното собрание на Советот на Европа, господин Жан Клод Мињон, спикерот на Сенатот на Канада Почитуваниот господин Ноел Кинсела, Лорд Спикерот на Горниот Дом на Парламентот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска Баронеса Д´Суза, како и претседателот на Република Македонија д-р Ѓорѓе Иванов;
- Остварена средба со корисниците на Меѓународната парламентарна стипендија за во Германскиот Бундестаг и евалуација на програмата за Меѓународна парламентарна стипендија (27 февруари 2013);
- Остварена средба со група од 20 истакнати универзитетски професори од Германија и 15 членови на здружението ИПС Алумни Македонија (18 септември 2013);
- Во името на претседателот на Собранието на Република Македонија г. Трајко Вељаноски, потпретседателката Јакимовска, го отвори семинарот на тема: "Отворен парламент: транспарентност на парламентарните активности". Семинарот се реализира во рамките на повеќегодишната и континуирана соработка на Собранието на Република Македонија со Европскиот парламент (23 и 24 септември 2013) и

- Потпретседателката Јакимовска го оствари третиот состанок на Советодавниот одбор на Парламентарниот институт со претставници од парламентите на Швајцарија, Чешка и Словачка, претставници од Агенцијата на Соединетите Американски Држави за меѓународен развој (УСАИД), Британската амбасада во Скопје, Делегацијата на ЕУ, Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) и Националниот демократски институт (НДИ) (24 февруари 2014).

***2. Средби со амбасадори и други диполоматски претставници***

- Потпретседателката, заедно со претседателот, потпретседателите и координаторите на пратеничките групи, оствари средба со Стефано Санино, директор на Генералниот директорат за проширување (27 јули 2011);
- Потпретседателката Јакимовска ја пречека и испрати Делегацијата на Се-кинескиот Народен Конгрес на Аеродромот Александар Велики во Скопје (15 и 18 септември 2011);
- Присуство на официјалното потпишување на Меморандумот за соработка меѓу претседателот на Собрание на Република Македонија, Британската амбасада во Скопје и Вестминстер фондацијата за демократија (20 септември 2011);
- Средба со Франсис Мико и Бил Робертсон, консултанти од Демократското партнерство на Конгресот на САД (19 септември 2011);
- По повод 63 годишнината од независноста на Државата Израел, потпретседателката Светлана Јакимовска присуствуваше на концертот во Македонската опера и балет во организација на Израелскиот амбасадор Н.Е. г. Дејвид Коен, неговата сопруга г-ѓа Коен и почесниот конзул г. Виктор Мизрахи (21 септември 2011);
- Потпретседателката оствари работен ручек со г. Курт Кунц, заменик Генерален директор на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) и Раководител на секторот за соработка со Источна Европа (23 септември 2011);
- По повод 62 годишнината од основањето на Народна Република Кина, потпретседателката Светлана Јакимовска присуствуваше на свечен прием организиран од страна на кинескиот амбасадор Н.Е. г. Цуи Живеи и неговата сопруга г-ѓа Ценг Минли (28 септември 2011);
- Присуство на прием по повод германското обединување организиран од Н.Е. г-ѓа Гудрун Штајнакер (4 октомври 2011);
- По повод изборната постапка за Меѓународната парламентарна стипендија 2011 година, потпретседателката Јакимовска присуствуваше на коктел прием организиран од претседателот на изборната комисија г. Александар Урлих, пратеник во Германскиот Бундестаг (6 октомври 2011);
- Потпретседателката оствари средба со Комисијата за избор на стипендисти за ИПС програмата за 2012 година од СР Германија (7 октомври 2011);
- Потпретседателката Светлана Јакимовска присуствуваше на свечена вечера организирана од претседателот на РМ Н.Е. д-р Ѓорѓе Иванов, а по повод официјалната

посета на Република Македонија на Неговото Височество Шеикот Хамад бин Калифа ал Тани, Емир на Државата Катар (17 октомври 2011);

- Протоколарен прием на Н.Е. г. Јуха Отман, вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Финска за Република Македонија (21 октомври 2011 година);
- Остварена средба со германско - југоисточна парламентарна група на Германскиот Бундестаг предводена од г. Петер Вајс (1 ноември 2011);
- Потпретседателката заедно со претседателот, потпретседателите и координаторите на пратеничките групи на Собранието на Република Македонија, оствари студиска посета на Парламентите во Велика Британија - Лондон и Единбург (од 27 октомври до 3 ноември 2011);
- Работен ручек - семинар за стратешко планирање на Клубот на пратенички на Собранието на Република Македонија, организиран за жените пратенички од Собранието на Република Македонија со г-ѓа Кети Ален, претседател/сопственик на Конекшн груп, во организација на НДИ (12 декември 2011);
- Работен ручек - семинар за истражувањето и услугите за обезбедување на информации за пратениците, организиран за сите пратеници од Собранието на Република Македонија со г-ѓа Валери Хајтсузен, истражувач и аналитичар во Истражувачката служба на Конгресот на САД, во организација на НДИ со поддршка на УСАИД, Демократското партнерство на Конгресот на САД и СДЦ (13 декември 2011);
- Работен ручек - семинар за надзорните расправи, организиран за сите пратеници од Собранието на Република Македонија со г. Станислав Цалетка од Парламентарниот институт во Парламентот на Република Чешка, во организација на НДИ со поддршка на УСАИД, Демократското партнерство на Конгресот на САД и СДЦ (19 декември 2011);
- Активно учествуваше на работниот состанок на средбата со Делегацијата на Зконодавноправната комисија на Народното собрание на Република Србија во Собранието на Република Македонија (22 декември 2011);
- Остварена работна посета на Парламентарниот институт и Парламентарната библиотека на Парламентот на Република Чешка (од 16 до18 јануари 2012);
- Средба со Делегација од Словачката Република предводена од г. Јозеф Михал, заменик премиер и министер за турд, социјални прашања и семејство (24 јануари 2012);
- Работен ручек - семинар во врска со праксата на буџетирање за Сенатот во САД vis-a-vis Собранието на Република Македонија, организиран од Националниот демократски институт за меѓународни работи (НДИ), со поддршка на УСАИД, Демократското партнерство на Конгресот на САД и Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) (12 февруари 2012);
- Остварена средба со Н.Е. г. Борис Шпрем, претседател на Хрватскиот Сабор, во рамки на неговата официјална посета на Република Македонија (од 27 до 29 март 2012);
- Присуство на официјалната вечера организирана од вицепремиерот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања г-ѓа Теута Арифи, во чест на претседателот на Собранието на Република Албанија г-ѓа Јозефина Чоба Топали (3 април 2012);

- Средба со Конгресната Делегација (CODEL) во врска со мисијата на Демократското партнерство на Конгресот (5 и 6 април 2012);
- Остварен работен доручек со членовите на Управувачкиот совет на Парламентарниот институт, Националниот демократски институт (НДИ) и Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) (26 април 2012);
- Средба со Мониторинг комисијата на ПС на СЕ и за пост-мониторинг дијалог со Република Македонија (8 мај 2012);
- Остварена средба со Н.Е. г-ѓа Барбара Прамер, претседател на Националниот Совет на Република Австрија, во рамки на нејзината официјална посета на Република Македонија (23 до 25 мај 2012);
- Потпретседателката Јакимовска присуствуваше на прием по повод Националниот ден на Русија, организиран од Амбасадорот на Руската Федерација во Република Македонија Н.Е. г. Олег Шчербак и неговата сопруга Лариса Шчербак (8 јуни 2012);
- Остварена средба со претставници на Германскиот Бундестаг, германскиот пратеник г-ѓа Мариа Флексбарт, членовите на Комисијата за избор на стипендисти за ИПС-програмата од Сојузна Република Германија г-ѓа Габриела Вендорф и г.Рандолф Кригер, амбасадорот на Сојузна Република Германија во Република Македонија, Н.Е. Гудрин Штајнакер и советникот за културна соработка г-ѓа Катерина Науман (1 октомври 2012);
- Делегација од Собранието на Република Македонија предводена од потпретседателката Јакимовска присуствуваа на погреб на претседателот на Хрватскиот Сабор Н.Е. г. Борис Шпрем (4 октомври 2012);
- Остварена работна вечера со Н.Е. Др Ласло Ковер, претседател на Парламентот на Унгарија, организирана од Н.Е. г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија (17 октомври 2012);
- Потпретседателката на Собранието на Република Македонија г-ѓа Светлана Јакимовска, оствари средба со стипендистите на Меѓународната стипендија (ИПС) на германскиот Бундестаг. На средбата присуствуваше Н.Е. Гудрин Штајнакер, претседателот на Пратеничката група за соработка со Парламентот со Сојузна Република Германија г. Антонио Милошоски и стипендистите Андреа Јовевски и Елена Митревска (18 февруари 2013);
- Присуство на вечера по повод посетата на г-ѓа Бригит Хагман (Раководител на Одделението за Западен Балкан SDC во Скопје, организирано од швајцарскиот амбасадорот Стефано Лазарото (20 март 2013);
- Средба со Делегација на Комисијата за цивилна димензија на безбедноста, Парламентарно Собрание на НАТО на Република Македонија (22 април 2013);
- Учество на состанок со Експертскиот тим на ГРЕКО (Група на држави против корупција) на Советот на Европа во Република Македонија, односно четврт евалуационен круг "Превенција на корупцијата кај членовите на Парламентот, судиите и обвинителите" (14 мај 2013);

- Присуство на вечера во Германската резиденција организирана од Н.Е. Гудрин Штајнакер, амбасадор на Сојузна Република Германија во Република Македонија (29 мај 2013);
- По повод Националниот ден на Република Хрватска, Денот на вооружените сили како и пристапувањето на Република Хрватска во Европската унија, потпретседателката присуствуваше на прием организиран од страна на Н.Е Златко Крамариќ,амбасадор на Република Хрватска во Република Македонија и Аташе за одбрана на Република Хрватска полковник Ивица Матешиќ (1 јули 2013);
- Потпретседателката Јакимовска оствари средба со почитуваниот г. Ноел Кинсела, спикер на Сенатот на Канада и беше во постојана придружба во рамките на неговата официјална посета на Република Македонија (6 септември 2013);
- По повод одбележувањето на 20-годишнината од воспоставувањето на дипломатските односи меѓу Република Македонија и Народна Република Кина, потпретседателката Јакимовска заедно со Собраниска делегација присуствуваа на изложба на експонати на ракотворби на девојките од малцинството Чианг во регионот Венчуан организирана од амбасадорот на Народна Република Кина (12 септември 2013);
- Потпретседателката Јакимовска оствари средба со Лорд спикерот на Горниот Дом на Парламентот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска Баронеса Д'Суза и беше во постојана придружба во рамките на нејзината официјална посета на Република Македонија (24 до 27 септември 2013);
- По повод денот на германското единство и 20-годишниот јубилеј на германско-македонските односи, потпретседателката Јакимовска присуствуваше на прием организирана од амбасадорот на Сојузна Република Германија Н.Е. г-ѓа Гудрин Штајнакер (3 октомври 2013);
- Потпретседателката Јакимовска оствари средба со г-н Јеж Вендерлих, потпретседател на Сејмот на Република Полска и беше во постојана придружба во рамки на неговата официјална посета на Република Македонија (16 октомври 2013) и
- Потпретседателката Јакимовска го оствари третиот состанок на Советодавниот одбор на Парламентарниот институт со претставници од парламентите на Швајцарија, Чешка и Словачка, претставници од Агенцијата на Соединетите Американски Држави за меѓународен развој (USAID), Британската амбасада во Скопје, Делегацијата на ЕУ, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) и Националниот Демократски Институт (NDI) (24 февруари 2014).

### *3. Учество на конференции и свечености по повод значајни датуми*

- Остварен е работен состанок во Владата на Република Македонија на тема "Инклузија на Ромите и Ромите бегалци" (26 јули 2011);
- По повод одбележувањето на државниот празник 2 Август - Илинден, потпретседателката Јакимовска положи свежо цвеќе пред споменикот на првиот

претседател на Президиумот на АСНОМ, Методија Андонов Ченто, од страна на Собранието на Република Македонија на плоштад "Македонија" (2 август 2011);

- По повод 2 Август - Илинден, Денот на Републиката, потпретседателката присуствуваше на свеченото одбележување приредено од Н.Е. г. Никола Груевски, претседател на Владата на Република Македонија во Меморијалниот центар Пелинце (2 август 2011);
- Присуство на врачување на Државната награда "Мајка Тереза" за 2011 година од страна на Одборот за доделување на Државната награда "Мајка Тереза" во свечената сала во Собранието на РМ (16 август 2011);
- Учество на Национална конференција за Охридскиот договор "Децентрализацијата и мултикултурализмот во Македонија" во организација на Владата на Република Македонија и Секретаријатот за Имплементација на Охридскиот Рамковен Договор (5 септември 2011);
- Присуство на свеченото отворање на новиот реконструиран аеродром "Александар Велики"- Скопје (6 септември 2011);
- По повод свеченото одбележување на празникот 8 Септември - Денот на независноста на Република Македонија, потпретседателката Јакимовска присуствуваше на свечена академија во Македонска опера и балет, организирана од страна на претседателот на Република Македонија Н.Е. д-р Ѓорѓе Иванов (7 септември 2011);
- Присуство на прием по повод одбележувањето на 20-годишнината од независноста на РМ, организиран од страна на претседателот на Собранието на Република Македонија Н.Е. г. Трајко Вељаноски, во Кристалната сала на Собранието на Република Македонија (7 септември 2011);
- Присуство на Свеченото доделување на Орден "8 Септември" посмртно на г. Јордан Мијалков, првиот министер за внатрешни работи во Владата на Република Македонија, од страна на претседателот на Република Македонија Н.Е. д-р Ѓорѓе Иванов (8 септември 2011);
- Потпретседателката Јакимовска присуствуваше на Централната свечена манифестација по повод 20 години од независноста на Република Македонија организирана од страна на Владата на Република Македонија (8 септември 2011);
- Присуство на церемонијата за свечено доделување на Орден "8 Септември" на г. Џон Битов од страна на Претседателот на Република Македонија Н.Е. д-р Ѓорѓе Иванов (10 септември 2011);
- Присуство на свеченото доделување на "Медал за заслуги за Македонија" на членовите на Македонската кошаркарска репрезентација од страна на Претседателот на Република Македонија Н.Е. д-р Ѓорѓе Иванов (20 септември 2011);
- Присуство на прием организиран од страна на г. Авдија Пепиќ, претседател на СДА по повод Денот на Бошњаците (28 септември 2011);
- Присуство на свечено пуштање во употреба на две тениски игралишта и вештачка карпа во населбата Карпош од страна на Премиерот на Република Македонија Н.Е. г. Никола Груевски (4 октомври 2011);

- Присуство на свечен коктел по повод 13 години постоење на Канал 5 Телевизија (4 октомври 2011);
- Присуство на свечена академија во Домот на АРМ по повод 11 Октомври - денот на народното востание организирана од претседателот на РМ Н.Е. д-р Ѓорѓе Иванов (10 октомври 2011);
- Присуство на врачување на Државната награда "11 Октомври" од страна на Одборот за доделување на Државната награда "11 Октомври" во Кристална сала во Собранието на РМ (11 октомври 2011);
- Присуство на врачување на Државната награда "23 Октомври" за 2011 година од страна на Одборот за доделување на Државната награда "23 Октомври" во Кристална сала во Собранието на Република Македонија (23 октомври 2011);
- По повод 23 Октомври - Денот на македонската револуционерна борба, потпретседателката присуствуваше на свечена академија во МОБ организирана од претседателот на Собранието на Република Македонија Н.Е. г. Трајко Вељаноски (23 октомври 2011);
- По повод 23 Октомври - Денот на македонската револуционерна борба, потпретседателката присуствуваше на прием во Музеј на македонската борба за државност и самостојност - Музеј на ВМРО и жртвите на комунизмот организирана од претседателот на Собрание на Република Македонија Н.Е. г. Трајко Вељаноски (23 октомври 2011);
- Потпретседателката Јакимовска присуствуваше на свеченото отворање на Првиот сомпозиум на акушерки со меѓународно учество под мотото: “Позицијата, перспективата и потребата од акушерки" (28 октомври 2011);
- По повод одбележувањето на 20-годишнината од донесувањето на првиот Устав на самостојна, суверена и независна Македонија, потпретседателката присуствуваше на коктелот организиран од претседателот на Собранието на Република Македонија Н.Е. г. Трајко Вељаноски (17 ноември 2011);
- Присуство на Свечената промоција на објектот "Порта Македонија" од страна на Премиерот на Република Македонија Н.Е. г. Никола Груевски и Министерството за култура (6 јануари 2012);
- Предводник на Собраниска делегација за положување на венец свежо цвеќе на гробот на поранешниот претседател на Република Македонија г. Борис Трајковски, по повод 8-годишнината од неговото загинување (26 февруари 2012);
- Присуство на свечената прослава по повод одбележувањето на 20 години од монетарното осамостојување на Република Македонија (26 април 2012);
- Присуство на доделувањето на Државната награда "Гоце Делчев" од страна на одборот за доделување на Државната награда "Гоце Делчев" (4 мај 2012);
- Присуство на свечена академија по повод Ѓурѓовден - партониот празник на општината Кисела Вода, организирана од Општината Кисела Вода (4 мај 2012);

- Присуство на свечена академија по повод 9 Мај - Ден на Европа, организирана од претседателот на Владата на Република Македонија Н.Е. г. Никола Груевски (9 Мај 2012);
- Присуство на свечено отворање на манифестацијата Културно лето "Три Круши 2012" во организација на Општина Кисела Вода (16 јуни 2012);
- Обраќање по повод одбележувањето на 20 години од основањето на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија (19 јуни 2012);
- Потпретседателката Јакимовска свечено го отвори 42-риот Републички фестивал на народни песни и игри "Илинденски денови" - Битола (27 јули 2012);
- По повод 2 Август - Ден на Републиката, делегација на Собранието на Република Македонија, предводена од г-ѓа Светлана Јакимовска, положи венец свежо цвеќе на споменикот на Методија Андонов Ченто и на споменикот на Првото заседание на АСНОМ. (2 август 2012);
- Присуство на прослава по повод одбележување на 11 години од Рамковниот Договор во Музејот на современа уметност Скопје (13 август 2012);
- По повод 8 Септември - Ден на независноста на Република Македонија, потпретседателката Јакимовска присуствуваше на свечен прием организиран од страна на Н.Е. г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија (7 септември 2012);
- По повод свечено одбележување на празникот 8 Септември - Ден на независноста на Република Македонија, потпретседателката Јакимовска присуствуваше на свечена акадамија во Македонска опера и балет (8 септември 2012);
- По повод 15 Септември - Меѓународен ден на Демократијата потпретседателката присуствуваше на конференција "Демократијата и родовата еднаквост" (14 септември 2012);
- Учество во Јавна расправа на тема: ˝Национален акциски план за имплементација на Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност на ОН" (26 септември 2012);
- По повод 63-та годишнина од установувањето на Народна Република Кина, потпретседателката присуствуваше на свечен прием организиран од Вонредниот и Ополномоштен Амбасадор на Народна Република Кина во Република Македонија Н.Е.г-дин Цуј Џивеи и г-ѓа Денг Минли (27 септември 2012);
- Обраќање на потпретседателката Јакимовска, по повод 50 годишнината од постоењето и работата на Републичкиот совет на безбедност на сообраќајот на патиштата (РСБСП) (10 октомври 2012);
- По повод 11 Октомври - Ден на народното востание, потпретседателката присуствуваше на Свечена академија во Домот на АРМ (10 октомври 2012);
- По повод Национален ден на Унгарија, потпретседателката присуствуваше на свечена прослава организирана од Амбасадорот на Унгарија (18 октомври 2012);
- Присуство на прослава по повод 9 години од формирањето на Демократските сили на Ромите (20 октомври 2012);

- Присуство по повод пуштање во употреба на новиот објект на Министерството за надворешни работи на Република Македонија (23 октомври 2012);
- По повод ˝23 Октомври - Денот на македонската револуционерна борба˝ потпретседателката прусуствуваше на свечена академија во Македонска опера и балет (23 октомври 2012);
- По повод одбележувањето на ˝23 Октомври - Денот на македонската револуционерна борба˝ потпретседателката присуствуваше на свечена промоција на Монографија за музејот на македонската борба за државност и самостојност и филателистичка изложба "Писма до Македонија" (23 октомври 2012);
- По повод Националниот празник на Австрија, потпретседателка присуствуваше на прием организиран од страна на Австрискиот амабасадор во Македонска опера и балет (26 октомври 2012);
- По повод 89-та годишнина од основањето на Република Турција, потпретседателката присуствуваше на свечен прием организиран од страна на Амбасадорот на Република Турција (29 октомври 2012);
- Присуство на одбележувањето по повод 10 години од основање и работење на Државната комисија за спречување на корупција (12 ноември 2012);
- Обраќање на Меѓународна Конференција за проектот "жените во руралниот развој, "see world" (24 ноември 2012);
- Присуство на свечена академија по повод свечено одбележување на државниот празник 8 Декември - Св. Климент Охридски организирано од претседателот на Република Македонија Н.Е. д-р Ѓорге Иванов (7 декември 2012);
- По повод 141 година од раѓањето на македонскиот револуционер Гоце Делчев, делегација на Собранието на Република Македонија, предводена од потпретседателот г-ѓа Светлана Јакимовска, а во состав на г. Антонијо Милошоски и г-ѓа Владанка Авировиќ положија венци свежо цвеке на гробот на Гоце Делчев, црква „Свети Спас" и на споменикот на Гоце Делчев, плоштад Македонија (4 февруари 2013);
- По повод девет години од смртта на поранешниот македонски претседател Борис Трајковски, собраниска делегација предводена од потпретседателката Светлана Јакимовска положија цвеќе во Алејата на великаните на Градските гробишта (26 февруари 2013);
- Обраќање по повод организирање на ИПС алумни регионалната конференција 2013 "Наследството од ИПС во фокус: Преку активизам на здруженијата на меѓународната парламентарна стипендија до поголемо учество во политичкиот и општествениот живот во татковината" (12 април 2013);
- По повод 110 години од смртта на идеологот на македонската револуционерната борба Гоце Делчев, потпретседателката беше предводник на Собраниска делегација и положи цвеќе на гробот на Гоце Делчев во црквата „Свети Спас" (4 мај 2013);
- Обраќање на Панел дискусија "Во партнерство со медиумите до општество со нулта толеранција за семејно насилство" (15 мај 2013);

- По повод 65 години Детски културен центар „Карпош", потпретседателката присуствуваше на промоција на Монографијата 65 години ДКЦ „Карпош", како и на проекцијата на документарен филм за ДКЦ „Карпош", во Музејот на македонската борба (6 јуни 2013);
- Остварен работен состанок на тема „Предизвиците на родово одговорното буџетирање во Република Македонија" во организација на Министерството за труд и социјална политика (11 јули 2013);
- Присуство на свечено пуштање во употреба на Паркот на бранителите во населба Драчево (28 јули 2013);
- По повод 2 Август - Ден на Републиката, делегација на Собранието на Република Македонија положи венец свежо цвеќе на споменикот на Методија Андонов Ченто, споменикот на Никола Карев, како и на споменикот на Првото заседание на АСНОМ (2 август 2013);
- По повод 8 Септември - Ден на независноста на Република Македонија, потпретседателката Јакимовска присуствуваше на прием организиран од страна на Н.Е. г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија (7 септември 2013);
- По повод свечено одбележување на празникот 8 Септември - Денот на независноста на Република Македонија, потпретседателката Јакимовска присуствуваше на Свечена академија организирана од претседателот на Република Македонија Н.Е. д-р Ѓорѓе Иванов (8 септември 2013);
- Присуство на првиот историски Сахара балкански мировен фестивал и мировен самит организиран од г. Субрата Рој (2 октомври 2013);
- Потпретседателката Јакимовска како предводник на Собраниска делегација, положи свежо цвеќе пред спомениците на М.А. Ченто и АСНОМ (11 октомври 2013);
- Присуство на доделувањето на државната награда „11 Октомври" од страна на одборот за доделување на државната награда „11 Октомври" (11 октомври 2013);
- По повод одбележувањето на празникот 11 Октомври - Денот на народното востание, потпретседателката Јакимовска присуствуваше на Свечена академија организирана од претседателот на Република Македонија Н.Е. д-р Ѓорѓе Иванов (11 Октомври 2013);
- Присуство на доделувањето на државната награда „23 Октомври" од страна на одборот за доделување на државната награда „23 Октомври" (23 октомври 2013);
- По повод 23 Октомври - Денот на македонската револуционерна борба, потпретседателката Јакимовска присуствуваше на Свечена академија организирана од претседателот на Собранието на Република Македонија Н.Е. г. Трајко Вељаноски (23 октомври 2013);
- Присуство на доделувањето на државната награда „Св. Климент Охридски" од страна на одборот за доделување на државната награда „Св. Климент Охридски" (8 декември 2013);
- По повод одбележувањето на 10-годишнината од загинувањето на претседателот на Република Македонија, Борис Трајковски, потпретседателката Јакимовска

присуствуваше на Комеморативна академија на која свое обраќање имаше претседателот на Собранието на Република Македонија г. Трајко Вељаноски (25 февруари 2014);

- По повод десетгодишнината од загинувањето на претседателот на Република Македонија Борис Трајковски, собраниска делегација предводена од потпретседателката Светлана Јакимовска положи свежо цвеќе во алејата на великаните на Градските гробишта (26 февруари 2014);
- Потпретседателката Јакимовска имаше свое обраќање и го прогласи за отворен 51-от Мавровски меморијал (28 февруари 2014) и
- Надвор од ангажманите во Собранието на Република Македонија, потпретседателката Светлана Јакимовска редовно учествува на манифестации организирани од Владата, Локалната самоуправа, Градот Скопје како и матичната партија ВМРО-ДПМНЕ.

## ➢ Потпретседател Сузана Салиу

Сузана Салиу, доаѓа од редовите на Демократската унија за интеграција (ДУИ).

На парламентарните избори во 2011 се кандидира за пратеник во изборната единица број 1 и на 25 јуни 2011 е избрана за пратеник во Собранието на Република Македонија од редовите на Демократската унија за интеграција (ДУИ).

На седницата на Собранието на Република Македонија одржана на 12 јули 2011 година, е избрана за потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Како Потпретседател на Собранието на Република Македонија има реализирано голем број активности кои се состојат во редовно учество на седниците на Собранието на Република Македонија, во кои се разгледуваат голем број прашања сврзани за редовните работи на Собранието, меѓународни активности, прашања од општ карактер како и редовни координативни средби на Собранието на Република Македонија.

Од редовните работи во Собранието на Република Македонија, има остварено голем број активности како претседател на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија, и како член во неколку комисии и тоа: Законодавно-правна комисија, Комисија за уставни прашања, постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот, Национален совет за евроинтеграции како и на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците како заменик член.

Освен редовните работи во Собранието на Република Македонија, г-ѓа Сузана Салиу оствари многу средби со граѓани, со странски делегации и други дипломатски претставници, учествуваше на многу семинари и конференции во земјата и во странство, истотака учествуваше на пречек и испраќање на странски делегации, положување цвеќе по повод значајни датуми за Република Македонија.

### 1. Учеството во работата на работнитните тела на Собранието на Република Македонија и пратенички групи за билатерална соработка

- Редовно учествува на сите пленарни седници на Собранието на Република Македонија,
- Учествува во работата на Комисијата за прашања на изборите и именувањата и Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците, како и на Комисијата за труд и социјална политика и Комисијата за европски прашања во својство на заменик член,
- Член е на пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка на Парламентот на Португалската Република и на пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка на Парламентот на Сојузна Република Германија.
- Претседател е на Советот за Собраниски канал,
- Учествува на повеќе средби и приеми со министерите и со Владата на Република Македонија, средби со координатори на други политички партии во Собранието на Република Македонија, учествува на доделување на признанија и награди и др.
- Има многубројни средби со странки-граѓани на Република Македонија.

### 1. Средби со амбасадори и други диполоматски претставници

- Потпретседателката оствари протоколарна средба со Н.Е. Алијар Лебе Абдул Азеез, вонреден и ополномоштен амбасадор на Демократска Социјалистичка Република Шри Ланка за Република Македонија (21 октомври 2011);
- Како член на постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот оствари средба со Делегација на Конгресот на локални и регионални власти на Советот на Европа, делегацијата беше во состав: г-ѓа Андре Бухман коизвестител од Франција, г. Јенс Волк и г-ѓа Седеф Цанкочак членови на Секретаријатот на Конгресот;
- Во својство на Потпретседател на Собранието на Република Македонија го пречека Претседателот на Големото Национално Собрание на Република Турција г-дин Џемил Чичек (17 мај 2012);
- Потпретседателката Сузана Салиу вечераше со Барбара Прамер - Претседател на Национален Совет на Австрија (24 мај 2012);
- Потпретседателот на Собранието на Република Македонија, г-ѓа Сузана Салиу, оствари средба со делегација од општината Татлису од Северен Кипар, во чиј состав беа градоначалникот на општината, г. Хајри Орчан и претседателот на Советот, г. Музафер Ајдин (19 октомври 2012);
- По повод 100-годишнината од независноста на Република Албанија со покана од Претседателката на Парламентот на Република Албанија г-ѓа Јозефина Чоба Топали, Потпретседателката Сузана Салиу учествуваше на свечената седница во Парламентот организирана од Јозефина Топали и на манифестацијата во Валона како и во другите активности по повод 100-годишнината на независноста на Република Албанија (од 24 до 28 ноември 2012);

- Како член на Постојаната анкетна комисија за слободите и правата на граѓанинот г-ѓа Сузана Салиу оствари средба со Делегација на Поткомитетот за човекови права во Европскиот парламент, предводена од г. Ричард Ховит (14 февруари 2013);
- Потпретседателот на Собранието на Република Македонија, г-ѓа Сузана Салиу, оствари средба со делегација од Комисијата за здравство на Чешкиот парламент предводена од г. Алеш Розточил, заменик претседател на Комисијата за здравство на Чешкиот парламент, покрај членовите на Комисијата за здравство, во придружба на делегацијата беше и Н.Е. Мирослав Рамеш, амбасадор на Република Чешка во Република Македонија (10 април 2013);
- Учество на семинар за национално безбедносни политики во Гармиш-Партенкирхен, Германија (23-26 април 2013);
- Г-ѓа Сузана Салиу заедно со делегација, предводена од претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Трајко Вељаноски имаше аудиенција кај новиот папа Франциск во Ватикан (мај 2013);
- Како член на Законодавно-правна комисија, г-ѓа Сузана Салиу учествуваше на Третата меѓународна конференција на Законодавно-правни комисии, организирана од Фондацијата ИРЗ, во соработка со претседателот на Комисијата за правни прашања на германскиот Бундестаг, која се одржи во Берлин ( јули 2013);
- Во својство на Потпретседател на Собранието на Република Македонија и како член на Институтот "ALB-SHKENCA" учествуваше на конференцијата организирано од Институтот "ALB-SHKENCA" што се одржи во Тирана - Албанија (од 29 до 31 август 2013);
- Потпретседателот на Собранието на Република Македонија г-ѓа Сузана Салиу, на аеродромот "Александар Велики" го пречека почитуваниот г. Ноел Кинсела, спикер на Сенатот на Канада, кој беше на официјална посета на Република Македонија, исто така беше присутна и на испраќањето на делегацијата предводена од г. Ноел Кинсела (3 септември 2013);
- Г-ѓа Сузана Салиу учествуваше на Годишниот самит "Жените во парламенти - Глобален форум" што се одржа во Европскиот парламент во Брисел (27 до 29 ноември 2013);
- Како заменик член на Комицијата за политички систем и односи меѓу заедниците имаше средба со г. Роберт Валтер, известител на Комисијата за почитување на обврските и заложбите на земјите членки на Советот на Европа (Мониторинг комисијата);
- Г-ѓа Сузана Салиу заедно со претседателот на Собранието на Република Македонија г. Трајко Вељаноски оствари официјална посета на Чешката Република, на покана на претседателот на Сенатот на Чешката Република, г. Милан Штех;
- Делегација на Собранието на Република Македонија, предводена од потпретседателот на Собранието г-ѓа Сузана Салиу учествуваше на 62. Национален молитвен појадок во Вашингтон. (4 до 6 февруари 2014) и
- Г-ѓа Сузана Салиу учествуваше на студиска посета во Берлин и Брисел (од 9 до 15 февруари 2014).

***2.Учество на конференции и свечености по повод значајни датуми***

- Присуство на коктел по повод 20 години од донесувањето на првиот Устав (17 ноември 2011);
- Потпретседателката Сузана Салиу ја предводеше делегацијата за положување цвеќе на Споменикот на ослободителите на Скопје на Партизанските гробишта во Бутел, алеата на заслужните граѓани на гробот на генерал Михајло Апостолски и споменик на ослободителите на Скопје пред Владата на Република Македонија (13 ноември 2011);
- Г-ѓа Сузана Салиу учествуваше на меѓународниот семинар "Учеството на жените - лидери во економскиот развој и борбата со сиромаштијата" во Вашингтон, што го организираше натпартиското конгресно тело Партнерство за демократија, со кое претседаваат конгресмените Дејвид Прајс од Северна Каролина и Дејвид Драер од Калифорнија;
- Присуство на коктел по повод 20 години од донесувањето на првиот Устав (17 ноември 2012);
- Учество на свечена академија по повод на Денот на македонската револуционерна борба (23 октомври 2013);
- Положување цвеќе пред Споменикот на ослободителите на Скопје - партизански гробишта - Бутел (13 ноември 2013);
- Положување цвеќе пред Споменик на генералот Михајло Апостолски, Бутел (13 ноември 2013);
- Положување цвеќе пред споменикот на ослободителите на Скопје, пред Влада на Република Македонија (13 ноември 2013);
- Учество на комеморативна академија по повод одбележувањето на десетгодишнината од загинувањето на Претседателот на Република Македонија, г. Борис Трајковски (25 февруари 2014) и
- Положување цвеќе пред гробот на починатиот Претседател на Република Македонија г. Борис Трајковски во Бутел ( 26 февруари 2014).

## ➢ ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ ЈАНИ МАКРАДУЛИ

Господин Јани Макрадули е избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија на третата редовна седница одржана на 12 Јули 2011 година, од редовите на Пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, најголемата опозициона политичка партија застапена во Собранието на Република Македонија.

Како потпретседател на Собранието на Република Македонија, г. Јани Макрадули по потреба претседава со пленарните седници на Собранието, редовно учествува на Координации и Колегиуми на Собранието и извршува други задачи кои се во негова надлежност согласно со Деловникот на Собранието на РМ.

Активно учествува во работата на Комисијата за транспорт, врски и екологија и во Комисијата за европски прашања, чии член е, како и во работата на Комисијата за надзор над

работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на агенцијата за разузнавање, каде што е заменик член.

Покрај редовните собраниски активности член е и во собраниски Делегации и парламентарни групи за соработка со парламенти на други држави:

- во Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија,
- член на пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Австрија, Австралија и Нов Зеланд и Република Косово,
- претседател е на Советот на Собранискиот канал и
- член е на Управувачкиот совет на Парламентарниот институт во Собранието на Република Македонија.

***Политичко портфолио:***

1996 - 2000 локални избори, Советник во општина Центар, Скопје

1997 - Учесник на политичката школа за локална самоуправа во Фрајбург

2001 - 2002 Пратеник во Собранието на Република Македонија - дополнителни парламентарни избори

2002 - избран за пратеник и координатор на пратеничката група на СДСМ

2003 - Претседател на Комисија за информатичка технологија

2005 - Член на Постојаната комисија за соработка со Европскиот Парламент

2005 -Член на ад хок експертската комисија на Советот на Европа за Информатичко општество

2006 - 2008 Избран за пратеник во Собранието Република Македонија и координатор на ПГ на СДСМ

2008 - Избран за пратеник во Собранието Република Македонија, од 25 август 2008 избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија

2011 - избран за пратеник во Собранието на Република Македонија, а од 12.07.2012 година избран за попретседател на Собранието на Република Македонија, по втор пат.

# 7. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

## 7.1. МУЛТИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА

### ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

**Советот на Европа е меѓувладина организација формирана на 5 мај 1949 година од 10 земји, а денес има 47 земји членки. Основните цели на Советот на Европа се:**

- заштита на човековите права, плуралистичка демократија и владеење на правото;
- унапредување на свеста и охрабрување на развојот на европскиот културен идентитет и разновидност;
- барање на решенијата за проблемите со кои се соочува европското општество(ксенофобија, нетолеранција, заштита на човековата околина, клонирањето, сидата, дрогите и наркоманијата, организираниот криминал, и сл.)
- помагање на консолидацијата на демократската стабилност во Европа преку политички, законодавни и уставни промени.

Најстарото парламентарно собрание креирано на европската почва е Парламентарното собрание на Северот на Европа, кое е еден од двата главни органи на Советот на Европа. Тоа има советодавна функција во однос на Комитетот на министрите каде што се расправа за проблемите со кои се соочува европското општество. Неговата активност е фокусирана на прашања од тековна политичка важност, вклучувајќи ги и проблемите на модерното општество и аспекти на меѓународната политика.

Собранието заседава четири пати годишно (јануари, април, јуни и октомври), на јавни седници кои траат една работна седмица. Тоа има Постојан комитет, кој меѓу двете сесии делува во негово име, како и осум постојани комисии, како и пет политички групи. ПС на Советот на Европа има вкупно 636 члена, од кои 318 се членови, а 318 заменици-членови, 18 членови набљудувачи и извесен број членови од Палестина и Мароко со статус на партнери за демократија.

Собранието на Република Македонија учествува во работата на ПС на СЕ од 1993 година кога се стекна со статус на специјален гостин, а Република Македонија е член на СЕ од 1995 година. Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на СЕ ја сочинуваат 6 члена, кои на пленарните сесии располагаат со три гласа. Членовите на делегациите по правило учествуваат на пленарните сесии, а зависно од прашањата кои се разгледуваат и на седниците на комисиите.

| АКТИВНОСТИ | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| Редовни седници | 2 | 3 | 4 | 1 | 10 |
| Седници на комисии | 1 | 5 | 2 | - | 8 |
| Друго | 4 | 4 | 3 | 1 | 12 |
| **ВКУПНО** | **7** | **12** | **9** | **2** | **30** |

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ОБСЕ

Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ) ја претставува парламентарната димензија на ОБСЕ. Во него членуваат 320 члена на парламентите од 56 држави членки на ОБСЕ, што ја покриваат географската област од Ванкувер до Владивосток. Тоа е единствена парламентарна организација во структурата на ОБСЕ и врши улога на витална врска меѓу владиниот дел на ОБСЕ и претставниците кои се директно избрани од граѓаните.

Главни задачи на Парламентарното собрание на ОБСЕ се промовирање на парламентарното учество во активностите на ОБСЕ и олеснување на интерпарламентарниот дијалог и соработка. Собранието, исто така се стреми кон остварување на следниве цели, кои се наведени во преамбулата на Деловникот на ПС на ОБСЕ: процена на остварувањето на основните принципи на ОБСЕ од страна на земјите членки, поттикнување на расправа за прашања кои се разгледуваат на средбите на Министерскиот совет и на Самитите на шефовите на држави или влади, развивање и промовирање на механизми за превенција и решавање на конфликтите, поддршка на јакнењето и консолидацијата на демократските институции во државите членки и придонес во развојот на институционалните структури и соработката меѓу постојните институции на ОБСЕ.

Во рамките на Парламентарното собрание функционираат три комисии: Комисија за политички прашања и безбедност (прва Комисија); Комисија за економски прашања, наука, технологија и животна средина (втора Комисија) и Генерална комисија за демократија, човекови права и хуманитарни прашања (трета Комисија).

Членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на ОБСЕ редовно учествуваат во работата на сесиите на Парламентарното собрание, на Постојаниот комитет, како и на другите состаноци организирани од ПС на ОБСЕ.

Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ) ја претставува парламентарната димензија на ОБСЕ. Во него членуваат 320 члена на парламентите од 56 држави членки на ОБСЕ, што ја покриваат географската област од Ванкувер до Владивосток. Тоа е единствена парламентарна организација во структурата на ОБСЕ и врши улога на витална врска меѓу владиниот дел на ОБСЕ и претставниците кои се директно избрани од граѓаните.

Главни задачи на Парламентарното собрание на ОБСЕ се промовирање на парламентарното учество во активностите на ОБСЕ и олеснување на интерпарламентарниот дијалог и соработка. Собранието, исто така се стреми кон остварување на следниве цели, кои се наведени во преабмулата на Деловникот на ПС на ОБСЕ: процена на остварувањето на основните принципи на ОБСЕ од страна на земјите членки, поттикнување на расправа за прашања кои се разгледуваат на средбите на Министерскиот совет и на Самитите на шефовите на држави или влади, развивање и промовирање на механизми за превенција и решавање на конфликтите, поддршка на јакнењето и консолидацијата на демократските институции во државите членки и придонес во развојот на институционалните структури и соработката меѓу постојните институции на ОБСЕ.

Во рамките на Парламентарното собрание функционираат три комисии: Комисија за политички прашања и безбедност (прва Комисија); Комисија за економски прашања, наука, технологија и животна средина (втора Комисија) и Генерална комисија за демократија, човекови права и хуманитарни прашања (трета Комисија).

Членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на ОБСЕ редовно учествуваат во работата на сесиите на Парламентарното собрание, на Постојаниот комитет, како и на другите состаноци организирани од ПС на ОБСЕ.

| АКТИВНОСТИ | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| Редовни седници | 2 | 2 | 2 | 1 | 7 |
| Друго | - | - | - | - | - |
| **ВКУПНО** | **2** | **2** | **2** | **1** | **7** |

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА НАТО

Парламентарното собрание на НАТО е меѓупарламентарна организација на парламентарци од 28 земји членки на Алијансата на НАТО и 14 нејзини асоцијативни членки. Собранието претставува критички форум за меѓународен дијалог на парламентарци од Европа и од Северна Америка, кои дискутираат за теми од заеднички интерес. Основна задача на Собранието е да ги надмине националните интереси и да се обиде преку дискусии и семинари за безбедносни прашања да постигне консензус меѓу земјите. Основен елемент во работата на Собранието е да се разменуваат информации и влијание врз националните ставови и интереси, при што се тестираат и проценуваат прашањата од актуелен интерес за НАТО.

Во оваа смисла, Собранието индиректно игра значајна улога во формирањето на политичките мислења. Препораките и резолуциите на Собранието се доставуваат до националните влади и парламенти, како и до генералниот секретар на НАТО и другите релевантни меѓународни организации.

Собранието е целосно независно од НАТО, но е врска меѓу националните парламенти на земјите членки и НАТО и придонесува за јакнење на заедничкото разбирање во Алијансата. Всушност, Собранието континуирано проверува дали донесените одлуки на меѓудржавно ниво во рамките на НАТО имаат политички одговори на препораките и резолуциите на Собранието.

Целите на ПС на НАТО се:

-охрабување на и дијалогот меѓу парламентарците за важните безбедносни прашања;
-привлекува парламентарното внимание за централните безбедносни прашања за политиката на Алијансата и поголемо разбирање за неа;
-пренесување колективните парламентарни ставови изградени во ПС на НАТО во НАТО и во неговите земји членки;
-подобро разбирање за политиката на НАТО и да се промовира повисоко ниво на колективна одговорност и
-зајакнување на трансатлантските односи.

ПС на НАТО брои 257 члена, има пет постојани комитети и осум поткомитети.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на НАТО има статус на асоцијативен член од 1995 година и брои тројца членови и тројца заменици-членови.

Основен елемент во работата на Собранието е да се разменуваат информации и да влијае врз националните ставови и интереси. Исто така, Собранието е форум каде што одредени актуелни прашања на НАТО се тестираат и проценуваат. Во оваа смисла, Собранието индиректно игра значајна улога во формирањето на политичките мислења. Препораките и резолуциите на Собранието се доставуваат до националните влади и парламенти, како и до генералниот секретар на НАТО и другите релеванти организации. Врз основа на дебатата во Постојаниот совет на НАТО, генералниот секретар на НАТО подготвува одговори на препораките и резолуциите на Собранието. Целите на ПС на НАТО накратко можат да се формулираат како:

-да се охрабри дијалогот меѓу парламентарците за важните безбедносни прашања,

-да се привлече парламентарното внимание за централните безбедносни прашања, за политиката на Алијансата и поголемо разбирање за неа,
-да се пренесат колективните парламентарни ставови изградени во ПС на НАТО во НАТО и во неговите земји членки,
-да се развие подобро разбирање за политиката на НАТО и да се промовира повисоко ниво на колективна одговорност и
-да се зајакнат трансатлантските односи.

| АКТИВНОСТИ | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| Редовни седници | 1 | 2 | 2 | - | **5** |
| Друго | 1 | 1 | - | - | **2** |
| **ВКУПНО** | **2** | **3** | **2** | **-** | **7** |

## ИНТЕРПАРЛАМЕНТАРНА УНИЈА

Интерпарламентарната унија (ИПУ), основана во 1889 година, е најстарата мултилатерална политичка организација во која членуваат 162 национални парламенти и 10 меѓународни парламентарни собранија.
Светската организација на парламентите со седиште во Женева има статус на постојан набљудувач во Организацијата на Обединетите нации.

Како централна точка за светски парламентарен дијалог, Интерпарламентарната унија работи за мир и соработка меѓу народите и за цврсто воспоставување на претставничките институции. За таа цел, ИПУ: поттикнува контакти, координација и размена на мислења меѓу парламентите и членовите на парламентите на сите земји; разгледува прашања од меѓународен интерес. Во оваа насока, ИПУ настојува да се обезбеди што поактивно учество на членовите на парламентите во меѓународната политика.

Собранието на Република Македонија е член на Интерпарламентарната унија од 1994 година. Со Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија се основа Делегација на Собранието на Република Македонија во ИПУ, која се состои од претседателот на Собранието на Република Македонија и шест члена.

| АКТИВНОСТИ | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| Редовни седници | 1 | - | 1 | - | **2** |
| Друго | - | 1 | - | - | **1** |
| **ВКУПНО** | **1** | **1** | **1** | **-** | **3** |

# МЕШОВИТ ПАРЛАМЕНТАРЕН КОМИТЕТ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ЕВРОПСКА УНИЈА

**Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија - Европска Унија** (ЕУ) е формиран врз основа на членот 114 од Договорот за стабилизација и асоцијација на Република Македонија, со Резолуцијата на Европскиот парламент од 10 март 2004 година и Одлуката донесена од страна на Собранието на Република Македонија од 7 декември 2004 година за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација. Собранието на Република Македонија во Комитетот е застапено од копретседател, двајца потпретседатели и четиринаесет члена.

Формирањето на Мешовитиот парламентарен комитет (МПК) е израз на цврстата определба на Република Македонија за полноправно членство во ЕУ, како и на заложбите на Собранието на Република Македонија, преку парламентарен дијалог, да придонесе кон процесот на евроинтеграција и достигнување на европските стандарди.

Во основа, МПК претставува парламентарен форум за директна билатерална соработка со Европскиот парламент каде што членовите на Собранието на Република Македонија и Европскиот парламент разменуваат искуства, мислења и ставови за зајакнување на меѓусебното партнерство. Работата на ова тело овозможува ефикасно зајакнување и издигнување на повисоко ниво на односите и соработката на Собранието на Република Македонија и Европскиот парламент.

Основна цел на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европска унија е разгледување на сите аспекти на односите меѓу Република Македонија и ЕУ, особено имплементацијата на Договорот за стабилизација и асоцијација. По предлог на Бирото на Мешовитиот парламентарен комитет можат да се даваат препораки до Европскиот парламент, до Собранието и Владата на Република Македонија, до Советот на Европската унија и до Европската комисија.

МПК се состанува два пати годишно - еднаш во Собранието на Република Македонија и еднаш во Европскиот парламент.

Седниците на Мешовитиот парламентарен комитет завршуваат со усвојување на Завршна изјава, документ во кој се содржани заедничките ставови за определени актуелни прашања.

| АКТИВНОСТИ | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| Редовни седници | 1 | 1 | 1 | - | **3** |
| Други активности | - | - | 1 | - | **1** |
| **ВКУПНО** | **1** | **1** | **2** | **-** | **4** |

## ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА ФРАНКОФОНИЈАТА

Парламентарното собрание на Франкофонијата е консултативно собрание на Меѓународната организација на Франкофонијата, формирано во мај 1967 година под името "Меѓународна асоцијација на парламентарци кои го говорат францускиот јазик" (АИПЛФ). Во јули 1989 година, АИПЛФ се преименува во "Меѓународно собрание на парламентарци кои го говорат францускиот јазик", а во јули 1998 година во Парламентарно собрание на Франкофонијата.

Парламентарното собрание на Франкофонијата претставува место на дебати, предлози и размена на мислења за сите прашања од интерес на неговите членки. Во тесна соработка со Меѓународната агенција на Франкофонијата, Собранието презема акции на полето на интерпарламентарната соработка и развојот на демократијата, кои имаат за цел да ја зацврстуваат солидарноста меѓу парламентарните институции и да ја промовираат демократијата и владеењето на правото, особено во франкофонските заедници.

Во рамките на парламентарната димензија на Парламентарното собрание на Франкофонијата формирани се и следниве органи: Мрежа на жени парламентарки, Парламентарна мрежа за борба против ХИВ/СИДА, Парламент на млади франкофони и др.

Во Парламентарното собрание на Франкофонијата се претставени 78 парламенти, парламентарни собранија или совети на држави, покраини, региони и меѓународни организации, како и 13 парламенти набљудувачи.

Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата, како и Бирото на Секцијата и Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата се основани во јануари 2001 година. Делегацијата на Собранието на Република Македонија има 4 члена, а на Бирото на Секцијата брои 5 члена.

| АКТИВНОСТИ | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| Регионални собранија | - | 1 | - | - | **1** |
| Конференции на претседатели на секции | - | - | 1 | - | **1** |
| **ВКУПНО** | **-** | **1** | **1** | **-** | **2** |

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА МЕДИТЕРАНОТ

Парламентарното собрание на Медитеранот е релативно нова меѓународна мултилатерална организација и претставува продолжување на парламентарна димензија на долгодишната Конференција за соработка на Медитеранот (ЦСЦМ), процес кој функционираше во рамките на Интерпарламентарната унија (ИПУ), а како самостојна меѓународна мултилатерална организација започна да функционира од септември 2006 година.

Инаугуративната сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот се одржа на 10 и 11 септември 2006 година

во Аман, Хашемитско Кралство Јордан, кога со консензус беше усвоен Статутот на оваа организација.

Земји-членки на Парламентарното собрание на Медитеранот се парламентите на земјите од медитеранскиот брег: Албанија, Алжир, Босна и Херцеговина, Хрватска, Кипар, Египет, Франција, Грција, Израел, Италија, Либан, Либиска Арапска Џамахирија, Малта, Монако, Мароко, Србија, Црна Гора, Словенија, Шпанија, Сириска Арапска Република, Тунис, Турција и Палестина. Исто така, членки на ПС на Медитеранот се парламентите на Република Македонија, Јордан и Португалија, држави кои не излегуваат на Медитеранот, но кои економски, политички и стратешки директно се поврзани со него.

Собранието на Република Македонија стана членка на оваа организација на 11 спетември 2006 година, со прифаќањето на Статутот на Инугуративната сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот.

Парламентарното Собрание на Медитеранот заседава на пленарна седница, еднаш годишно, кога се состануваат и трите постојани комитети и специјалните работни групи.

Парламентарното собрание е воспоставено со цел да се даде поголемо значење на парламентарната дипломатија во медитеранскиот регион, односно регионот да се здобие со сопствен парламентарен форум, како и зајакнување и унапредување на дијалогот меѓу културите.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот брои 6 члена, од кои тројца се членови, а тројца заменици-членови.

| АКТИВНОСТИ | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| Редовни сесии | 1 | 1 | - | - | **2** |
| Друго | - | - | - | - | **-** |
| **ВКУПНО** | **1** | **1** | **-** | **-** | **2** |

## ЕВРОПСКИ ПАРЛАМЕНТ

Европскиот парламент е една од трите најважни институции на Европската унија (покрај Европската комисија, Европскиот совет и Советот на ЕУ), кој го сочинуваат 766 избраници на граѓаните на 28 земји членки на Европската унија избрани на директни избори со петгодишен мандат. Во сегашниот состав, избран во јуни 2009 година, се застапени седум политички групи и независни пратеници. Пратениците дејствуваат и седат во Парламентот според партиската, а не националната припадност. Тие се избираат на непосредни избори според изборните прописи на земјата членка.

Претседателот на Европскиот парламент се избира со мандат од две и пол години (т.е. на половина од мандатот на парламентот), со право на ре-избор. Претседателот го претставува Европскиот парламент *vis-à-vis* надворешниот свет и неговите односи со други институции на Заедницата.

На претседателот му помагаат 14 потпретседатели, кои заедно со него се задолжени да се погрижат за целокупното функционирање на парламентот и неговите конститутивни тела (Бирото и Конференцијата на претседатели), како и за дебатите на пленарна седница. Секоја година, се одржуваат дванаесет пленарни седници во Стразбур и шест пленарни седници во Брисел.

Седниците и сите документи на Унијата се преведуваат на 23 официјални јазици на Унијата, што претпоставува огромен ангажман.

Во Европскиот парламент има 20 парламентарни комисии. Секоја комисија се состои од 24-76 пратеници, има

претседател, биро и секретаријат. Политичкиот состав на комисиите го рефлектира составот на пленарното собрание. Парламентарните комисии се среќаваат еднаш или два пати месечно во Брисел. Нивните дебати се јавни.

Комисиите изготвуваат, изменуваат и усвојуваат законодавни предлози и извештаи од сопствени иницијативи. Тие ги разгледуваат предлозите на Комисијата и Советот и, каде е потребно, изготвуваат извештаи кои треба да се презентираат на пленарна седница.

Европскиот парламент го опслужува служба од 6.000 вработени, од кои околу половината се ангажирани со работи врзани со преводот. Вработените имаат статус на јавни службеници.

| АКТИВНОСТИ | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| Парламентарни семинари | 2 | 6 | 4 | - | **12** |
| Студиски посети, стажирања | 1 | 1 | 1 | - | **3** |
| Друго | 2 | 1 | 1 | - | **4** |
| **ВКУПНО** | **5** | **8** | **6** | **-** | **19** |

## 7.2. БИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА

Собранието на Република Македонија има формирано 46 пратенички групи за соработка со парламентите на повеќе земји, кои се основани заради остварување на билатерална соработка со парламентите на други држави. При нивното основање се поаѓа од изразените заемни интереси за остварување и развој на соработката меѓу парламентите. Пратеничките групи за соработка дејствуваат преку остварување средби со пратеничките групи или делегациите на соодветните парламенти, размена на мислења, заемна соработка во активностите во меѓународните парламентарни собранија и други начини на дејствување. Тие го следат и поттикнуват севкупниот развој на односите меѓу Република Македонија и соодветната држава и остваруваат средби со претставници на соодветните држави во и надвор од Република Македонија..

| земја | странство | во РМ | вкупно |
|---|---|---|---|
| СР Германија | - | 2 | 2 |
| Земјите од Блиски и Среден Исток - Државата Кувајт | - | 1 | 1 |
| Република Финска | - | 1 | 1 |
| Земјите од Блиски и Среден исток -Шри Ланка | - | 1 | 1 |
| Земјите од Латинска Америка и Карибите | - | 1 | 1 |
| Украина | - | 1 | 1 |
| Република Србија | - | 1 | 1 |
| Република Турција | 1 | 1 | 2 |
| Португалската Република | - | 1 | 1 |
| Република Индонезија | - | 1 | 1 |
| Државата Израел | - | 1 | 1 |
| Руската Федерација | - | 1 | 1 |
| Република Полска | - | 1 | 1 |
| Република Унгарија | - | 1 | 1 |
| Република Бугарија | - | 2 | 2 |
| Исламска Република Иран | - | 1 | 1 |
| Канада | - | 1 | 1 |
| **ВКУПНО** | **1** | **19** | **20** |

# 8. БУЏЕТ И ИНВЕСТИЦИИ

# 8. БУЏЕТ И ИНВЕСТИЦИИ

## 8.1. БУЏЕТ

### УЛОГАТА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ДОНЕСУВАЊЕТО НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ 2011-2014 ГОДИНА

Буџетот на Република Македонија претставува акт, односно годишен план со кој однапред се планираат и одобруваат приходите кои ги остварува Република Македонија наменети за покривање на јавните расходи на државата што ќе се извршуваат за една година.

Финансирањето на функциите на државата кои се однесуваат на задоволување на јавните добра и услуги се врши по пат на воведување и наплата на јавните приходи.

Буџетот како инструмент за финансирање на функциите на државата е најважен инструмент на економската политика на Република Македонија.

Постапката на изготвувањето, донесувањето и извршувањето на Буџетот на Република Македонија е уредена со Законот за буџетите.

Буџетот на Република Македонија, согласно овој закон се однесува за период од една фискална година која изнесува 12 месеци и започнува на 1 јануари, а завршува на 31 декември.

Планираните приходи и другите приливи се основа за утврдување на одобрените средства со Буџетот.

Основа за подготвување на Буџетот се стратешките приоритети на Владата на Република Македонија, Фискалната стратегија, предлогот на стратешките планови на буџетските корисници.

Предлогот на Буџетот на Република Македонија го изготвува и го доставува до Владата на Република Македонија Министерството за финансии најдоцна до 1 ноември во тековната година. Предлогот на Буџетот се состои од општ, посебен и развоен дел.

Владата на Република Македонија го доставува Предлогот на Буџетот на Република Македонија до Собранието на Република Македонија најдоцна до 15 ноември во тековната година.

Согласно одредбите од Законот за буџети, Собранието на Република Македонија не може да го разгледа Предлогот на Буџетот на Република Македонија пред да поминат 20 дена од денот кога истиот бил доставен до Собранието на Република Македонија.

По Предлогот на Буџетот на Република Македонија се води дебата во комисиите на Собранието на Република Македонија.

Со оглед на тоа што Комисијата за финансирање и буџет е надлежна по ова прашање, таа задолжително го разгледува Буџетот. На седниците на Комисијата се води обемна дискусија на која се изнесуваат бројни мислења, сугестии, предлози, забелешки, а се поставуваат и многу прашања на кои одговор дава претставникот на Владата (министерот за финансии).

Покрај матичната Комисија за финансирање и буџет, Предлогот на Буџетот го разгледува и Законодавно-правната комисија, а можат да го разгледуваат и други заинтересирани работни тела. Заинтересираните работни тела го разгледуваат Предлогот на Буџет пред Комисијата за финансирање и буџет и ги доставуваат извештаите во кои ги соопштуваат своите ставови.

Со донесувањето на новиот Деловник на Собранието на Република Македонија во јули 2008 година, дебатата во Комисијата за финансирање и буџет уште повеќе се интензивира. Согласно одредбите на Деловникот, Комисијата покрај општ претрес, води претрес и по сите поднесени амандмани од страна на пратениците. Врз основа на усвоените амандмани во Комисијата во финансирање и буџет и во Законодавно правната комисија, Владата на Република Македонија подготвува Дополнет предлог на Буџет. Дополнетиот предлог на Буџет претставува нов интегрален текст во кој Владата ги вградува амандманите со кои се согласила на седницата на Комисијата за финансирање и буџет и на Законодавно правната комисија, како и изменувањата и дополнувањата од нејзина страна за кои ќе оцени дека се потребни при изготвувањето на интегралниот текст. Овој Дополнет предлог се доставува до Собранието. По истиот се води дебата на Собраниска седница која трае најмногу пет дена.

Во постапката на донесувањето на Буџетот на Република Македонија, согласно Деловникот на Собранието можно е поднесување на амандмани. Амандман по Предлогот на Буџетот може да поднесе секој пратеник, пратеничка група и работно тело.

Согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија, по секој предложен амандман од страна на пратениците се произнесува претставникот на Владата односно министерот за финансии, во смисла на негово прифаќање или неприфаќање.

Со измените на Деловникот на Собранието на Република Македонија од февруари 2013 година се воведе временско ограничување за претресот по Предлог Буџетот на Република Македонија на седниците на Комисијата за финансирање и буџет. Имено, согласно член 180-а од Деловникот, претресот (општиот претрес и претресот по амандманите) по Предлогот на Буџетот на седниците на матичното работно тело и на Законодавноправната комисија може да трае најмногу вкупно десет работни дена. Член на работното тело и пратеник во текот на општиот претрес може да говорат повеќе пати во траење од вкупно 20 минути, а координатор на пратеничка група вкупно 30 минути. Претставникот на Владата во општиот претрес може да говори повеќе пати но не повеќе од 30 минути вкупно.

Пратеникот во текот на претресот по амандманите може да говори само еднаш во траење од десет минути. Координатор на пратеничката група или еден пратеник определен од пратеничката група или од координаторот на пратеничката група во претрес по амандман може да говори само еднаш во траење од 15 минути. Претставникот на Владата во однос на прифатливоста на амандман може да говори само еднаш во траење од 5 минути.

Само подносителот на амандман може да даде образложение и да говори по амандманот во времетраење од вкупно десет минути, а доколку подносители на амандман се двајца или повеќе пратеници само еден од подносителите може да даде образложение и да говори по амандманот во времетраење од вкупно 10 минути.

Собранието на Република Македонија го донесува Буџетот на Република Македонија најдоцна до 31 декември. Министерот за финансии го презентира Предлогот на Буџетот во Собранието на Република Македонија.

Во случај кога Буџетот на Република Македонија за наредната година не е донесен до 31 декември во тековната година, Министерството за финансии одобрува користење на средства месечно најмногу до една третина од вкупните извршени расходи во првиот квартал од претходната фискална година најдоцна до 31 март, имајќи ги предвид готовинските текови.

Доколку Буџетот не се донесе до 31 март во тековната година, Собранието на Република Македонија донесува одлука за продолжување на времeното финансирање.

Согласно Законот за буџетите, Министерството за финансии ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на Буџетот на Република Македонија.

Доколку во текот на извршувањето на Буџетот, Министерството за финансии оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со Буџетот, или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, предлага на Владата на Република Македонија изменување и дополнување на Буџетот. Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија, ги донесува измените и дополнувањата на Буџетот најдоцна до 15 ноември во тековната година.

Исто како и за Предлогот на Буџетот, собраниските комисии и Собранието на Република Македонија дебатираат и за измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија, односно постапката за негово разгледување и донесување е иста како и за Буџетот на Република Македонија.

Буџетот на Република Македонија, односно измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија по нивното донесување од страна на Собранието се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија".

По истекот на годината за која се однесува Буџетот на Република Македонија, Владата на Република Македонија најдоцна до 30 јуни ја доставува до Собранието на

Република Македонија Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за нејзино разгледување и донесување.

Во Буџетот на Република Македонија е вклучен и Буџетот на Собранието на Република Македонија од кој се финансираат функциите на Собранието.

Со цел зајакнување на финансиската автономија на Собранието на Република Македонија на 26 јуни 2008 година, е донесена одлуката за основање на Буџетски совет на Собранието на Република Македонија. Со донесувањето на Законот за Собранието на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија број 104/09). Основањето на Буџетскиот совет е уредено со овој закон. Оправданоста од конституирање на овој совет произлегува од искуството на европските парламенти, според кое степенот на финансиската автономија е примарен за оценување на нивото на парламентарната автономија.

Со конституирање на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија, се очекува да се обезбеди подобрување на ефикасноста во остварување на функциите на Собранието на Република Македонија..

# 8.2. ИНВЕСТИЦИИ

Во рамките на инвестиционото одржување на објектот на Собранието во наведениот период, извршени се следните работи:

- Релизација на Проектот за изведување на градежни и градежно - занаетчиски работи за **Доградба, надградба, адаптација и зајакнување на објектот на Собранието**, (започнат на 31 март 2010 година) и тоа:

- **ЗАЈАКНУВАЊЕ**

Завршено е зајакнувањето во Ламела 7, Ламела 1, Ламела 2, Ламела 3, Ламела 4 и Ламела 5 - се работи во Ламела 6. Изведено уредување на работните простори (со поставување на нова надворешна и внатрешна столарија, замена или поправка на паркет со стругање и лакирање, молерисување на ѕидови, средување на електрични и машински инсталации).

- **НАДГРАДБА**

Изведена е надградба со сите фази (работни простории и сали 5, 6, 7, 8, 9 и 10) на Ламела 7, Ламела 1, Ламела 2, Ламела 3, Ламела 4 и Ламела 5 до влезотот Винар, а изведена е челичната конструкција на Ламел 6. Уселени се работните простории на Ламелите 1, 2 и 7 на третит кат.

- **ДОГРАДБА**

На сите катови од доградбата изведени се градежно-занаетчиски работи за оформување на рабитните простории со завршено молерисување, постан паркет по канцеларии и керамички плочки во бифиња и санитерии, изведена електро инсталации и поставени вентилоконвектори. По ходниците и скалите се поставува под од гранит.

Изведена е и застаклена салата под Големата купола. Се изведува подот на салата и надворешното затварање.

- **АДАПТАЦИЈА**

Завршено е уредувањето на просториите во сутеренскиот дел од Ламелите 1, 2 и 4.

- Реализиран проектот за Ентериерно уредување на работните простории на **Парламентарниот институт** во сутеренот на објектот на Собранието. Започната е втората фаза од проектот - уредување на Архивско депо.

# 9. КЛУБ НА ЖЕНИ ПРАТЕНИЦИ

*Клубот на пратенички на Собранието на Република Македонија во периодот од 2011 до 2014 година, работеше на работни состаноци, јавни расправи, дебати, конференции, меѓуародни и други активности.*

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

**Делокруг на работа** на Клубот е унапредување на статусот и положбата на жените и воспоставување на еднакви можности на жените и мажите согласно Законот за еднакви можности, стандардите и принципите на меѓународните конвенции и документи кои Република Македонија ги ратификувала или потпишала, а се однесуваат на еднаквите можности и на заштитата од дискриминација во областа на трудот, социјалната заштита и социјалното осигурување, економија, здравство, образование, безбедност, политички систем; на национално, локално и меѓународно ниво; иницирање и предлагање на донесување, измени и дополнување на законската регулатива од аспект на родовата рамноправност, еднаквите можности и заштитата и заштита од дискриминација во областа на трудот и социјалното осигурување и социјална заштита.

На почетокот на октомври 2011 година, Клубот на пратенички одржа конститутивен состанок на кој за координаторка беше предложена и избрана пратеничката од НСДП, Соња Мираковска, а беше договорено пратеничките групи да делегираат членки и заменици членки на претседателството на Клубот. Во следниот период за членки на претседателството беа делегирани: Дешира Имери од ДУИ, Мерал Узеири Ферати од ДПА, Ленче Николовска од НП, Маринела Тушева од СДСМ, Лилјана Кузмановска од ВМРО ДПМНЕ и Лилјана Поповска од ДОМ.

Од 1 октомври 2012 до 30 декември 2013 година, координаторка на Клубот беше Лилјана Кузмановска од ВМРО - ДПМНЕ, а во следниот период од 31 декември 2013 година до крајот на мандатот, Тања Томиќ од СДСМ.

| ЧЛЕНОВИ | | |
|---|---|---|
| 1. | Ане Лашкоска | |
| 2. | Ана Павлова Данева | |
| 3. | Благородна Дулиќ | |
| 4. | Бети Кузмановска | |
| 5. | Билјана Казанџиска | |
| 6. | Весна Пемова | |
| 7. | Владанка Авировиќ | |
| 8. | Весна Бендевска | |
| 9. | Вјолца Мехмети Нуредини | |
| 10. | Дивна Ефтимовска Јовковска | |
| 11. | Дешира Имери | |
| 12. | Елена Павлова | |
| 13. | Ермира Мехмети | |
| 14. | Косана Николиќ Мазнева | |
| 15. | Лилјана Затуроска | |
| 16. | Лилјана Кузмановска | |
| 17. | Лилјана Поповска | |
| 18. | Ленче Николовска | |
| 19. | Марија Рашковска | |
| 20. | Мерал Узеири Ферати | |
| 21. | Нада Станчевска | |
| 22. | Надица Танчева Тулиева | |
| 23. | Нада Ципушева | |
| 24. | Наташа Савова Салковска | |
| 25. | Радмила Шеќеринска | |
| 26 | Садије Илјази | |
| .27. | Силвана Бонева | |
| 28. | Светлана Јакимовска | |
| 29. | Соња Мираковска | |
| 30. | Станка Анастасова | |
| 31. | Светлана Мазгалова Вучетиќ | |
| 32. | Сузана Салиу | |
| 33. | Сузана Анова | |
| 34. | Тања Томиќ | |
| 35. | Фламуре Демири Креци | |
| 36. | Хајрије Мисими | |
| 37. | Цветанка Иванова | |
| 38. | Цена Матевска Дуза | |
| 39. | Јулијета Марку | |
| 40. | Христина Рунчева | |

***Во изминатиот период Клубот на пратенички организираше работни состаноци:***

На 10 ноември 2011 година, Клубот на пратенички одржа работен состанок на кој го разгледуваше Предлог на буџетот на Република Македонија за 2012 година, во делот на родовата рамноправност. По обемна дискусија беше донесен заклучок да се поднесат амандмани на Предлог на буџетот на Република Македонија за 2012 година и тоа:

- Амандман за обезбедување на средства за работа на Државниот совет за малолетничка правда кој е формиран на предлог на Собранието на Република Македонија во соработка со УНИЦЕФ и
- Амандмани за обезбедување на средства за зголемување на стручниот кадар (логопеди, дефектолози и социјални работници) во градинките, училиштата, дневните центри за деца со посебни потреби и сл.

Од ова беше изготвен еден амандман за стручниот кадар во градинките и училиштата кој беше прифатен од Комисијата за финансирање и буџет.

На работните состаноци одржани на 14 и 17 февруари 2012 година Клубот на пратенички расправаше за Стратегијата и Правилникот за работа на Клубот.

На 1 октомври 2012 година се одржа состанок на кој беше направен избор на координаторка на Клубот за следниот едногодишен мандат а беше усвоен Извештајот за едногодишното работење на Клубот на пратенички. За координаторка беше избрана Лилјана Кузмановска.

Во текот на ноември месец 2012 година, Клубот на пратенички одржа повеќе работни состаноци на кои беа изготвени Програмските активност на Клубот во период ноември 2012 до април 2013 година.

Клубот на пратенички на Собранието на Република Македонија, на 28 декември 2012 година одржа состанок на кој беа поканети сите пратенички од власта и опозицијата, женските мрежи (МЖЛ, СОЖМ и Антико) како и сите медиуми.

Целта на овој состанок беше членовите на Клубот на пратенички да ги споделат своите видувања за настаните од седницата при носењето на Буџетот.

Во соработка со Македонското женско лоби, Клубот на пратенички на 15 февруар 2013 година, одржа состанок со амбасадорката на САД, Консанца А. Морела. На состанокот стана збор за подготовка на нов закон за семејно насилство.

Клубот на пратенички на Собранието на Република Македонија на 30 мај 2013 година, одржа работен состанок на кој го разгледа Предлогот на закон за прекинување на бременост.

На состанокот покрај членовите на Клубот на пратенички присуствуваа министерот за здравство, Никола Тодоров, претседателот на Комисијата за здравство на Собранието на Република Македонија, Менде Диневски, претставници на следниве невладини организации: Македонско женско лоби, Х.Е.Р.А., Националниот совет за родова рамноправност СОЖМ, Акција Здруженска, Националната мрежа против насилство врз жената, Реактор, Антико и здружението ЕСЕ.

На состанокот беше потенцирано дека Предлогот е исклучително значаен за жените, ги регулира нивните права и директно влијае на правото на жената да одлучува за сопствениот живот.

Дел од пратеничките се вклучија во дискусијата и ги изнесоа своите забелешки на одредбите на Законот.

Клубот на пратенички на 03.02.2014 година, во соработка со Националниот демократски институт одржа сесија за стратешко планирање на Клубот. На сесијата се дефинираа следните приоритетни области на идното дејствување на Клубот, како и мерките преку кои ќе се спроведува истото:

1. Борба против родови стереотипи;
2. Унапредување на социјални права и заштита на жените;
3. Овозможување на баланс меѓу приватниот и професионалниот живот на жената;
4. Политичко јакнење на жените;
5. Унапредување на примената на родовото буџетирање и
6. Економско јакнење на жените.

Клубот на пратенички сметаше дека при реализацијата на сите овие приоритети ќе се поттикнува регионалната соработка на жените пратенички на ниво на Изборна единица, а воедно и ќе се користат искуствата и ќе се поттикнува соработката со Парламентите од регионот.

Во февруари 2014 година, Клубот на пратенички одржа повеќе работни состаноци за подготовка на брошура посветена на работата на Клубот од формирањето 2003 година до денес. Брошурата беше промовирана на 5 март 2014 година.

***Клубот на пратенички во изминатиот период работеше на јавни расправи, дебата и конференција:***

Во соработка со Националниот демократски институт НДИ на 25 октомври 2011 година, Клубот одржа јавна расправа на тема Предлог на закон за еднакви можности на жените и мажите. На расправата учествуваа претставници на Министерството за труд и социјална политика и на невладиниот сектор. Од работата на јавната расправа произлегоа 7 амандмани на Предлог на законот, од кои на седницата на матичното работно тело (Комисијата за еднакви можности на жените и мажите) беа прифатени 5, а повлечени 2 амандмани (од страна на Клубот), кои по допрецизирањето беа поднесени и прифатени од страна на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите.

На 8 март 2012 година Клубот на пратенички на Собранието на Република Македонија во соработка со Здружението на бубрежно болни НЕФРОН и Стручното здружение МЗНДТВО (Македонско здружение за нефрологија, дијализа, трансплантација и вештачки органи) одржаа јавна расправа на тема: **Светски денови на бубрегот - дарување на органи.** На јавната расправа беа одбележани и Меѓународниот ден на жената 8 март и деветгодишнина од формирање на Клубот на пратенички.

Во соработка со Светската здравствена организација и Министерството за здравство, на 20 март 2012 година, Клубот на пратенички одржа дебата на

тема: **Влијанието на климатските промени врз здравјето, и интерсекторската поврзаност при спроведување на мерките за адаптација и ублажување кон климатските промени.**

На 14 септември 2012 година, во пресрет на Меѓународниот ден на демократијата - 15 Септември, Клубот на жени пратенички, Македонското женско лоби, ЖГИ АНТИКО и Националниот совет за родова рамноправност СОЖМ одржаа конференција на тема: **Демократијата и родовата еднаквост.** Конференцијата беше организирана со поддршка од Обиденитетите нации, Националниот демократски институт, Фондацијата "Конрад Аденауер" и Фондацијата "Фридрих Еберт" .
Од конференцијата произлегоа следните **заклучоци**:

1.Имплементација на Законот за еднакви можности на жените и мажите преку вградување во актите на политичките партии;
2.Клубот на пратенички упати апел до раководствата на политичките партии за поголемо учество на жените во органите на партиите и на изборните листи и
3.Вградување на квоти за градоначалнички во Изборниот закон по завршувањето на локалните избори во 2013 година.

Клубот на пратенички на Собранието на Република Македонија на 18 декември 2013 година одржа јавна расправа на тема: "Економско јакнење на жените", на која покрај членовите на Клубот на пратенички присуствуваа потпретседателката на Собранието на Република Македонија, г-ѓа Светлана Јакимовска, пратеници на Собранието на Република Македонија, претставници на Министерството за економија, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија, потоа на локалните комисии за еднакви можности, Македонското женско лоби, Занаетчиската комора на Република Македонија, Бизнис конфедерацијата на Македонија, Федерацијата на фармери на Република Македонија и претставници на други здруженија кои работат на ова поле.
Од дискусијата произлегоа следниве заклучоци:
1.Зголемување на бројот на жени-претприемачи преку промовирање на позитивни пракси - жени лидери во овој сектор;
2.Преземање на конкретни мерки и активности за економско јакнење на жените во руралните средини, во согласност со усвоената Стратегија;
3.Преземање на активности за промовирање на претприемништвото;
4.Унапредување на соработката меѓу одговорните субјекти на планот на економското јакнење на жените и активно учество на Клубот на пратенички, Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа;
5.Клубот на пратенички препорачува да се преземат активности за постигнување баланс на професионалниот и приватниот живот;
6.Клубот на пратенички предлага да се преземат активности за понатамошно разгледување за воведување на флексибилно работно време;

7.Клубот на пратенички ги поддржува заложбите за повеќе градинки во руралните средини и

8.Клубот на пратенички ќе иницира создавање база на податоци за вклученоста на жените во економските текови.

На 27 декември 2013 година, Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, Комисијата за труд и социјална политика и Клубот на пратенички на Собранието на РМ, во соработка со Министерството за труд и социјална политика и Македонското женско лоби одржаа јавна расправа на тема: Подготовка на закон за семејно насилство.

На расправата покрај членовите и замениците членови на комисиите и членовите на Клубот, присуствуваа пратениците на Собранието на Република Македонија, министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов, експерти, претставници на невладините организации, локалните комисии за еднакви можности и Светската здравствена организација.

***Во изминатиот период Клубот на пратенички учествуваше и организираше работни средби:***

Клубот на пратенички на 12 декември 2011 година одржа работна средба на тема: "Стратешко планирање на Клубот на пратенички на Собранието на Република Македонија".

Модератор на средбата беше Кети Ален, претседател на Конекшен груп.

На средбата беа донесени повеќе заклучоци:

1.Обезбедување на постојан асистент на Клубот кој ќе биде ангажиран само за оваа намена - буџет (за реализација на предвидените активности);

2.Формирање на групи по области во рамките на Клубот;

3.Во 2013 година воведување на родов буџет и

4.Анализа на активностите во досегашните три мандати на Клубот и нивно продолжување.

На 23 март 2012 година, во хотелот "Бест Вестерн", Клубот на пратенички и Канцеларијата на UN Women - Тело на Обединетите нации за родова рамноправност и зајакнување на жените од Скопје, одржаа работна средба со австрискиот експерт за родово одговорно буџетирање, д-р Елизабет Клатцер.

Средбата беше организирана во рамките на регионалниот проект на UN Women "Родово одговорни политики во Југоисточна Европа" поддржан од Австриската развојна агенција, како дел од втората посета на д-р Клатцер за поддршка на Работната група за родово одговорно буџетирање, предводена од Министерството за труд и социјална политика, а составена од претставници на други министерства, која работи на подготовка на првата национална стратегија за родово одговорно буџетирање, чие усвојување се предвидува за јуни 2012 година.

На 4 април 2012 година претседатеството на Клубот на пратенички одржа работна средба со г-ѓа Јозефина Чоба Топали, претседател на Собранието на Република Албанија. На средбата зедоа збор сите пратенички, при што произлезе иницијатива за организирање средба на Комисиите за еднакви можности на жените

и мажите од двата парламента и продлабочување на нивната соработка.

На 19 јули 2012 година претставници на Клубот на пратенички одржаа средба со заменик-претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања, д-р Теута Арифи.

За време на средбата беше разговарано за активностите на Клубот на пратенички во насока на унапредување на процесите на родова еднаквост и усогласувањето на нашите прописи со европските стандарди и добри практики во оваа сфера.

На состанокот беше договорено во наредниот период да се интензивираат активностите во делот на родовата еднаквост.

На 8 ноември 2012 година, претседателството на Клубот на пратенички на Собранието на Република Македонија одржа средба со г. Јакопо Леоне Мекдоналд, родов истражувач на ОДХР, кого го информира за работата на Клубот на пратенички и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Македонија.

На средбата г. Јакопо Леоне Мекдоналд изрази признание за постигнатото на полето на родова еднаквост во Република Македонија и истакна спремност за понатамошна соработка.

Клубот на пратенички на Собранието на Република Македонија и Канцеларијата на UN Women - Тело на Обединетите Нации за родова рамноправност и зајакнување на жените од Скопје, на 6 декември 2012 година, одржаа работна средба на која беа презентирани наодите од родовата анализа за програмите и буџетите во одбраната и активните мерки за вработување и базичната проценка за расположливи податоци по пол во секторот безбедност.

***Други активности:***

Како посебна придобивка од работата на Клубот во 2013 година е усвојувањето на предлогот за обезбедување на средства (760.000,00 денари) наменети имплементација на Стратегијата за родова еднаквост усвоена од Собранието на Република Македонија.

***Клубот на пратенички работеше и на меѓународен план и тоа:***

На 14 ноември 2011 година, Клубот одржа работна средба со Јана Кафкова, претседавач на Чешкото женско лоби. Средбата беше во организација на Македонското женско лоби.

Во Белград, на 15 декември, на Годишна регионална конференција на жени парламентарки, како и во Приштина, на 25 ноември, на Конференција за превенција на малигни заболувања кај жените, учествуваа координаторката на Клубот, Соња Мираковска и членовите на претседателството Лилјана Кузмановска и Дешира Имери.

На почетокот на јуни 2012 година, претставничките на Клубот на пратенички, пратеничките Сузана Салиу, Соња Мираковска, Лилјана Поповска и Лилјана Затуровска учествуваа на еднонеделен меѓународен семинар во Вашингтон на тема "Учеството на жените-лидери во економскиот развој и намалување на сиромаштијата".

Семинарот беше организиран од Партнеството за демократија на Американскиот конгрес, чии претседавачи се Дејвид Драјер и Дејвид Прајс, кои неодамна беа во посета на Република Македонија. Коорганизатори на семинарот беа УСАИД, НДИ и ИРИ.

Во рамките на семинарот, пратеничките се сретнаа со повеќе конгресмени од Демократската и Републиканската партија и се запознаа со работата на женското парламентарно лоби и други форми на организирање на жените во САД.

Македонските парламентарки го промовираа високиот процент на учество на жените во Собранието на Република Македонија со над 30% и најавија активности за економско јакнење на жените во Република Македонија.

На покана на ОБСЕ, Лилјана Поповска ги претставуваше Клубот на пратенички и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на работилница на тема: Зајакнување на парламентарните структури за жени пратенички во регионот на ОБСЕ. Работилницата се одржа на 9 и 12 декември 2012 година во Виена, Австрија.

Поповска на работната сесија имаше свое излагање каде го пренесе искуството и добрите практики од Република Македонија како лидер во регионот за воспоставување и водење на парламентарните структури за жени. Таа во своето излагање се осврна и на успешниот модел на парламентарните структури кои се основани и во моментов функционираат во Собранието на Република Македонија, во кои работат и делуваат жени-парламентарки од сите партии, со посебен акцент на аспектите на нивната организација, внатрешното функционирање, соработката со меѓународната заедница, како и дијалог со структурите на локално ниво.

Во јануари 2013 година, Клубот на пратенички во соработка со Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, Меѓународниот републикански институт ИРИ и Мрежата на жени во демократијата WDN подготвуваше Балканска регионална парламентарна конференција чие одржување беше одложено.

.

# 10. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

## 10.1.СОБРАНИСКИ ТВ КАНАЛ

Согласно членот 107 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија„ Број 184/2013) ЈРП Македонска радио телевизија го обезбедува програмскиот сервис на Собранискиот канал утврден во Законот за Собрание на Република Македонија.

Во време кога нема активности во Собранието на Република Македонија и додека не се создадат сите со закон предвидени услови за емитување на програмскиот сервис, МРТ на сервисот ќе емитува содржини од сопствено производство ( член 3 од Спогодбата за заедничко користење на основната мрежа на ЈП МРТ за пренесување на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието, склучена меѓу Претседателот на Советот на Собранискиот канал и Работоводниот орган на ЈП МРТ).

Собранискиот канал/МРТ емитува програма во траење од 14 часа дневно, од 10.00 до 24.00 часот, а по потреба и подолго од овој термин. Покрај директните преноси на пленарните седници на Собранието, на Собранискиот канал, директно или со снимки се презентира пред јавноста работењето на собраниските комисии, а се емитуваат и преноси или снмки од други активности во Собранието што се составен дел од неговото функционирање. (Меѓународни конференции, Прес-конференции, активности на Клубот на жени пратенички, на невладени организации итн). Сите активности во Собранието кои се пренесуваат на Собранискиот канал се емитуваат со идентификациски знак Собрание на РМ/ МРТ. На овој начин се остварува основната функција на Собранискиот канал и јавност во работењето на Собранието на Република Македонија, со што, ангажманот на пратениците се става на увид на оние кои им го дале мандатот, односно, граѓаните на Република Македонија.

Во периодот од 25 јуни 2011 година, кога беше одржана конститутивната седница на Собранието од седмиот собраниски состав, до 31 декември 2011 година директно беа пренесувани 68 собраниски заседанија во траење од 21.445 минути, како и преноси и снимки од седници на собраниските комисии и други активности во Собранието во траење од 25.228 минути.

Во народниот период од 1 јануари 2012 до 31 декември 2012 година на Собранискиот канал се емитувани вкупно 157 преноси на седници на Собранието на РМ, во траење од 21.323 минути, 28 преноси на седници на Комисијата за финансирање и буџет кои траеле 10.159 минути и 451 снимка од седници на собраниските комисии и други настани што се случувале во Собранието со траење од 48.730 минути.

Од 1 јануари 2013 до 31 декември 2013 година на програмата во живо се пренесувани вкупно 88 собраниски заседанија кои траеле 16.621 минута , како и 19 седници на Комисијата за финасирање и буџет во времетраење од 7.780 минути. Во

наведениот период одложено се емитувале снимки од 393 седници на собраниските комисии и други активности во собранието во траење од 24.806 минути.

Во периодот од 1 јануари до 5 март оваа година Собранието заседавало 32 пати во времетраење од 7.125 минути. На гледачите одложено им е презентирана работата на 107 седници на собраниски комисии, комитети, совети и други тела кои траеле 10.248 минути.

**Позначајни настани во Собранието што се емитивани на Собранискиот канал**

1. Свечена академија и обраќање на Претседателот на Собранието Трајко Вељаноски по повод 23 Октомври - Ден на македонската револуционерна борба;
2. Меѓународна конференција по повод Денот на Европа "Проширувањето соочено со новите предизвици во ЕУ";
3. Конференција на тема "Демократијата и родовата еднаквост" по повод 15-ти септември - Меѓународен дена на демократијата;
4. 15 години од парламентарната димензија на ПСЈИЕ - "Минато, сегашност и европската иднина на регионот" и седми состанок на работната група на ПСЈИЕ;
5. Свечена академија по повод одбележување на државниот празник 11 Октомври - Ден на народното востание;
6. Регионална конференција на ИПС стипендисти 2013 година;
7. Меѓународна конференција "Европска интеграција, соработка на парламентите, граѓанското општество и независните регулативни тела во југоисточна Европа";
8. Конференција за печат на копретседавачите на Мешовитит парламентарен комитет - РМ и ЕУ;
9. Десета конференција на претседатели на парламенти на ПСЈИЕ - Охрид 2013;
10. Конференција за медиумите на Тројката на ПД на ПСЈИЕ - Охрид 2013;
11. Комеморација - 10 години од смртта на претседателот на Република Македонија Борис Трајковски;
12. На програмата беа емитувани повеќе надзорни и јавни расправи што се одвиваа во Собранието на различни теми;
13. Доделување на државни награди и признанија во Собранието на Република Македонија и други настани и
14. Изјави за медиуми на претседателот на Собранието Трајко Вељаноски.

Согласно со Спогодбата, кога во Собранието нема активности, за време на паузите, и пред почетокот на пленарните седници МРТ емитува програма од сопствено производство, што е во надлежност на уредувачката политика на ЈРП Македонска радио телевизија .

## 10.2. ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИЈА

Службата и пратениците на Собранието на Република Македонија во својата секојдневна работа во законодавниот процес го користат Системот за управување со документи, т.н. е-Парламент. Со е-Парламент опфатени се следните процеси:

1. Прием на материјали
- креирање на материјал
- прием и архивирање на материјал
- известување за нов материјал

2. Седници на работни тела
- закажување на седници
- водење на седниците
- додавање на заклучоци
- додавање на извештаи

3. Собраниски седници
- закажување на седници
- водење на седниците
- додавање на заклучоци
- додавање на извештаи
- додавање на стенограми
- додавање на аудио и видео записи
- додавање на гласања

4. Пратенички прашања
- најави на пратенички прашања
- додавање на поставени прашања
- додавање на одговори

Решението интегрира повеќе законодавни постапки и чекори во еден дистрибуиран и оркестриран процес кој се преобразува од подготовка и извршување на законодавната постапка "со хартија" во "без хартија" .

Е-Парламент системот го опфаќа целиот процес на парламентарното законодавство, обезбедувајќи високо ниво на ефикасност, економичност, мобилност, транспарентност и одговорност во постапката. Е-парламентот дава пристап до богати, контекстуални информации за сите вклучени во парламентарниот процес пратеници, професионалци, експерти, медиуми и граѓаните. Овозможува побрзо донесување на одлуки преку лесниот пристап до информациите, и тоа секому, секаде и на секој уред.




Е-парламентот нуди автоматско генерирање на документи и писма базирано на урнеци, нотификации по е-пошта за сите активности поврзани со материјалите и седниците. За актите во процедура и во процесите е воведен електронски потпис.

Над 200 државни службеници и пратениците активно и секојдневно работат со системот на прием на материјали, закажување на седници на Собранието и на седници на работните тела, објавување на извештаи, заклучоци, стенограми, гласања, видео и аудио записи, додека сите вработени во Службата на Собранието имаат пристап до е-парламент и го користат во секојдневната работа за успешно и квалитетно извршување на работните задачи.

Во овој мандат, во е-Парламент процесирани се над 30.000 документи.




Имајќи предвид дека информатичкото општество ја развива партиципативната демократија преку зголемената транспарентност овозможувајќи јавните податоци да бидат достапни во отворен и стандардизиран формат, а граѓаните, невладиното општество, јавноста и експертите со своите иницијативи да учествуваат во донесувањето на одлуките, Собранието на Република Македонија секојдневно ја ажурира со податоци собраниската веб локација.




Веб локацијата е богата со содржини и можности како упатување на прашања до претседателот на Собранието и пратениците, информации за канцелариите за контакт со граѓаните, електронски весник, увид во библиотечниот фонд на парламентарна библиотека и многу други содржини.

На веб локацијата можат да се најдат сите материјали кои биле или сé во собраниска процедура, увид во која фаза од законодавната постапка се наоѓаат, сите извештаи и заклучоци поврзани со нив, потоа дневна агенда и планирани следни активности, видео и аудио записи од седници, извештаи од седници на работни тела и записници од собраниските седници. Поголемиот дел од информациите може да се прочитаат уште и на англиски, албански и француски јазик.

На веб локацијата може да се најде и архивата на видео записи од собраниските седници од 2002 година до денес. Исто така, преку веб-локацијата може да се следат собраниските седници во живо.

За подобро информирање на граѓаните, зголемување на отчетноста и транспарентноста, Собранието на Република Македонија воведе свој Facebook, Twitter и Youtube профил. Овие профили се користат за споделување на содржини кои се достапни и на веб-локацијата на Собранието. Содржини кои се споделуваат се дневниот ред на седниците, седници на работни тела или меѓународни и други активности на пратениците.


Барај луѓе, места и други работи
Fbad
Почетна
Пронајди пријатели
Објавуваш, коментираш и ти се допаѓа како Собрание на Република Македонија — Промени во Fbad Sob
Собрание на Република.
Времеплов
Најнови
Администраторски панел
Промовирај страница
Најнови
2014
Собрание на Република Македонија
1.433 допаѓања · 69 зборуваат за ова
Ажурирај ги информациите за страницата
Дополнато
Следите
Владина организација
Собранието на Република Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката.
За
1.433
Фотографии
Допаѓања
Twitter
See Your Ad Here
Собрание на Република Македонија
http://www.sobranie.mk/?ItemID=15D9BDC89E23F241B2C7F5382840F30B
Рекламирај објава
Најважни објави
Статус
Фото / Видео
Настан, пресвртница +
Напиши нешто...
Неодамнешни објави од Други
Види ги сите
Kosta Al Guda
SKOPJE
Разговор (Off)
100%


Home
Notifications
Discover
Me
Tweets
Following
Followers
Favorites
Lists
Photos and videos
Собрание на РМ
@SobranieMK
Собрание на Република Македонија
Македонија · sobranie.mk
TWEETS 125
FOLLOWING 11
FOLLOWERS 25
Edit profile
Tweets
Собрание на РМ @SobranieMK · Mar 14
ВИРТУЕЛНА ТУРА:
Струшка сала - Протоколарни активности на претседателот на Собранието, потпретседателите,... fb.me/3zt5Lml74
Expand
Reply Delete Favorite More
Собрание на РМ @SobranieMK · Mar 14
ВИРТУЕЛНА ТУРА:
Охридска сала - Салата се користи исклучиво од претседателот на Собранието за протоколарни... fb.me/6pMljWLIT
Expand
Собрание на РМ @SobranieMK · Mar 6
Изјава на претседателот Вељаноски по повод распишувањето на предвремени избори за пратеници во Собранието на... fb.me/6oMKBcANS
Expand
Собрание на РМ @SobranieMK · Mar 5
СЕДНИЦА БР.87 НА СОБРАНИЕ НА Р.МАКЕДОНИЈА fb.me/1j9XYZgCf
Expand
Who to follow · Refresh · View all
Ecuador & Galápagos @E...
Follow
Promoted
Vip оператор @VipMK
Follow
EUtube @EUtube
Follow
Popular accounts · Find friends
Trends · Change
#İnsanYaşadıkçaAnlıyorKi
#FelizDiaDelPadre
#21TooponKaSalam
#MilletEğilmezErdoğanZulmüne
#CloseupForeverSummerTrailer
Sultanbeylinin VizyonuGölet


YouTube MK
Upload
Sobranie na Republika Makedonija
What to Watch
My Channel
My Subscriptions
Social
History
Watch Later
PLAYLISTS
Liked videos
SUBSCRIPTIONS
Add channels
Popular on YouTube
Music
Sports
Gaming
Browse channels
Manage subscriptions
1 subscriber
12 views
Video Manager
View as public
Sobranie na Republika Makedonija
Home
Videos
Playlists
Discussion
About
Share your thoughts
All activities
Sobranie na Republika Makedonija uploaded a video
Среда, 25 септември 2013 година
1 month ago · 7 views
Обраќање на Баронеса Д'Суза, Лорд Спикер на Горниот Дом на Парламентот на Обединетото Кралство на Велика Брита...
10:18
Sobranie na Republika Makedonija uploaded a video
Среда, 4 септември 2013 година
1 month ago · 1 view
Обраќање на спикерот на Сенатот на Канада, г. Ноел Кинсела на 70. седница на Собранието на Република Македонија
28:25
Channel tips
Add channel art
Add web links
Describe your channel
View all »
Featured Channels
+ Add channels
Popular channels on YouTube
SandyCoben
Subscribe
Kelly MissesVlog
Subscribe
SemperVideo
Subscribe
celiskarla
Subscribe
100%

## 10.3.СРЕДСТВА ЗА ЈАВНО ИНФОРМИРАЊЕ

Правата, должностите и одговорностите на претставниците на средствата за јавно информирање се одредени со Правилник донесен од претседателот на Собранието ("Службен весник на Република Македонија" број 89/2002). На претставниците на средствата за јавно информирање на располагање им е модерно опремен прес-центар со телефонски линии и компјутери. До сите акредитирани медиуми редовно, по електронска пошта, се испраќаат материјали од активностите на Собранието.

За следење на активностите на Собранието на Република Македонија во 2011 година беа вкупно акредитирани 1.351 претставник на средствата за јавно информирање, додека во првото тромесечје од 2014 година беа акредитирани вкупно 1.016 претставници на средствата за јавно информирање.

Одделението за информирање во текот на 2011 година, акредитира 61 медиум, додека на крајот на 2013 и почетокот на 2014 година акредитиран е 81 медиум. Од тоа, во 2011 година акредитирани се 22 ТВ-куќи, со 436 нивни претставници, додека во првото тромесечје од 2014 година, се акредитирани 25 ТВ-куќи со 447 претставници. Во текот на 2011 година акредитирани се 7 радио-медими со 61 претставници, а во првото тромесечје од 2014 година акредитирани се 7 радио-медими со 70 свои претставници.

Печатените медиуми, во 2011 година се претставени со 12 дневни медиуми и 5 неделници. Дневните медиуми акредитираа 235 известувачи, додека неделните медиуми беа претставени од 52 известувача. Во првото трИмесечје од 2014 година, акредитирани се 9 дневни печатените медиуми со 179 известувачи и 3 неделници со 61 известувач.

Интернет изданијата и други медиуми, во текот на 2011 година се 16, со 154 известувачи, додека во првото трИмесечје од 2014 година тие се претставени со 39 медиуми и 258 известувачи.

Одделението за односи со јавноста и за изготвување на

статистички материјали покрај акредитирање на претставници на средствата за јавно информирање секојдневно ја ажурира веб локацијата на Собранието на Република Македонија на четири јазици (македонски, албански, француски и англиски јазик), во делот на активности, најави и соопштенија. Подготвува дневен информатор за дневните активности на Собранието, кој го проследува до печатница, потоа до експедиција и до куририте, а воедно електронски го доставува до медиумите.

Исто така, преработува извештаи од седници на работните тела за потребите на веб-локацијата и следи, пишува и објавува вести од ЕУ.

Подготвува и испраќа бесплатен електронски весник за дневните активности на Собранието до пријавените и заинтересирани корисници. Во текот на 2011 година активни беа 2.854 корисници кои го добиваат електронскиот весник, и беа испратени вкупно 460 електронски весници, додека во периодот од 1 јануари до 5 март 2014 година, се подготвени и испратени вкупно 29 електронски весници. Во периодот од 2011 година до сега вкупно се подготвени и испратени 827 електронски весници.

Периодично спроведува анкети преку веб локацијата на Собранието, со цел испитување на мислење за моментално актуелни теми на корисниците на самата веб-локација.

Со цел да се задоволат потребите на јавноста за работата и активноста на пратениците отворена е нова категорија на веб локацијата насловена Активности на пратенички групи.

Во периодот од 2011/2014 година, одделението има подготвено и дистрибуирано 805 дневни информатори.

Одделението, исто така, ги проследува официјалните и работните средби на делегациите во Собранието на Република Македонија и известува на веб локацијата за истите, а, исто така и до медиумите.

# 11. СЛУЖБА

# 11.СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО

## 11.1. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА



*Организацијата, задачите и начинот на работа, како и дефинирањето на работните места по вид и по број на извршители, се уредуваат со Правилникот за внатрешна организација о Правилникот за систематизација на работните места во службата на Собранието на Република Македонија.*

*Согласно одредбите од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија донесен на 18 јули 2008 година, на 19 септември 2008 година се донесоа Правилникот за внатрешна организација на Службата на Собранието и Правилникот за систематизација на работните места во службата на Собранието.*

*Согласно овие акти настанаа големи промени како во организационата поставеност на Службата така и во делокругот на работни задачи, се во правец на зголемување на квалитетот и капацитетот на Службата во извршување на работите од својот делокруг.*

*Во Службата хиерархиската поставеност е утврдена на следните нивоа:*

- *генерален секретар;*
- *заменик на генералниот секретар;*
- *сектори и*
- *одделенија.*

*Со стручната служба на Собранието на Република Македонија раководи Генерален секретар.*

*Според видот, обемот и степенот на сложеноста на работните задачи и другите услови потребни за нивно вршење, во Службата постојат следниве организациони облици: Сектор-кабинет на претседателот на Собранието; сектор и одделение.*

*Согласно новиот правилник за организација се образуваа 13 сектори, и две посебни организациони единици - оодденија за извршување на обврски утврдени со закон и подзаконски акти кои за својата работа одговараат пред генералниот секретар.*

Државните советници вршат најсложени работи кои бараат посебна самостојност, стручност и организациска способност за координирање во областа на уставниот и политичкиот систем, економскиот, во областа на јавните дејности, во областа на меѓународната соработка и во постапката на подготовка и донесување на закони.

Кабинетот на претседателот на Собранието со три одделенија се грижи за тековните активности на претседателот на Собранието, планирање, подготовка и реализација на седниците на Собранието, односи со јавноста и соработка со други државни органи како и аналитички-советодавни и стручни работи за потребите на претседателот и потпретседателите.

Секторот на генералниот секретар со три одделенија ги организира работите и задачите од делокруг на генералниот секретар врши нормативно-правни работи, подготвува упатства и други акти што ги донесува генералниот секретар, врши работи во врска со овластувањето на генералниот секретар за застапување на Собранието и Службата пред надлежните органи како и ги организира и реализира протоколарните активности на претседателот на Собранието, потпретседателите на Собранието, пратениците, пратеничките групи и на делегациите во земјата и странство.

Законодавно-правниот сектор со три одделенија, подготвува текстови на закони, други акти и амандмани кои ги предлагаат пратениците, се подготвуваат акти за потребите на Собранието, врши работи кои се однесуваат на подготовка, планирање и реализација на седниците на Собранието и работните тела, врши работи што се однесуваат на редакција на текстовите на закони и на други акти, како и контрола на веродостојноста и на истите подготвени за објавување во "Службен весник на Република Македонија".

Секторот за седници со три одделенија, врши стручни и административни работи во врска со подготвувањето, планирањето и реализацијата на седниците, врши работи што се однесуваат на записниците и пратеничките прашања и врши технички работи во функција на седниците на Собрание.

Секторот за работни тела со донесувањето на новиот Деловник за работа на Собранието станува еден од носечките сектори во реализација на основната функција на Собранието-законодавната. Составен од единаесет одделенија; врши координација и следење на седниците на Собранието и на матичните работни тела; врши работи што се однесуваат на координирање на седниците на Законодавно-правната комисија, матичните работни тела и на Собранието за Првото и Второто читање на законите; врши подготовка, планирање, свикување и реализација

на седниците на матичните работни тела од областите на политичкиот систем, економскиот систем и од јавните дејности; подготовка и реализација на дополнителни предлози на законите усвоени на седниците на Законодавно-правната комисија и матичните работни тела, потоа работи што се однесуваат на подготовка на дополнителен предлог на закон, со вградување на усвоените амандмани од седниците на Законодавно-правната комисија и на матичните работни тела од Второто читање на законите; ја утврдува веродостојноста на дополнителните предлози на законите и на донесените закони се врши проверка на дополнителниот предлог на закон пред неговото доставување за седница на Собрание за Второ читање, ја следи седницата на Собранието на Третото читање на законите и вршат работи што се однесуваат на подготвувањето на законите за објавување во "Службен весник на Република Македонија", како и следење на работата на Комитетот за односите меѓу заедниците и спроведување на дадените насоки и упатства за извршување на работите во врска со работата на Комитетот за односи меѓу заедниците

Секторот за истражување, анализа, библиотека и документација со пет одделенија, врши изработка на анализи по барање на пратениците, пратеничките групи, работните тела односно службата, врши истражување и изработка на анализи во соработка и по барање на други собраниски сектори односно одделенија и по барање на Европските параламентарни служби, врши работи во врска со информирање на јавноста за работата на Собранието и работните тела, подготвува редовни и периодични статистички прегледи за работата на Собранието и на неговите работни тела и редовно ги ажурира податоците во врска со работата на Собранието, прибира, чува, обработува и дава на користење документациони податоци и материјали од работата на Собранието, врши набавка на потребните библиотекарски материјали, евиденција, селекција, категоризација и класификација на библиотекарските материјали.

Секторот за меѓународна соработка со две одделенија, дава стручна помош на претседателот, потпретседателите на Собранието, пратениците, генералниот секретар и службата обезбедува континуирано следење на работата на меѓународните парламентарни собранија и на нивните документи, особено на оние од посебен интерес за Собранието на Република Македонија како и одржување на службен контакт со парламентите на другите држави, во полза на билатералната соработка на Собранието.

Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции со две одделенија ги спроведува дадените насоки и упатства за извршување на работите во врска со работата на Националниот совет за евроинтеграции, обезбедува протоколарна поддршка за потребите на Советот, врши редовна комуникација со членовите на Советот и државните органи, го следи процесот на европска интеграција и е во редовни контакти со Секретаријатот за европски прашања; разменува информации за прашања од областа на процесот на европска интеграција со Раководителот на Секторот за меѓународна соработка на Собранието, ко-секретарот на Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ и советниците на Комисијата за надворешна политика и Комисијата за европски прашања, остварува соработка со службите на надлежните државни органи што учествуваат во процесите на пристапување на Република Македонија кон ЕУ.

Секторот за информатички и комуникациски технологии е составен од три одделенија и врши планирање, развој, администрирање, одржување и заштита на функционирањето на информациониот систем и техниката на Собранието, дизајнирање, развој на софтверот и администрација на WEB презентацијата на Собранието како и врши работи кои се однесуваат на публицистичката дејност на Собранието и остварувањето на односите со јавноста.

Секторот за финансиски и економски прашања со четири одделенија, изготвува препораки за подготвување на предлог годишниот буџет и повеќегодишните проекции поврзани со него, ги извршува јавните набавки како и работи во врска со финансиското и материјалното работење на Собранието како и со инвестиционо и тековно одржување на Собранието.

Секторот за стручно-административни работи со четири одделенија, врши стручно-административни, општи, експедиција и срамнување на материјали, а во негов состав работи и печатницата.

Секторот за преведување со три одделенија врши писмен, симултан и консекутивен превод, како и јазична редакција на текстовите на преводите и другите собраниски материјали.

| Сектори во Собранието на Република Македонија | Предвидени работни места | Пополнети работни места | Пополнети работни места % | Непополнети работни места | Непополнети работни места % |
|---|---|---|---|---|---|
| Државни советници | 15 | 9 | 60 | 6 | 40 |
| Кабинет на Претседателот на Собранието | 23 | 6 | 26,09 | 17 | 73,91 |
| Сектор на генералниот секретар | 68 | 14 | 20,58 | 54 | 79,41 |
| Законодавно-правен сектор | 30 | 11 | 36,66 | 19 | 63,33 |
| Сектор за седници на собрание | 23 | 14 | 60,87 | 9 | 39,13 |
| Сектор за работни тела | 76 | 44 | 57,9 | 32 | 42,1 |
| Сектор за истражување и анализа, библиотека и документација | 33 | 13 | 39,39 | 20 | 60,61 |
| Сектор за меѓународна соработка | 13 | 8 | 61,53 | 5 | 38,46 |
| Сектор за подршка на Националниот совет за евроинтеграции | 15 | 9 | 60 | 6 | 40 |
| Сектор за информатички и комуникациски технологии | 38 | 17 | 44,74 | 21 | 55,26 |
| Сектор за финансиски прашања | 31 | 13 | 41,94 | 18 | 58,06 |
| Сектор за стручни и административни работи | 116 | 71 | 61,21 | 45 | 38,79 |
| Сектор за преведување | 49 | 22 | 44,9 | 27 | 55,1 |
| Сектор за поддршка на Советот на Собранискиот канал | 35 | 1 | 2,86 | 34 | 97,14 |
| Парламетарен институт | 25 | 25 | 100 | - | - |
| Одделение за внатрешна ревизија | 7 | 4 | 57,14 | 3 | 42,86 |
| Одделение за управување со човечки ресурси | 7 | 1 | 14,28 | 6 | 85,72 |
| **ВКУПНО** | **604** | **282** | **46,69** | **322** | **53,31** |

## 11.2. Одделение за човекови ресурси

**Инвестирање во развојот на човечките ресурси на Службата на Собранието**

Во функција на остварување на стратешките приоритети на Република Македонија за полноправно членство во Европската унија и во НАТО, несомнено е потребно продолжување на реформите на јавната и државната администрација преку градење и развивање на капацитетите на човечките ресурси и на институциите на системот. Во овој контекст, едукацијата е една од најважните компоненти за развој на капацитетите на човечките ресурси во државната служба. Само високостручна, професионална и одговорна служба може да одговори на предизвиците на новото време.

Согласно со Законот за државните службеници, државните службеници имаат право и должност стручно да се оспособуваат и усовршуваат. Со цел да се обезбеди потребниот квалитет на Службата, Собранието воспостави механизам на едукација како предуслов за професионалниот развој во звањата и постојаност во Службата. Притоа, се следени примерите и позитивните искуства на другите парламенти и нивна соодветна примена. Во извештајниот период се остварени значајни меѓународни проектни и програмски активности, обуки, семинари, студиски престои со непосредно и активно учество на Службата. Истовремено, се водеше сметка за обука на Службата во сите сегменти, вклучително и за усовршување на странски јазици и информатичка надградба на знаењата.

Во таа насока е подготовката на годишни програми за обука и стручно усовршување на државните службеници во Службата на Собранието во која се содржани активностите кои им помогаат на вработените да го развијат својот потенцијал, да ги подобрат своите вештини и знаења, како и да добијат поголемо задоволство од својата работа. Професионалниот развој на стручните потенцијали е компонента на системот за управување со работен учинок, стратегијата за кариерен развој и задржување на стручните кадри со кои располага Службата на Собранието. Обуката на трите категории државни службеници е потребна за градење на расположливите човечки потенцијали, надградба и проширување на нивните базични знаења, вештини и стручност. Годишните програми за обука и стручно усовршување на државните службеници во Службата на Собранието се подготвени врз основа на наведените потреби за обука на вработените кои произлегуваат од програмите и проектите разработени за реализација на годишните цели и приоритети на Собранието. Процесот на обука во Службата на Собранието се одвиваше континуирано врз принципите на транспарентност, фер и еднаква основа.

Во мандатниот период се реализирани повеќе специјализирани и генерички обуки.

**Специјализирани обуки**

***Во рамки на ИПА-ТПП, Проектот за техничка помош на парламентот:***

- "Искуствата на новите земји членки во следење на пристапните преговори";
- Задачи поврзани со ЕУ на парламентарните секретаријати пред/по пристапувањето";

- "Европски практики во поглед на активностите на парламентите насочени кон подигнување на свесноста за прашања поврзани со ЕУ";
- "Користење на базите на податоци на ЕУ и консултативни и практични совети";
- "Усогласување на законите";
- "Институциите на ЕУ и донесување одлуки после Лисабонскиот договор";
- "Структурата на политиката за проширување на ЕУ; правна/политичка рамка на пристапниот процес во ЕУ, структура/метод на пристапните преговор";
- "Истражувачки техники во ЕУ";
- "Техники за изработка на нацрт-закони";
- "Поглавјата од акито на ЕУ";
- "Правото на ЕУ- 1 дел";
- "Задачи поврзани со ЕУ на парламентарните секретаријати пред/по пристапувањето-втор дел";
- "Улогата на националните парламенти во ЕУ и во процесот на пристапување";
- "Дискусија на тркалезна маса";
- "Поглавјата од акито на ЕУ" -2 дел;
- "Поглавјата од акито на ЕУ" -3 дел;
- Студиска посета во Унгарскиот парламент;
- Студиска посета во Парламентот на Република Латвија;
- Законодавството на ЕУ;
- "Улогата на националните парламенти во ЕУ и ефектот од Договорот од Лисабон врз националните парламенти";
- Две обуки на тема:"Користење на бази на податоци за ЕУ";
- "Техники за изготвување на закони и амандмани кои се користат во националните парламенти во земјите-членки на ЕУ" (поврзано со хармонизацијата со ЕУ) и
- "Улогата на националните парламенти во пристапниот процес".

***<u>Во рамки на проектот на Вестминстер фондацијата за демократија:</u>***

- Работилница за подготвување на водич за пратениците во Собранието на РМ, Маврово;
- Работилница за проценка на влијанијата на регулативата, Скопје и
- Регионална работилница на парламентарните комисии за економија и финансии на земјите од Западен Балкан на тема: "Политика на конкурентност на земјите од Западен Балкан", Бечиќи, Црна Гора.

***<u>Во рамките на TAIEX програмата:</u>***

- Студиска посета на тема: "Формирање на ЕУ информативен центар", Парламент на Кралството Данска, Копенхаген и

- Работилница на тема: "Зајакнување на капацитетите на парламентите на земјите кандидати во однос на прашањата на ЕУ и процесот на хармонизација", Анкара, Турција.

***<u>Во организација на Европскиот парламент:</u>***

- Студиска посета во Братислава на тема: "Евроинтегративните искуства на Националниот совет на Република Словачка";
- Семинар на тема: "Предизвиците во областа на животната средина и патот напред", Сараево;
- Семинар на тема: "Предизвиците во областа на животната средина и патот напред", Брисел;
- Студиска посета на Европскиот парламент;
- Семинар на тема "Енергетската политика на ЕУ и нејзиното влијание врз земјите во претпристапен процес", Брисел, Кралството Белгија;
- Стажирање во Европскиот парламент во рамките на Програмата за стажирање на службеници од парламентите на земјите од Западен Балкан и Република Турција, Брисел и Стразбург;
- "Здравјето и заштитата на потрошувачите",Брисел, Кралството Белгија и
- "Економската криза и влијанието на политиките на Европската унија врз земјите во процесот на проширување", Брисел, Кралството Белгија.

***<u>Во организација на ИПА Центарот за обуки при Секретаријатот за европски прашања:</u>***

- "Подготовка на проекти" (фази од идентификација и разработка на проектна идеја до подготовка на проектно фише/ апликација за грант пред истите да се поднесат за финансирање);
- "Политики и програмирање на регионалниот развој";
- "Програмирање за човечки ресурси";
- "Обука на почетно ниво на тема: Вовед во политиките на ЕУ и ИПА";
- "Напредна обука на тема: „Ревизија";
- "Следење и евалуација на ИПА проекти";
- "Вовед во политиките на ЕУ и ИПА" и
- "Управување со проектен циклус".

***<u>Европскиот центар за парламентарни истражувања и документација -ЕЦПРД Семинари:</u>***

- "Парламентите на НЕТ-мобилност, транспарентност и отворени парламенти-најдобри практики на веб-страниците на парламентите", Мадрид, Кралството Шпанија;
- "Европската економска и финансиска криза и улогата на парламентите", Рим, Италија;

- "Употребата на информациите и работата на парламентарните библиотеки", Копенхаген, Кралството Данска;
- "Градба, реконструкција и одржување на парламентарните згради, изгледот и дизајнот на парламентарните згради", Хаг, Кралството Холандија;
- "Парламентарната контрола на владата во законодавниот процес", Берлин, СР Германија;
- "Улогата на отворените информации и парламентарните веб страници", Будимпешта, Унгарија;
- "Процедури и практики за дебатирање и одобрување на долгорочни национални стратегии на парламентите",Талин, Естонија;
- "Парламентарни библиотеки и архиви и нивната улога во зачувувањето и заштитата на историското и културното наследство на нивните земји", Париз, Франција;
- "Нови фискални рамки", Виена, Австрија;
- "Сподели искуства и решенија за парламент заснован на ИКТ", Баку;
- "Модерните технологии за поддршка на парламентарните активности-традиции и предизвици", Санкт Петерсбург, Руска Федерација и
- Годишна конференција на ЕЦПРД кореспонденти, Варшава, Полска.

***Во организација на Националната школа за администрација (ЕНА) во Париз, Франција беа реализирани повеќе кратки стажови:***

- "Организирање на парламентарно работење";
- "Улогата на парламентите наспроти државите при одлучувањето на заедницата;
- "Борба против корупцијата";
- "Комуникација и дипломатија", 2012 и 2013 година и
- "Организација на парламентарно работење",

